**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**

**Филозофски факултет**

***Институт за безбедност, обрана и мир***

**Втор циклус на студии**

Оддел **Одбрана**

# ВЛИЈАНИЕТО НА ГЕО-ПОЛИТИЧКАТА, ОПШТЕСТВЕНАТА И БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА ВО АВГАНИСТАН ВРЗ (НЕ)ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ НА ВОЕНАТА ИНТЕРВЕНИЦИЈА И ВОЈНАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

*(Магистерски труд)*

Ментор

**Проф.д-р Митко Котовчевски**

Кандидат:

**Панче Стефановски**

Број на индекс: 4018/10

**Скопје, април 2013 година**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 5

1. Формулирање на проблемот на истражувањето 6

2. Операционализација на проблемот на истражување 6

3. Цели и задачи на истражувањето 8

4. Хипотетичка рамка 9

5. Метод на истражување 11

6. Просторно и временско определување на истражувањето 12

7. Научна и општествена оправданост на истражувањето 13

**ПРВ ДЕЛ** 14

ВОЕНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ВОЈНАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ ВО АВГАНИСТАН 14

1. Поим и дефинирање на воена интервенција и Глобална војна против теророт – Global War on Teror 15

2. Цели на воената интервенција на меѓународната заедница предводена од САД и НАТО во 2001 година во Авганистан 19

2.1. Одговор на САД на нападите на 11 септември 2001 и отпочнување на Операцијата траен мир (Operation Enduring Freedom) 19

2.2. Преглед на Бонската конференција од 2001 и апликативноста за иднината на Авганистан 23

2.3. Капиталистичко глобалистичка теорија за вистинските цели на САД во Авганистан и регионот 25

3. Стратегија на меѓународната заедница за постигнување на крајната цел (2009 – 2014) 26

3.1. Цели и мерила за успех на стратегија на меѓународната заедница за постигнување на крајната цел (2009 – 2014) 28

3.2. Втората меѓународна конференција во Бон за иднината на Авганистан по 2014 30

3.3. Заклучоците од Самитот на НАТО во Чикаго 32

**ВТОР ДЕЛ** 34

ГЕО–ПОЛИТИЧКА, ГЕО-СТРАТЕГИСКА, ОПШТЕСТВЕНА И БЕЗБЕДНОСНА СОСТОЈБА НА АВГАНИСТАН 34

**I. Гео–стратегиска и гео-политичка поставеност на Авганистан** 34

| | | |
|---|---|---|
| | 1. Општи поими за геополитика и геостратегија | 34 |
| | 2. Геостратегиска поставеност на Авганистан во рамките на регионалните комплекси | 35 |
| | 3. Гео-политички комплекс - Новата „голема игра" (Great Game) помеѓу светските сили | 39 |
| **II.** | **Општествена состојба на Авганистан** | **50** |
| | 1. Авганистан – земја, народ, култура и религија | 50 |
| | 1.1. Етничка и племенска поделеност | 50 |
| | 1.2. Религија | 53 |
| | 2. Општествено уредување и политичка состојба во Авганистан по 11 септември 2001 | 54 |
| | 2.1. Владеење и политика | 54 |
| | 2.2. Образование и писменост | 57 |
| | 2.3. Здравство | 58 |
| | 2.4. Социјален аспект | 58 |
| | 3. Историја на Авганистан – историја на воени конфликти | 59 |
| | 3.1. Пред исламски период | 59 |
| | 3.2. Големата игра (the Great Game) | 60 |
| | 3.3. Целосна независност | 61 |
| | 3.4. Република Авганистан и крајот на монархијата | 61 |
| | 3.5. Советска окупација | 63 |
| | 3.6. Граѓанската војна и Талибанците | 64 |
| | 3.7. Понова историја (2001–...) | 66 |
| | 4. Напредок во Авганистан во изминатата декада во однос на економско-социјалниот развој и владеење и почитување на човековите права | 67 |
| | 4.1. Реконструкција и развој | 67 |
| | 4.2. Економски раст и развој | 68 |
| | 4.3. Владеење | 69 |
| | 4.4. Владеење на правото | 70 |
| **III** | **Безбедносна состојба во Авганистан** | **72** |
| | 1. Политиката на САД пред/по нападите на 11 септември 2001 | 72 |
| | 2. Развој на безбедносната ситуација (2001 - ...) | 73 |

3. Ангажманот на Меѓународните безбедносни сили за обезбедување на Авганистан - Против бунтовнички операции (Counter Insurgency Operations- COIN) 79

4. Состојба со бунтовниците и Против бунтовничките операции (2011-2012) 82

5. Функционалност на Авганистанските национални безбедносни сили АНБС и подготвеност за превземање на одговорностите 86

5.1. Авганистанска национална армија (АНА) 88

5.2. Авганистанска национална полиција (АНП) 89

6. Бунтовници (Insurgents) 91

6.1. Талибанци (Queda Shura Taliban) 92

6.2. Ал Каеда (Al Qaeda) 95

6.3. Лордови на војната (Warlords) 100

6.4. Мрежата Хакани (Haqani Network) 103

7. Финансирање на бунтовниците (одгледување, производство и трговија со опојни droги) 107

**ТРЕТ ДЕЛ** **110**

ДОПОЛНИТЕЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА КОМПЛЕКСОТ НАРЕЧЕН АВГАНИСТАН 110

1. Погрешен „In box" пристап и агресивен настап без почитување на научените лекции 110

2. Неподготвеност на модерните конвенционални армии за војување на војни од Четврта генерација 112

3. Недоследности во однос на формално правна оправданост на војната во Авганистан 117

**ЗАКЛУЧОК** **121**

**ЛИТЕРАТУРА** **127**

## ВОВЕД

Интересот за истражување на влијанието и ефектите на гео-политичката, општествената и безбедносната состојба во Авганистан врз (не)остварување на целите на воената интервениција и војната против тероризмот произлегува од сомнежот за ефикасноста на стратегискиот план и капацитетите на меѓународната заедница за надминување на кризните состојби кои имаат глобален ефект.

Способноста да се насочува кризната ситуација и да се направи добра и внимателно одмерена одлука е од витално значење за постигнување на успех во критичните детерминирачки моменти. Презентираната анализа на состојбите во Авганистан ќе овозможи преглед на досегашните превземени чекори, неискористените можности и пропусти како и предизвиците со кои се соочува меѓународната заедница да ги зацрта и дефинира идните чекори.

Интервенцијата во Авганистан преставува преседан во поновата историја, досега незабележана форма на интервенција/војна: војна од една држава или повеќе држави (коалиција), насочена примарно кон не-државен актер (al-Qaeda), оперирајќи во границите на една суверена држава (Авганистан) и поддржана од дел од нејзиното население. Декларираните легитимни цели на војната на меѓународната коалиција „Coalition of Willing"[1] беа заробување на Осама Бин Ладен, уништување на Ал Каеда и терористичките кампови кои функционираат на авганистанска територија, отстранување на талибанскиот режим и поставување на „подемократска" власт. За да ја направи оваа интервенција поприфатлива на глобално ниво, причините за воената интервенција не беа ограничени само на борба против тероризмот туку и ветување за ослободување на авганистанското население од талибанскиот режим преку промоција на западната демократија.

Во подготвителните анализи на воената интервенција, утврдени се два критични моменти кои претставуваат предизвици за мисијата на меѓународната заедница да ја постигне својата цел: 1) ограничените ефекти на против-бунтовничката (Counter Insurgency – COIN) стратегија и 2) диспаритетот помеѓу политичките цели, економската одржливост и воената операција. Дополнително, сегашната стратегија загрижува бидејќи временската рамка и несигурната политичка заложба за финансиска поддршка на

[1] Терминот **„Coalition of the Willing"** политичка фраза прв пат употребена во раните 90-ти на минатиот век. Генерално се користи да се опишат учесници (коалиција) во воена интервенција за која Советот за безбедност на ОН не е во можност да донесе едногласна одлука за спроведување на операција во поддршка на мирот под команда на ОН.

Авганистан во услови на марионетска влада предизвикува ефекти на фрустрација и чувство на напуштеност и изолација помеѓу авганистанците.

## 1. Формирање на проблемот на истражувањето

Феноменот на оправданоста на воената интервенција во Авганистан, развојот на настаните и веројатниот исходот од неа е предмет на интерес и проучување на голем број на научни мислители од најразличен научен профил. Секој од нив, во зависност од природата на пројавениот интерес, политичката заднина, етникус и личните побуди настојува да даде свое соодветно согледувања и критики за состојбите во Авганистан. Дали можеше да се направи повеќе?

„Јасната" крајна цел на воената интервенција, гео-политичкиот комплекс, општествените услови и безбедносната состојба како варијабли кои влијаат на исходот и достигнувањето на зацртаната цел се примарен проблем на истражување, анализа и критика од авторот на трудот. Воедно, како неизбежен дел во севкупниот безбедносен комплекс се наметнуваат и дополнителни фактори кои влијаат на исходот на интервенцијата: погрешен „In box" пристап и агресивен настап без почитување на научените лекции, неподготвеноста на конвенционалните армии да водат војни од четвртата генерација и недоследности во однос на формално правна оправданост на војната во Авганистан претставуваат секундарен интерес на анализа и критика.

Овој труд ќе се обиде да дебатира и да даде соодветен одговор: дали воените интервенција ја постигнала(ува) својата цел или единствено, како што е веќе видено по интервенцијата на СССР, интервенцијата ќе ја остави државата уште по нестабилна, разрушена, во граѓанска војна и послаба од било кога.

## 2. Операционализација на проблемот на истражување

Предмет на истражување во овој труд е преку анализа на гео-политичкиот комплекс, општествените состојби и безбедноста во Авганистан со користење на квазидинамички пристап на методот на студија на случај „Case Study" и метод на дедукција со цел да се предвиди веројатноста за успех, односно достигнување на крајната цел на воената интервенција во Авганистан.

Клучни поими кои се користат во текот на истражувањето се: гео-политиката како неизбежен критериум во анализата на модерните конфликти, општество како исклучителна особеност на регионот, безбедноста во најширока смисла на зборот,

природата на воената интервеција и глобалната војна против теророт како нова дефиниција за оправданост на модерните интервенции.

Целината на магистерскиот труд е поделена на три дела

**Прв дел:** Воената интервенција и војната против тероризмот во Авганистан;

**Втор дел:** Гео – политичка, гео-стратегиска, општествена и безбедносна состојба на Авганистан;

**Трет дел:** Дополнителни фактори кои влијаат на комплексот наречен Авганистан;

План за презентирање на материјата

Во **првиот дел** на трудот истражувањето, а со цел правење на соодветен вовед и терминолошко детерминирање на проблемот, најпрвин се дефинирани поимите на воена интервенција и војната против теророт – Global War on terror. Во детали се образложени и презентирани иницијалните цели и стратегијата на воената интервенција на меѓународната заедница предводена од САД и НАТО во 2001 година во Авганистан. Преку анализа на заклучоците од Првата Бонска конференција (2001) и Резолуциите на Советот за безбедност на ОН направен е вовед во настаните кои следат притоа. Во фокусот на овој дел на трудот се дефинирани посебните цели како и мерилата за успех за секоја поединечно. На крај на првиот дел, направен е осврт на продолжетокот на егзодусот на Авганистанскиот народ преку презентирање на состојбите околу Втората Бонска конференција и Самитот на НАТО во Чикаго како одразени во немоќта на меѓународната заедница да превземе вистински и одлучни чекори кон приведување кон крајот на деценискиот конфликт.

**Вториот дел** на трудот, преку различни временски и просторни секвенци од почетокот на воената интервенција прави детална анализа на состојбите во Авганистан од аспект на гео-политички комплекс, општествени услови и безбедносната состојба.

Од гео-политички и гео-стратегиски аспект, истражувањето докажува дека регионалната безбедносна динамика во Централна и Јужна Азија очигледно е под доминација на конфликтот помеѓу двете нуклеарни сили - Индија и Пакистан. Одтаму, се посочува дека за постигнување на целите на воената интервенција неопходен е регионален пристап и интерактивно учество на сите регионални сили без исклучок и потценување.

Од аспект на општествените состојби, истражувањето посочува дека неспособноста да се разбере авганистанската култура резултира со огромни загуби и неуспех во извршување на крајната цел. Анализирајќи ги општествените односи, се идентификува и

посочува слабоста на авганистанската влада да ја контролира целата територија на државата како дополнетелен „товар" на саканиот напредок и предуслов за развој, владеење и правен поредок.

Во предметната студија на случајот, безбедноста како директен одраз на комплексните состојби во регионот завземаат централен дел во истражувањето. Во овој дел на трудот, најпрво се презентирани моменталните состојби и безбедносни предизвици со кои се соочува меѓународната заедница во Авганистан и регионот. Безбедноста состојба во Авганистан се однесува на државата во целост и регионалното опкружување, односно сеопфатна интегрална безбедност, а не ограничена само на чистите воени аспекти.

Како главен фактор и мерило за напредок, покрај капацитетите на коалициските сили, се идентификува трансферот на одговорности од меѓународната коалицијата кон авганистанските власти, процес кој е во директна корелација со ефикасноста на Авганистанските национални безбедносни сили (АНБС) и институции.

Дополнителен товар и причина за сомнеж за постигнување на целите на воената интервенција претставуваат комплексноста на бунтовничките групи како и „неконвенционалноста" на применетите тактики и процедури кои како што и се докажува, еволуираат и се адаптираат многу побрзо отколку капацитетите за одговор на коалицијата.

**Третиот дел** накратко се прави преглед на карактеристиките и пропустите на воената интервенција кои не се опфатени во суштината на трудот но сепак заслужуваат соодветно внимание. На дел од пропустите воените стратези имале влијание но значаен дел од нив зависат исклучиво од волјата на политичарите и јавната поддршка.

Несоодветниот пристап, непримената на научените лекции од минатото и неединство на напорите и неподготвеноста на конвенционалните армии да војуваат војни од 4-тата генерација индиректно ја демонстрираат посветеноста и искреноста во намерите и желбата за успех на меѓународната заедница да стави крај на повеќе деценискoто разурнување на Авганистан.

## 3. Цели и задачи на истражувањето

Целите на ова истражување произлегуваат од самиот предмет на истражување и елаборирањето на истите можат да имаат научна и практична примена.

- Научната цел на ова истражување е утврдување на закономерностите на влијанието на гео-политичкиот комплекс, општеството и безбедносната состојба врз веројатноста од остврарување на зададената цел(и),
- Практичната цел произлегува од научните сознанија што ќе ги добиеме дополнително, за да можеме да утврдиме:
  - дали зададените цели на интервенцијата во Авганистан се реално поставени;
  - дали е потценето гео-политичкото опкружување и културносто наследство на Авганистан и се игнорирани научените лекции од минатото;
  - да се предвидат насоките на развој на состојбите во Авганистан и очекувањата по 2014 година.

Дополнително, ова истражување има и задачи и прашања кои треба да се истражат и одговорат:

- да се отвори дебата околу легалната и моралната оправданост на воената интервенција во Авганистан;
- да се утврди меѓузависноста на одлучноста на меѓународната заедница за истрајување и обезбедување на постојана финансиска поддршка на Авганистан во годините по 2014 со воројатноста на успехот во достигнување на зададените цели;
- да се претпостави дека (не)вклучувањето на Талибаните (Прва Бонска конференција–2001) во креирањето на иднината на Авганистан има директно влијание на безбедносната ситуација и развојот на настаните

## 4. Хипотетичка рамка

Поаѓајќи од предметот на истражување во овој труд, како и од собраните податоци, поставена е следната општа хипотеза:

*Гео-политичката, оштествената и безбедносната состојба во Авганистан имаат суштинско влијание врз (не)остварувањето на целите на воената интервенција и војната против тероризмот. Дополнително, влијание врз веројатноста за успех имаат капацитетите на меѓународната заедница пресликани во погрешниот „In box" пристап, агресивнио настап без почитување на научените лекции, неподготвеноста на конвенционалните армии да водат војни од четвртата генерација и недоследности во однос на формално правна оправданост на војната во Авганистан.*

4.1. Гео-политиката претставува комбинација на географски и политички фактори кои влијаат на една нација или регионот. Одтаму, гео-политичката состојба и опкружување на

Авганистан имаат суштинско влијание врз ефектите на воената интервенција во војната против тероризмот.

За разлика од мноштво држави во светот, Авганистан не може со сигурност да биде вбројан во ниту еден гео-политички комплекс од поширокиот регион (Среден Исток, Јужна Азија, Централна Азија). Историски, Авганистан секојпат бил некаде помеѓу. Безбедносните динамики во соседните региони и држави се толку комплексни и контрадикторни за да биде овозможено Авганистан ефективно и ефикасно да се приклучи на некој регионален форум или безбедносна мрежа.

Тоа што го гледаме денес во Авганистан е класично гео-политичко „бориловиште" помеѓу мноштво државни и недржавни актери кои се борат за влијание и позиционирање во верзијата на т.н. Голема игра во XXI век.

4.2. Општествените услови и особеностите на регионот се фактори кои го детерминираат еден народ, држава и регион во целост. Општеството се дефинира како група на луѓе чии членови се предмет на ист политички авторитет, окупираат заедничка територија и имаат заедничка култура и чувство за идентитет. Познавањето на општествените услови (култура, уредување, религија, традиција, историја) на одреден регион е есенцијално во процесот на донесување на одлука за карактерот на воената интервенција, подготовката на персоналот и предвидувањето на ефектите.

Авганистанското општество не се вклопува во генералната дефиниција за модерна држава и општество (по западни критериуми). Авганистан има централна влада и дефинирани граници, но власта нема контрола на целата територија ниту пак на целото население. Авганистан нема заедничка култура ниту заеднички идентитет. Авганистан е општество базирано на племенски поделби и кланови со мноштво на јазици. Ваквата поставеност наметнува заклучок дека општествените услови битно влијаат врз веројатноста од (не)остварувањето на крајните цели на воената интервенција.

4.3. Веројатноста за постигнување на ефектите на воената интервенција во Авганистан или евентуалниот неуспех се во директна корелација со безбедносната состојба која се отсликува во воспоставениот моментум (иницијатива) на меѓународната коалиција, оспособеноста на авганистанските безбедносни сили и институции, успехот во прогонот на клучните лидери на бунтовниците и реинтеграција и помирување талибанските бунтовници.

Во предметната студија на случајот, безбедноста состојба во Авганистан се однесува на државата во целост и регионалното опкружување, односно сеопфатна интегрална безбедност, а не ограничена само на чистите воени аспекти.

4.4. Капацитетите на меѓународната заедница се пресликани во несоодветен пристап, непочитување на научените лекции од минатото и единство на напорите Доколку меѓународната заедница не успее во своите зацртани цели на воената интервенција и по 2014 не е истрајна и стабилна во обезбедувањето на неопходната финансиска и материјална помош, по 10 или 20 години повторно ќе треба да се врати, но овој пат би било многу по критично отколку што е сега.

## 5. Метод на истражување

За да се реализираат поставените цели на ова истражување потребно е да се применат соодветни методи, техники и инструменти кои ќе ни овозможат собирање, средување, обработка и анализа на собраните податоци, со што ќе дојдеме до нови научни сознанија за истражуваното прашање како и можност за проверка на поставените хипотези.

Методолошкиот пристап кој ќе биде употребен во овој труд се состои од Метод за истражување на оперативни случаи односно, метод „студија на случајот" (Case Study) и метод на дедукција.

### *Метод студија на случајот*

Овој метод на истражување, вклучува прибирање на податоци за причините за воената интервенција и глобалната војна против теророт, развојот на општествената состојба, гео-политичката состојба и безбедносната состојба во Авганистан и анализа на истите како општествени феномени, нивната природа и карактер. Во ова истражување ќе се користи квазидинамички пристап при што ќе се издвојат одредени временски моменти за референтни како би се добила слика за динамиката на процесите и непредокот во одредени сегменти. Како конкретни извори на податоци во оваа истражување се јавуваат печатените текстови (книги, списанија, публикации, весници итн) и аудиовизуелни извори (филм, телевизиски емисии, интернет итн), каде врз основа на квалитативната анализа на содржината на истите, ќе се добие реална слика за (не)остварливоста на целите на воената интервенција од 2001 година во Авганистан.

### *Метод на дедукција*

Овој метод на истражување е особено погодна за предметната тема бидејќи овозможува анализа на постапките на одредени групи врз основа на нивната доктрина. Имено, анализирајќи ги особеностите и својствата на општествените групи (етнички, религиски и т.н) во Авганистан се доаѓа до заклучок и предвидување на постапките на посебните единки во рамките на групата.

**6. Просторно и временско определување на истражувањето**

Анализирајќи го безбедносниот комплекс и гео-стратегиската поставеност на Авганистан се наметнува потребата од детерминирање на просторното истражување во поширок регионален контекст.

Временската анализа во детали ќе опфати два временски поврзани периоди, периодот од завршувањето на Советската инвазија на Авганистан (1987) до 11 септември 2001 година и од 9/11 до денес.

Временската рамка која го опфаќа периодот до 9/11 е од исклучително значење за разбирање на состојбите во Авганистан и регионално кои доведуваат до кулминација со ултимативен терористички акт – напад на Светскиот трговски центар во Њу Јорк. Во таа временска рамка се детектираат три периоди: период на владеење на комунистички режим; хаос, безредие и борба за превласт и подем на Талибанскиот режим кој успева да воведе „ред“ во хаотичната држава. Од особен интерес е периодот на подем на Талибанското движење.

Втората временска рамка која ќе биде опфатена во трудот е периодот по 9/11 до денес. Меѓународни коалициски сили предводени од САД и поддржани од Северната алијанса (Националниот фронт на Авганистан) превземаат масовни операции за симнување на Талибанскиот режим од власт, уништување на Ал Каеда и заробување на нејзиниот идеен водач, Осама Бин Ладен.

Тежиштето на истражувањето ќе биде насочено на клучните временски одредници кои го детерминираат развојот на настаните кои следат дополнително анализирајќи ги примените на научените лекции и приспособувањето на стратегијата за приведување кон крај на воената интервенција. Во оваа временска рамка се детектираат три временски периоди: 1) период до предавањето на командувањето со ISAF (Меѓународни сили за безбедност и асистенција) од страна на САД; 2) период до 2009 година кога се интензивираат Против – бунтовничките операции; 3) период до 2013 година кога е предвидено завршување на третата транша од транзицијата - предавање на 95% од територијата на Авганистан под контрола на Авганистанските безбедносни сили.

**7. Научна и општествена оправданост**

Во рамките на овој проект на еден студиозен и научен пристап трудот се обидува да даде свој придонес во описот на природата и карактерот на војната во Авганистан со посебен осврт на предизвиците со кои се соочува меѓународната заедница во контекст на безбедноста, гео-политичката поставеност и општествени состојби како фактори кои влијаат на успехот на воената интервенција и т.н. „војна против теророт". Дополнително, со дадените примери и можни решенија за одредена состојба, би сакал да ги поттикнам воените стратези и планери, при донесувањето на клучните одлуки да ги имаат во предвид искуствата кои секојпат се на дофат на рака, но многу често се занемарени.

7.1. Научна оправданост

Научното објаснување и анализирање е највисоко ниво на научното сознание. Основна научна оправданост и цел на трудот е да се изврши научна дескрипција на феноменолошките карактеристики на влијанието на гео-политичкиот комплекс, општествените состојби и безбедноста врз веројатноста за успех на одредена воена интервенција. Сознанијата и заклучоците би можеле да се искористат како научени лекции и насоки при идни проценки на веројатностите за успех и донезувањето на вистинска одлука за изведување на воена интервенција и/или ризикот од учество во неа.

7.2. Општествена оправданост

Од општествен аспект, оправданоста со која ќе се потврди научното истражување ќе ја согледаме преку:

- Утврдување дали воената интервенција е ефикасно средство во разрешавување на кризи и кризни состојби дефинирани во рамките на една држава и предизвикани од недржавни актери.

Осознавање во која мерка (не)познавањето на општествените карактеристики на едно подневје и народ како и географско-политичкото опкружување влијае врз донесувањето на вистинска одлука за крајната цел на евентуална воена интервенција, карактерот на воената интервенција и излезната стратегија.

## ПРВ ДЕЛ

## ВОЕНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ВОЈНАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ ВО АВГАНИСТАН

На 23 август 1996, во исламски декрет (fatwa[2]) Осама Бин Ладен објавува војна против САД. Оваа војна, за разлика од сите претходно познати е предводена од лица чија мотивација и цели се целосно базирани на религијата и божествениот пат. На 22 февруари 1998, Бин Ладен ја публикува втората fatwa повикувајќи ги сите муслимани насекаде низ светот да убиваат американци, независно дали се цивили или војници. Според толкувањата на Би Ладен и Ал Каеда (al Qaeda), декрети се само нужен одговор за опстанок бидејќи Америка ја започнала војната против исламот многу одамна пред одговорот на нападите на 11-ти септември 2011.

За возврат, искористувајќи ги терористичките напади над САД на 11-ти септември 2001 година како повод, админстрацијата на САД го вперува прстот кон Авганистан категоризирајќи ја државата во групата на „пропаднати држави (Failed State)“[3] и безбедно засолниште[4] (Safe Haven) за терористи, а Ал Каеда и нејзиниот идеен водач Осама Бин Ладен ги посочува како одговорни за споменатите напади. Конечно, САД објавува т.н. „глобална војна против теророт“ и со поддршка од малкумина коалициони партнери ја лансира Операцијата траен мир (Operation Enduring Freedom – OEF) со тоа започнувајќи ја воената интервенција најпрво во Авганистан и наскоро во Ирак.

Интервенцијата во Авганистан преставува преседан во поновата историја, досега незабележана форма на интервенција/војна: војна од една држава (САД), насочена примарно кон не-државен актер (Ал Каеда), оперирајќи во границите на една суверена држава и поддржана од дел од нејзиното население. Декларираните (легитимни) цели на војната на САД беа заробување на Осама Бин Ладен, уништување на Ал Каеда и терористичките кампови кои функционираат на авганистанска територија, отстранување на талибанскиот режим кој ја поддржува Ал Каеда и поставување на „подемократска“ власт. За да ја направи оваа интервенција поприфатлива на глобално ниво, причините за

---

[2] Фатва (fatwā) или на Арабски ( فتوى ) во исламската вера е законодавнен текст во врска со исламските закони публикуван од страна на исламски учени лица. Во Сунитскиот ислам фатвата не е обврзувачка додека во Шиитскиот ислам од некои се смета за обврзувачка. Лицето кое публикува Фатва се нарекува *муфтија*.

[3] Пропадната држава е држава која не е способна да одржува основни услови и одговорности на суверена држава. (The Found for Peace) http://www.fundforpeace.org;

[4] Safe Haven – безбедно засолниште

инвазијата не беа ограничени само на борба против терористите туку и ветување за ослободување на авганистанското население од талибанскиот режим преку промоција на западната демократија.

Задржувајќи го во меѓувреме фокусот кон Ирак, конкретни Против бунтовнички операции (Counterinsurgency – COIN) на САД/НАТО во Авганистан, насочени против Талибанците и Ал Каеда започнуваат дури во 2009 година паралелно со зголемување на редовните воени трупи на речиси 150.000 лица. Оваа офанзива, во годините што следат успева да постигне видливи резултати но истовремено се покажува како исклучително скапа и неодржлива, односно со ограничен карактер. Сојузниците, притиснати од економската криза значително ги намалуваат донациите и декларираат предвремено (без да се создадат соодветни услови за тоа) повлекување на своите трупи од Авганистан и предавање на одговорностите на Авганистанските национални безбедносни сили (АНБС).

Десет години по започнувањето на борбените дејствија, на Втората Бонска конференција (05.12.2011) меѓународната заедница под сенка на неприсуството на Пакистан и повторно формално не-инволвирање на Талибанците, декларира низа заложби кои не ветуваат сигурна иднина и стабилна политика кон Авганистан и регионот во целост.

## **1. Поим и дефинирање на воена интервенција и војна против теророт – Global War on Terror;**

Според проф.д-р Митко Котовчевски, интервенција, во поширока смисла претставува: *„...мешање на една или група држави, односно меѓународната организација во работите на друга држава, за да се постигне одредена цел, нарушување на суверенитетот, одредување на политиката, отстранување на причините за нарушување на правата, спроведување на реформи итн.). Ако интервенцијата е придружена со закана или со употреба на воена сила ... тогаш тоа претставува воена интервенција"*.[5]

Интервенциите како облик на агресивна примена на воената сила во послевоените меѓународни односи претставуваат многу честа појава во функција на остварување на целите на политиката од позиција на сила. Воените интервенции, со различен интензитет, во континуитет се јавуваат и манифестираат во периодот после Втората Светска Војна. Оваа форма на агресивна употреба на војската во најголем број случаи ја користат големите сили (САД, Русија, Обединетото Кралство, Франција итн.) секојпат кога ќе

[5] Проф. д-р Митко Котовчевски, Етиологија на вооружените конфликти, Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" Скопје, 2007, страна 79 – 91.

проценат дека со ваков акт можат да постигнат одредена политичка цел или поретко, кога се загрозени нивните витални интереси.

Воената интервенција била користена и сеуште се користи да се постигнат државни или гео-политички цели за заштита и/или проширување на својата територија, популација или други критични ресурси. Бројот на воени интервенции со цел на разрешување на конфликти и/или справување со последици на хуманитарна катастрофа расте драматично во 90-тите години на минатиот век. Во оваа група се вклучени и интервенциите на војската на традиционално неконвенционален начин (како доставата на хуманитарна помош при природни катастрофи).

Воената интервенција истовремено е значајна но и контраверзна по својата природа. Несомнено е дека воената интервенција во одделни делови од светот (Сомалија) одиграла значајна улога во градењето на мирот (peace-building) во 90-тите, но исто така, несомнено е дека неуспехот да се интервенира ефикасно (Руанда, Чеченија и др.) довеле до влошување на и онака неподносливата ситуација. Имајќи го во предвид наведеното, се поставуваат три централни прашања. (1) Зошто воената интервенција се демонстрира во одредени случаи додека во други, не? (2) Што е одлучно дали една интервенција ќе биде успешна или не? (3) Дали воената интервенција може да се трансформира во операција која конечно ќе доведе до стабилен мир?

Едно од највителните прашања кое ја обременува меѓународната јавност и интелектуалците е легитимитетот на воената интервенција. Во ситуации кога воената интервенција е врз основа на Резолуција на Советот за безбедност на Организацијата на обединетите нации, интервенцијата е легитимна. Дали легитимитетот е добиен со соодветен консензус или не, веќе е морално, етичко и секако политичко прашање. Од друга страна, воените интервенции без соодветна Резолуција на Советот за безбедност на Организацијата на обединетите нации создаваат состојба на дисбаланс и сомнеж во авторитетот на Организацијата на обединетите нации. Имено, воените интервенции кои (иницијално) немаат легална основа најчесто се предводени од страна на големите сили (САД – Авганистан и Ирак, Русија – Чеченија).

Во случајот со Авганистан, Советот за безбедност на ОН иницијално не ја авторизира интервенцијата предводена од САД врз Авганистан (оперативно име „Операција трајна слобода" (Operation Enduring Freedom - OEF). Бранителите на легитимноста на инвазијата предводена од САД тврдат дека немало потреба од авторизација од Советот за безбедност на ОН бидејќи интервенцијата била чин на

колективна само-одбрана оправдана во член 51 од повелбата на ОН, односно не се работи за воена агресија. Од друга страна, критичарите тврдат дека не постои оправданост и повод за интервенција ниту легитимна самоодбрана бидејќи нападите на 11 септември 2001 не биле вооружен напад од друга земја туку изведени од група недржавни актери без докажана врска со Авганистан.

На 20 декември, повеќе од два месеци по нападите врз Авганистан предводени од САД, Советот за безбедност на ОН (под притисок на САД и Обединетото Кралство) го авторизира создавањето на Меѓународните сили за безбедност и асистенција[6] (ИСАФ) со цел да се превземат сите неопходни мерки за асистирање на преодната влада на Авганистан и одржување на безбедноста до воспоставување на стабилен режим. На 11 август 2003 година, командата на ИСАФ се пренесени во надлежност на НАТО.

*Глобална војна против теророт (Global War on Terror)*

Со недоверба и шок низ целиот свет беа прифатени првите снимки на терористичките напади над САД на 11-ти септември 2011 кога два патнички авиони буквално се забија и ги срушија кулите близначки на Светскиот трговски центар, а друг воздухоплов го оштети Пентагон. Како реакција на најгрозоморните терористички акти кои светот до ден денес ги нема видено, САД објавува „војна против теророт".

Администрацијата на Буш кратко по 11 септември 2001 ја прифаќа фразата за да го опфати целокупниот спектар на закани со кои се соочува и воените операции кои ќе следат. Девет дена по нападите, претседателот Буш во своето обраќање пред Конгресот вели: „Нашата војна против теророт нема да заврши се додека секоја терористичка група на глобално ниво не е пронајдена, запрена во своите намери и поразена"("Our war on terror will not end until every terrorist group of global reach has been found, stopped and defeated")[7].

Со оваа своја изјава, Претседателот Буш го детерминира тероризмот како форма – сурогат на војната. Во суштина, точната дефиниција на тероризмот не е определена што не значи дека не се проучува и немна обиди за дефинирање на овој феномен на модерното време.

Според толкувањата на западните автори, *„...тероризмот претставува нелегална противзаконска примена на закана за употреба на сила и примена на систематско*

[6] International Security Assistance Force - ISAF

[7] На 20 септември 2011 On September 20, President George W. Bush spoke before a Joint Session of Congress and outlined America's response to the events of September 11. In the speech, televised live around the nation and the world and excerpted here, Bush announced that "Our war on terror begins with al-Qaeda (the terrorist network associated with bin Laden), but it does not end there. It will not end until every terrorist group of global reach has been found, stopped, and defeated."

*насилство, односно извршување на убиства, закани, сеење на страв од страна на поединци, групи или организации насочени против невиното население (или негови делови) сопственоста или владата, со цел да се промени политичкиот крс и да се сотварат нивните политички и социјални цели ...*"[8].

Според The American Heritage Dictionary [9]„... *тероризмот е назаконска употреба или закана за употреба на сила или насилство од лице или организирана група против луѓе или имот со цел да се заплаши општества или влади, честопати заради идеолошки или политички цели.*"

Овие дефиниција индицира дека тероризмот е тактика која се користи за достигнување на крајната цел, а не форма, оносно опиполив непријател. Одтаму, да се декларира војна против тактика е непознато и спротивно на здравата логика.

Од друга страна, Ал Каеда и Бин Ладен ја користат религијата за да започнат друга војна, Света војна (Jihad[10]) против САД. Исламската религиозна идеологија ги мотивира терористичките активности на Ал Каеда и ги обединуваат различните исламски екстремни групи во заедничко верување дека САД е нивниот непријател. Тактиката која ја користат ваквите групи е во голем дел базирана на терористички акти.

Со цел да можат да објават војна на меѓународниот тероризам и меѓународна терористичка организација САД го модифицираат и прошируваат терминот „чин на војна" кој денес опфаќа:

а) објавена војна;

б) вооружен конфликт без разлика дале објавен помеѓу две или повеќе нации;

<u>в) вооружен конфликт помеѓу воени сили од какво и да е потекло.</u>

Во согласност со стратегијата/доктрината, опкружувањето и предизвиците со кои се соочува, САД ги дефинира целите на борбата против тероризмот:

1. уништување на терористите и нивните организации;
2. идентификување и лоцирање на терористички организации;

---

[8] „Современ теротизам" – проф. д-р Митко Котовчевски, Македонска цивилизација, Скопје, 2002 стр. 27
[9] http://www.ahdictionary.com/
[10] **Џихад (Jihad)**: Буквалниот превод на Џихад е борба или напор (труд) зборот има многу пошироко значење отколку нашироко прифатената негативната конотација - **света војна**. Муслиманите го користат зборот џихад да опишат три различни видови на борби: 1) Внатрешната борба на верникот колку што е можно подобро да го живее животот на муслимански начин; 2) борба да се изгради добро муслиманско општество; 3) Света војна: борба за заштита на исламот (на сила ако е потребно).
Многу модерни писатели тврдат дека главното значење на џихадот е внатрешна духовна борба и ова прифатено од повеќето муслимани. Но има и многу други толкувања на Џихадот како војна против грешните/неверниците.

3. спречување на ширење на тероризмот;
4. спречување на терористичките организации да регрутираат нови членови;
5. воспоставување на меѓународни стандарди за дефинирање на тероризмот;
6. идентификување и начин на спротивставување на тероризмот;
7. соработка со земји кои ја поддржуваат борбата против тероризмот и сакаат да дадат свој придонес;
8. помош на слабите држави;
9. спречување на медиумската кампања и пропаганда на терористичките организации;
10. спречување на создавање на нови терористички организации;
11. спречување на поддршката на терористите;
12. елиминирање на сите терористи;
13. спречување на терористички напади;
14. да се победи во војната на идеалите;
15. да се заштитат сите граѓани во САД и надвор од територијата;
16. да се користи национална стратегија за одржување на безбедноста;
17. да се биде подготвен за справување со последиците од терористички напади;
18. детерминирање на можноста од нови терористички напади/цели;

За да се соочи со предизвиците, во националната стратегија за борба против тероризмот 2006 САД дефинира две специфични макро – стратегиски цели. Првата цел е на краток рок да се уништи поголемиот дел од мрежата на Ал Каеда. Всушност САД и коалициските партнери се многу успешни во неутрализирање на лица и ќелии на Ал Каеда. Но за жал, Ал Каеда е налик на Хидрата од грчката митологија, за секој член отстранет од мрежата, два нови члена се мултиплицираат. Втората и долгорочна цел на САД е да создаде глобална свест негостпљубива за насилните екстремисти и за сите кои ги поддржуваат. Начинот кој е замислен за постигнување на оваа цел е градење на демократски институции во исламските земји. Овие „просветлени" влади би обезбедикле иднина на милиони муслимани кои сега не се согласуваат и ја поддржуваат тактиката на насилниците и кои секако посакуваат подобра иднина за себе и своите фамилии.

## 2. Целите на воената интервенција на меѓународната заедница предводена од САД и НАТО во Авганистан (2001 – 2009);

### 2.1. Одговор на САД на нападите на 11 септември 2001 и отпочнување на Операцијата Траен мир (Operation Enduring Freedom)

Наспроти општо прифатеното толкување на карактерот на војната: *организирана употеба на насилство за да се постигне определена политичка цел,* како одминува времето, карактот на војната во Авганистан се менува драматично и без претходна „најава". Карактерот на воената интервенција во Авганистан, започнувајќи од 2001 година, еволуира од насилна борба против Ал Каеда и Талибанците до комплексна мулти димензионална Против бунтовничка борба (COIN). Непосредно по нападите на 11 септември 2001, САД лансира операција т.н. Операција траен мир (Operation Enduring Freedom-OEF) со јасна цел да се оневозможи режимот на Талибанците да обезбедува закрила на Ал Каеда и да се оневозможи Ал Каеда да ја користи територијата на Авганистан како база за изведување на операции и терористички активности. Во таа прва почетна фаза, коалициските сили, заедно со авганистанските опозициски сили брзо го отстрануваат Талибанскиот режим.

За да се избегне политичкиот вакум, во декември 2001 година во Бон, Германија, Обединетите нации организираат меѓународна конференција – т.н. Прва Бонска конференција. Како производ од Првата Бонска конференција е Бонскиот договор кој овозможува креирање на преодна Авганистанска влада. Во декември 2001 година, Обединетите нации (ООН) авторизираат меѓународни сили – Меѓународните сили за безбедност и асистенција (ИСАФ) со мандат, да им помогнат на авганистанците да одржуваат безбедност во Кабул и обиколните области. Иницијално, Обединетото Кралство се јавува како водечка нација на ИСАФ.

По падот на Талибанците, карактерот на војната и стратегијата на OEF и подоцна на ИСАФ се фокусира на ослабување и дифузија на бунтовничките сили, обезбедување на безбедност, владеење и економски развој со акцент на зајакнување на Авганистанската влада и нејзиното влијание на што поголема територија и популација надвор од Кабул. Во против-бунтовничката стратегија, воените напори на меѓународната коалиција и Авганистанските национални безбедносни сили (АНБС) се насочени кон уништување на преостанатите талибански бунтовници, обезбедување на населението и овозможување на постојано присуство и влијание на авганистанските авторитети. Прирачникот на Маринскиот корпус на војската на САД нотира: *„Воените мерки и активности се неопходни во справување со бунтовниците, но тие се ефективни само кога се интегрирани во сеопфатна стратегија која ги користи сите инструменти на националната моќ"*[11].

[11] The U.S. Army/Marine Corps Counterinsurgency Field Manual - The United States Army and Marine Corps

Во првите години на воената интервенција во Авганистан (2001-2008), целокупното внимание на воениот врв на САД е насочен кон активностите и предизвиците во Ирак. Концептот на операции бил целосно базиран на визијата за одбрана дефинирана од тогашниот секретар за одбрана на САД, г-дин Доналд Рамсфелд која посочува дека е употребата и зависноста од висока технологија може да го надополни недостатокот на конвенционални сили на терен. Оваа теорија е можеби точна доколку се работи за конвенционален конфликт. Воените операции на терен беа претходно подготвувани од Централната разузнавачка агенција (CIA) и опозициските сили на терен. Иницијалните операции во целост беа изведувани од Сили за специјална намена (SOF) и потпомогнати од воздушна поддршка.

Дури во 2008 година, кон крајот на администрацијата на Буш Помладиот, претседателот Буш најавува дека САД ќе испрати дополнителни сили (околу 3500) кои заедно со дополнителните трупи од НАТО би биле наменети во наредниот период да изведат „тивка офанзива" за обезбедување на мир и безбедност за авганистанскиот народ како и регрутирање, опремување и обучување на нови Авганистански безбедноси сили. Дополнителни цивилни агенции и персонал ќе биде упатен за да работи на подобрување на развојните проекти и целокупниот развој на општеството. САД ќе помогне на Пакистан во справување со талибанските борци кои се кријат во пограничните области.

За разлика од Буш, претседателот Обама и неговат администрација, јасно ја искажуваат својата интенција за давање повеќе значење и внимание на војната во Авганистан. Во првит денови на своето владеење, а врз основа на претхдно барање од командантите на ИСАФ, Обама одобрува упатување на нови 17.000 трупи во Авганистан. Во март 2009 година, Обама ја промовира ревидираната политика и „сеопфатна стратегија" кон Авганистан и Пакистан нотирајќи дека во процесот на креирање биле вклучени и консултирани владите на Авганистан и Пакистан. Ова е прв официјален документ кој се однесува на проблемот регионално (Авганистан – Пакистан). Во своето годишно обраќање во 2009 година,Обама истакнува дека основната цел на САД (во Авганистан) е да се „разори, растури и победи Ал Каеда во Пакистан и Авганистан и во иднина да се спречи нивното враќање ".

Клучните правци на актвностите во постигување на целта предвидени во новата политка и стратегија на администрацијата на Обама се: (1) поништување на постигнувањата на Талибанците; (2) промоција на поспособна и доверлива авганистанска влада; (3) бројно зголемување и обука на Авганистанските национални безбедносни сили

(АНБС); (4) управање на цивилни експерт за да го поддржат економскиот развој и (5) владеењето и поддршка на процесот на помирување.

Во јуни 2009 година, САД поставува нов командант на ИСАФ кој воедно ќе биде и командант на силите на САД во Авганистан, што не беше случај дотогаш. Генералот Стенли МекКристал добива задача на направи Иницијална проценка за можност за успех на мисијата. Во обидот да ја наоправи проценката сеопфатна, МекКристал ангажира и надворешни експерти. Во финалниот текст, Мек Кристал ја оценува ситуацијата за сериозна и доколку не се превземе иницијатвата од бунтовниците во наредните 12 месеци „... се ризикува состојба кога нема да биде можна победа над бунтовниците". Во насока на постигнување на целта, МекКристал повикува на соодветно обезбедена/снабдена сеопфатна Против бунтовничка кампања (campaign) промовирајќи неколку покрупни иновации во военото размислување. Прво, МекКристал ги приоритизира паралелно за изградба на стабилна влада напоредно со равојот на безбедносната состојба; второ, бара зголемување на крајната бројна состојба на Авганистанските безбедносни сили (АНБС) до речиси 400.000 со активно партнерство со ИСАФ на сите нивоа; трето, регионална приоритизација и четврто, промена на оперативната култура на ИСАФ во две области – поблиска интеракција со населението и внатрешно (ИСАФ) подобрување на единството на напорите.

Врз основа на Иницијалната проценка и класифицирани препорки, администрацијат на Обама промовира нова стратегија. Во својот говор во Вест Поинт во декември 2009 година, Обама напоменува дека САД останува на своите основни принципи и цели: „да се разори, растури и победи Ал Каеда во Пакистан и Авганистан и да се спречи со своите капацитети да и се заканува на САД и на нејзините сојуници". На истиот говор, Обама најавува упатување на дополнителни 30.000 трупи со надеж дека и преостанатите сојузници ќе го сторат истото. За прв пат во историјатана војување, Обама дефинира и временска рамка кога овие дополнителни трупи ќе започнат да се враќаат во татковината, од една страна најавувајќи одлучна офанзива во наредниот период, а од друга страна најавувајќи ја динамиката за повлекување на силите од Авганистан по одредена динамика за транзиција на одговорностите. Во тој дух, на Самитот на НАТО во Лисабон, се потврдува крајната цел и начелната динамика: „целосна транзиција на одговорностите кон авганистанските авторитети која ќе започне во 2011, а ќе заврши во 2014".

## 2.2. Преглед на Бонската конференција од 2001 и апликативноста за иднината на Авганистан

Пред единаесет години во Бон, Германија, пратеникот на Обединетите нации за Авганистан, амбасадор Лакхдар Брахими (Lakhdar Brahimi) и пратеникот на САД за авганистанската опозиција, амбасадорот Џејмс Добинс (James Dobbins) здружија разнолична група на меѓународни дипломати и воени претставници постигнувајќи конзсензус кој ќе ги трасира политичките насоки за Авганистан во наредната декада. Процесот кој го создаде Бонскиот договор од 2001 (или Бон 1) ја отсликува политиката на САД и ОН како резултат на ефективна употреба на воена и дипломатска надмоќ. Овој договор имаше за цел да во наредните 6 месеци воспостави преодна влада под водство на Хамид Карзаи[12] која ќе раководи со Авганистан се додека не се воспостави транзициона влада. Транзиционата влада имала за цел во наредните 2 години да создаде услови за слободни и фер избори и да донесе нов устав. Договорот (Бон 1) предвидува и меѓународна асистенција во форма на упатување на сили под мандат на Советот за безбедност на ОН, најпрво во Кабул а потоа и во „други урбани средини доколку тоа е потребно", да врши обука на Авганистанските беезбедносни сили и да ја поддржи обновата и подобрувањето на инфраструктурата.

Најдоброто на кое што сите се надевале како изход од Бонската конференција од 2001 е договор кој би ја структуирал транзицијата, поделбата на моќ и компромисот кој понатаму би еволуирал од комплетен политички вакум до релативно мирна и стабилна влада. Но, од оваа временска дистанца постојат многу причини поради кои Првата Бонска конференција се смета за делумен неуспех.

Една општо прифатена критика и став во однос на конференцијата во Бон во 2001 е дека Талибанците требале да бидат дел од преговорите. Доколку интересите на Талибанците биле земени во предвид, жртвите и моменталната ситуација со која се соочува меѓународната заедница во моментов можеше да бидат избегнати или во барем минимализирани.

[12] Хамид Карзаи (**Hamid Karzai**), (Пашту: ىزرک دماح, *Hāmid Karzay*, роден на 24 декомври 1957 година) е дванаесетиот по ред и сегашен претседател на Авганистан. Должноста официјално ја превзема на 7 декември 2004 година. Станува доминантна политичка фигура по падот на Талибанците во 2001 година. За време на Меѓународната конференција за Авганистан (Бон, Германија 2001), Карзаи е посочен како значајна политичка фигура во Авганистан и избран да ја извршува должноста Претседавал на преодната администрација во наредните 6 месеци.
Подоцна за време на големот собрание на лоја рига (loya jirga) одржано во Кабул во 2002 година избран е за преоден претседател (2 години). По председателските избори во 2004 го започнува својот прв мандат на Претседател на Исламската Република Авганистан. Победува и на следните (2009) избори кои се проследени со многу неправилности и обвинувања од опозицијата.

Отсуството на Талибанците, амбасадорот Брахими го оправдува со тогашната состојба, односно со фактот дека Талибанците биле поразени, расположението по 11-ти септември и фактот дека останатите авганистански фракции тоа нема да го дозволеле. Јасната цел на САД во тоа време била целосно отстранување на Талибанците од Авганистан со што би се олеснил прогонот и уништувањето на Ал Каеда. Како дополнување, ова не било само цел туку и лично убедување на тогашниот претседател, Џорџ Буш Помладиот. По 11-ти септември, преговорите би се сметале за акт на предавство и разрешување на грозоморни терористички постапки со политички средства. Одтаму, американскиот народ никогаш нема да прифател директни преговори со „спонзорите“ на Ал Каеда.

Следна критика на Бонската конференција од 2001 е дека воопшто не биле земени предвид локалните/регионалните моќници (Лордови на војната -Warlords). Во периодот на Бонската конференција од 2001, моќниците кои ја предводеле Северната алијанса контролирале речиси 75% од вкупната територија на Авганистан. Очекувањата дека Бонската конференција ќе ги отстрани моќниците и нивните милиции од политичката сцена, а притоа игнорирајќи ја авганистанската култура и традиција на поделба на моќта, останаа и до ден денес нереалистични.

Многу работи се променети во Авганистан во изминативе десет години. Владата која беше формирана врз основа на Бонскиот договор се бори со корупција и неспособност. Целта која е поставена на првиот ден од Бонската конференција во 2001 сеуште е актуелна:

*... „да се попречи, растури и победи Ал Каеда и во иднина да се спречат заканите кон САД и нејзините сојузници. Не смее да се дозволи Ал Каеда да ги одржува своите засолништа, заштитена од Талибанците и да продолжи да прави заговори за напади кои би ги дестабилизирале нациите. Од Тигрис до Индус, регионот нема да го достигне својот целосен потенцијал се додека не е целосно слободна од Ал Каеда и нејзиното религиозно толкување и ширење на омраза. Тоа е аспирација која треба да ги обедини сите нации. Во потрага по оваа цел следиме стратегија со три напоредни патеки: воена офанзива против терористите на Ал Каеда и талибанските бунтовници, цивилна кампања која треба да го подобри владеењето, економијата и цивилното општество и*

*интензивно дипломатско делување кое треба да го приведе кон крај конфликтот и ја дефинира новата и безбедна иднина за регионот...*".[13]

Изнесената порака со јасна нагласеност на безбедносниот и воениот сегмент воспоставува услови за политички напредок отсликан во четири сегменти. Прво, за бунтовниците демонстрира дека воено решение ќе продолжи да изнудува високи загуби. Иако бунтовниците можеби ќе покажат иницијатива во одредени региони, јасно е дека не се во состојба да ја повратат контролата на поголемиот дел од земјата како во 90-тите. Второ, воените операции продолжуваат да обезбедуваат доволен простор за траен ефект на авганистанските политички реформи. Трето, активностите ги одвојуваат идеолошко тврдокорните бунтовници од тие со желба за помирување, интеграција и потрага по политичко решение. Четврто, јасен сигнал кон соседните земји – Пакистан, Индија и Иран дека нема да имаат можност за пополнување на настанатиот вакум по извлекување на сојузничките сили во потрага по свои интереси на штета на Авганистан.

### 2.3. Капиталистичко глобалистичка теорија за вистинските цели на САД во Авганистан и регионот

Тврдејќи дека се борат против тероризмот, Вашингтон има значајна но помалу транспарентна причина за присуство во Авганистан. Централно азискиот регион е богат со резерви на нафта и земјен гас. Деценија пред 11 септември 2001, на 18 март 1991 магазинот Тајм (Time Magazine) известува дека политичката елита во САД размислува за воено присуство во Централна Азија.

Откривањето на значителни резерви на нафта и земјен гас во Казахстан и Туркменистан предизвикува внимание. Истовремено со растурањето на СССР се поместуваат бариерите за спроведување на империјалистички политики на овој дел на светот. Нафтените компании од САД обезбедуваат права на 75% од овие нови резерви. Но најголемиот проблем претставува, како да се транспортира нафтата и земјениот гас од територии кои немаат излез на море.

Официјалните лица во САД се противат да се користат нафтоводите во Русија и директната линија преку Иран и Персискиот залив. Во вакви услови, нафтените компании се обидуваат да изнајдат алтернативни решенија.

Нафтената компанија УНОКАЛ (UNOCAL) започнува со интензивни преговори со Талибанците кои останува без завршница се до 1998 кога аргентинска компанија

[13] Hillary Clinton, "Remarks at the Launch of the Asia Society's Series of Richard C. Holbrooke Memorial Addresses," New York, 18 февруари 2011,

понудува конкурентна понуда за изградба на нафтоводот. Војната против Талибанците отвора нови можности и надежи.

Инересно е да се напомене дека ниту администрацијата на Буш ниту на Клинтон не го ставија Авганистан на официјалната листа на Стејт Департментот на земји кои го спонзорираат тероризмот, постапка која ќе оневозможеше пробив на нафтени компании од САД во Авганистан и склучување на договор со Кабул за изградба на цевковод за гас и нафта од Централна Азија.

Во суштина, многу пред нападите на 11 септември 2001, САД била подготвена да тргне против талибанската влада и да создаде прифатлив режим во Кабул и директно воено присуство во Централна Азија. Нападите на 11 септември 2001 обезбедиле идеално оправдување за воена интервенција поддржана од јавноста во САД и сојузниците.

Можеме да се согласиме дека доколку Вашингтон ја поддржеше марксистичката влада во 1979, нема да се создадеше армија на муџахедини, неме да имаше Советска интервенција, нема да имаше 20 години судири кои го уништија Авганистан, ниту Осама бин Ладен, ниту трагедијата на 11 септември 2001. Но би било премногу да се бара Вашингтон да подржи прогресивна лево ориентирана влада која се обидуваше да внесе социјални реформи наспроти капиталистичките приватни акумулации.

Интервенцијата на САД и меѓународната коалиција се покажа нималку поразлична од интервенциите во Камбоџа, Ангола, Мозамбик, Етиопија, Никарагва, Гранада, Панама и др. Ја има истата намера, да спречи социјални промени за еднаквост и симнување од власт на реформистичка влада. Во секој поглед, интервенцијата дозволи да излезат на површина ретроградни елеманти, уништувајќи ја и онака слабата економија и одземајќи мноштво невини животи и судбини.

Војната против Авганистан, осакатена сиромашна држава, продолжува да се портретира како галантна крстоносна војна против теророт, ако некојпат воопшто било тоа. Од друга страна, целта на војната е да се симне од власт левичарска власт, да се стекне со контрола над недопрени резерви на фосилни горива, востановување на воени бази и присуство на САД во регионот.

## 3. Стратегија на меѓународната заедница за постигнување на крајната цел (2009 – 2014);

Администрацијата на Обама наспроти администрацијата на Буш Помладиот посветува поголемо внимание во однос на владата во Кабул и дефинитивно е одлучна оваа

„авантура" да не се развлече во бесконечност. По назначувањето во јули 2009 година, Генералот МекКристал превзема одлучна воена и политичка офанзива јасно искажувајќи ги своите ставови и потреби кои би довеле до крајната цел – значително зголемување на силите на терен (дополнителни 40.000 сили на САД и сојузниците) и јасна промена на стратегијата и тактиката на против бунтовничките операции:

1. Целта на коалицијата треба да биде заштита на популацијата наспроти фокусирање на наоѓање и борба со Талибанците. Индикатори за успех треба да се: слобода на движење, учество на локалните собири и нормален живот. Мерила кои треба да се побитни од бројот на неутрализирани бунтовници.
2. Мисијата треба да биде соодветно „опслужена" со неопходните ресурси, човечки и материјални. Сеофатната Против бунтовничка (COIN) стратегија има за цел да во наредните 12-18 месеци ја превземе иницијативата од бутовниците, во таа насока потребни се дополнителни 40.000 трупи (иницијално 54.000 – одобрени 33.000), во спротивно, постојат индикации за можна пропаст.

Зголемувањето на силите се оправдува со намерата да се возврати иницијативата на Талибанците како и постигнување на плодна почва за отпочнување на транзицијата (јули 2011) и почеток на намалување на трупите на терен. Од друга страна, во администрацијата на Обама има и такви заговорници кои се на став дека зголемувањето на трупите на терен можат да предизвикаат чувство кај авганистанскиот народ дека се сведоци/жртви на окупација. На 23 јуни 2010 година, генералот МекКристал е сменет. На негово место, како командант на ИСАФ и сите сили на САД во Операцијата траен мир (OEF) поставен е генерал Дејвид Петреус (подоцна директор на Централната Разузнавачка Агенција – CIA).

Акцијата која се спроведуваше во период од 2009 до јули 2011 година е наречена "the Surge" (Наплив - слободен превод). Резултатите постигнати од операцијата се видливи.

Непосредно пред операцијата „Наплив" владата на Карзаи имала контрола над 30% од територијата на Авганистан додека истовремено бунтовниците контролирале 4% а имале влијанија или оперирале во уште 30%. Племиња и локални групи кои помалку или повеќе биле лојални на централната власт го контролирале остатокот од теритиоријата. Талибанците се нарекувани „влада во сенка" во 33 од 34 провинции. Неодамнешна проценка на безбедносната ситуација сугерира дека постои забележлив напредок на состојбите.

Временската рамка за отпочнување на транзицијата и формално е потврдена во Лисабон на Самитот на НАТО во ноември 2010 година. Претседателите на земјите членки на НАТО се договорија, транзицијата на одговорностите од меѓународната заедница кон авганистанските власти и безбедносни сили да започне во јули 2011 година, а да заврши кон крајот на 2014 година. Дебатите околу точно детерминираната временска рамка предиузвикуваат критики и сомнежи околу веројатноста за позитивен исход на мисијата.

Противниците на планот за транзиција се противат на крајните рокови и тенденциозни ветувања, аргументирајќи дека: (1) авганистанските безбедносни сили не располагаат со доволно капацитети, знаење и лојалност, (2) власта не е доволно моќна и авторитативна за превземање на контрола над целокупната територија на Авганистан, (3) корупцијата е нашироко распростанета во целокупниот систем, (4) со намалување на приливот на странски донации, ограничените ресурси ќе доведат до колабирање на економскиот и монетарниот систем во Авганистан, (5) авганистанското население нема доверба во власта и правосудниот систем, (6) обичниот авганистанец се плаши од помислата дека САД и НАТО би го напуштиле Авганистан и дека на власт за кратко време повторно би се нашле тврдокорни екстремисти во форма на Талибанци, Муџахедини радикални исламисти и слично, (7) безбедносната состојба не бележи подобрувања туку само промена на тактиката на бунтовниците.

Поддржувачите на планот сугерираат дека меѓународната заедница е веќе предолго инволвирана во регионот и дека е крајно време судбината на авганистанскиот народ да биде препуштена на самиот себеси.

### 3.1. Цели и мерила за успех на стратегија на меѓународната заедница за постигнување на крајната цел (2009 – 2014)

За да се воспостави контрола на резултатите од исклучително скапата кампања која ја води меѓународната заедница предводена од САД и НАТО, во стратегијата на САД се воспоставени мерила наспроти целите. Целите, конечно не се ограничени на Авганистан туку го опфаќаат регионот со посебен акцент на Пакистан.

**Цел 1.** *Да се пореметат терористичките мрежи во Авганистан и особено во Пакистан деградирајќи ја нивната способност да планираат и спроведуваат терористички напади.*

**Цел 2.** *Да се помогне и подобри цивилната контрола и стабилно уставно вледеење во Авганистан и Пакистан.*

<u>Мерила</u>

1. Напредок и достигнување на стабилна и независна авганистанската цивилна власт и судски систем;
2. Поддршка и почитување на чевековите права и слободи;
3. Развој на одржливо партнерство со САД;
4. Подобрување на јавното мнение за постапките на власта;
5. Демонстрација на конкретни мерки против корупцијата кои ќе резултираат во пораст на довербата меѓу народот;

**Цел 3**. *Развој на национални Противбунтовнички (COIN) капацитети и поддршка на напорите за победа над терористичките и бунтовнички групи.*

Мерила

1. Ефективност на авганистанските безбедносни сили за самостојно спроведување на ПБО на целата територија на земјата;
2. Ниво на непријателски иницирано насилство;
3. Ниво на контролирани територии;
4. Ефикасност на АНБС во граничните области;

**Цел 4.** *Да се победат екстремните бунтовници, да се обезбеди населението и да се развијат самоодржливи АНБС*

Мерила

1. Јавна перцепција за безбедноста;
2. Процент на население кое живее во области под контрола на бунтовниците;
3. Процент на население кое живее во области во кои се изведуваат ПБО.
4. Процент на население кое живее во одласти под контрола на коалицијата или АНБС.
5. Процент на клучни линии на комуникација под контрола на коалицијата или АНБС.
6. Ефективност на авганистанските гранични сили.
7. Ниво на доверба за АНБС за способноста за обезбедување на одржлива безбедност.
8. Ефикасност на АНБС-ИСАФ партнерски операции.
9. Способност на АНБС да превземат водство во одржување на безбедноста.
10. Ниво на корупција во рамките на АНБС.
11. Способност на АНБС да ги задоволува своите логистички потреби.

**Цел 5.** *Промоција на поспособна, доверлива и ефикасна власт која му служи на народот, способна да ги исполнува своите обврски во услови на намалена меѓународна помош*

Мерила:

1. Постоење на владини институции на сите нивоа (централно, провинциско и локално) и способност за одржување на фер избори.
2. Ефикасност на авганистанската власт во собирање на даноци и приходи и буџетирање на сите нивоа.
3. Јавна перцепција на авганистанскиот судски систем и посветеност за обезбедување на владеење на правото.
4. Демонстрирање на волја за борба против корупцијата која ќе резултира со јавна доверба;
5. Поддршка на човековите права и слободи;
6. Јавна перцепција на сите нивоа за ефикасноста на владата;
7. Економска стабилност развој на Авганистан со потенцирање на земјоделието;
8. Напорите и успесите на авганистанската власт во реализација на приграмата за помирување;

**<u>Цел 6.</u>** Посилно инволвирање на меѓународната заедница да се добие консензус за начинот на стабилизирање на Авганистан.

Мерила:

1. Поддршка од сојузниците, меѓународните организации и другите клучни регионални актери во обезбедување на потребните ресурси;
2. Постојаност на финансирање на операциите и одржливоста на АНБС од страна на авганистанската влада и меѓународната заедница;
3. Ефикасност на меѓународната поддршка за безбедност, владеење и развој;
4. Воспоставување на координатор од ОН за менаџирање со меѓународните активности;
5. Статусот на односите помеѓу Авганистан и Пакистан;
6. Статусот на односите помеѓу Авганистан и останатите соседи;

Во суштина, наведените мерила се објективни доколку истите имаат за цел да ја оправдаат кампањата и огромните средстава кои се трошат. Од друга страна, реалната слика се проектира во вистинската социјална, безбедносна и општествена состојба на Авганистан, држава која со сигурност е заглавена во средновековието.

### 3.2. Втората меѓународна конференција во Бон за иднината на Авганистан

Меѓународната конференција за Авганистан одржана на 05 декември 2011 година го обновува партнерството помеѓу Авганистан и меѓународната конференција и ги

востановува темелите за иднината на Авганистан по 2014. Стотина претставници од земји и меѓународни организации ја искажаа својата посветеност за взаемна обврска за градење на иднината на Авганистан.

Конференцијата претставуваше еден од најголемите дипломатски и мировни настани, најголем собир на министри за надворешни работи во историјата на Германија. Настанот е отворен од министерот за надворешни работи на СР. Германија, Гуидо Вестервеле, а претседаван од страна на претседателот на Авганистан, г-дин Хамид Карзаи.

Централна порака на конференцијата која се наоѓа и во Заклучоците е: *„ние (земјите учеснички) нема да го напуштиме Авганистан. Заедно мора да го заштитиме она што заеднички го постигнавме. Во спротивно, сиот напор и жртви би биле залудни. Затоа, одговорностите на меѓународната заедница нема да завршат по овие изминати десет години на воена и цивилна поддршка. Владата на Авганистан ќе продолжи да работи на напредок на реформите и ќе се докаже пред авганистанскиот народ. Меѓународната заедница ќе продолжи да обезбедува неопходна поддршка дури и по повлекувањето на меѓународните борбени сили по 2014 година. Заеднички прифатената цел е достигнување Авганистан да стане стабилно демократско општество базирано на владеење на правото, општество во кое човековите права вклучително на тие на жените и децата се загарантирани. Никогаш повторно да нема терористочка закана која потекнува од ова тло."*[14]

За да се постигнат овие цели, заклучено е на конференцијата, потребно е поголемо инволвирање на цивилниот и политичкот сегмент на сметка на воениот. Седум принципи се усвоени со цел да мирот да стане достижен: мировниот процес мора: (1) да биде предводен од авганистанците; (2) процесот мора да ги опфати легитимните интереси на целокупното население независно од полот и социјалниот сатус; процесот на помирување мора да (3) ја сочува независностаи унитарниот статус; (4) да го осуди насилството; (5) да ги раскине врските со меѓународните терористички организации; (6) да обезбеди почитување на авганистанскиот устав и (7) целокупниот регион мора да го почитува мировниот процес и исходот од него.

На конференцијата, Карзаи го потврдува општо познатото дека постојат недоследности во одредени области како што е владеењето, корупцијата како и нелегалната троговија со наркотици.

[14] Bonn Conference Communiqué, 06 декември 2011

Конечно, договорено и усогласено е дека авганистанците ќе ја превземат целосната одговорност за својата безбедност, а со тоа ќе ја практикуваат својата независност и суверенитет со завршување на последната фаза од транзицијата. Транзицијата како процес успешно е започната во средината на 2011 година и се очекува да заврши на 31 декември 2014. Со наведениот датум и формално ќе заврши мисијата на ИСАФ.

### 3.3. Заклучоците од Самитот на НАТО во Чикаго

На 19-20 мај 2012 година, во Чикаго, САД, НАТО го одржува својот 25 самит. Во однос на Авганистан, самитот е продолжение на Втората Бонска конференција и формализирање на заклучоците во Евро-атлански форум. Самитот усвојува излезна стратегија за Авганистан која во својата суштина повикува на предавање на одговорностите од меѓународната заедница кон авганистанските власти за обезбедување на сопствената безбедност до крајот на 2013 и напуштање на борбената мисија која треба да биде заменета со советодавна, менторска и мисија за обука.

За разлика од Втората Бонска конференција, Самитот во Чикаго на едно место спојува државници на 60 држави, меѓу кои и Пакистан. НАТО членките, уморни од истрошените буџети и трпение се обидуваат да го убедат Авганистан и авганистанскиот народ деке нема да бидат напуштени.

Наспроти декларираната солидарност, значителен негативен импакт предизвикува изјавата на претседателот на Франција, Франсоа Оланд дека Франција ќе ги повлече своите трупи до крајот на 2012 година, две години пред генералниот план на НАТО, со тоа поткопувајќи ја максимата „заедно внатре, заедно надвор (in together, out together)“. Истовремено, Нов Зеланд најави повлекување на своите трупи (130) во 2013 година, една година пред планираното. Овие најави не претставуваат само оперативен проблем како да се пополни празнината по повлекувањето на овие единици, поголем негативен ефект предизвикува психолошкиот момент кај земјите контрибутори отворајќи можност за разгледување на идеата за непланско повлекување на трупите што би имало поразителен ефект на терен.

Една од главните теми на разговор и нерешени прашања е рутата за дотур на стока која поминува низ Пакистан (Карачи – Кабул). Пакистан, користејќи ги инцидентите поврзани со наводните цивилни жртви ги затвора рутите кои преку пристаништето од Карачи го поврзува Кабул со останатиот дел од светот. НАТО, обидувајќи се да најде алтернативна рута се вовлекува во креирање на Северната линија за комуникација која поминува низ повеќе земји, меѓу кои и Русија отворајќи бесконечни преговори кои

оставаат можност за манипулација и условување. Антагонизам сеуште постои помеѓу НАТО и Пакистан во врска со безбедните засолништа кои Талибанците ги користат на територијата на Пакистан наспроти декларираната политика за поддршка на Алијансата.

Сепак, сомнежите остануваат. Дали авганистанските безбедносни сили се способни и имаат капацитет да се справат со сеуште потентниот непријател, Талибанците и разноразните групи, поединци и радикали.

Во атмосфера на финансиска криза, НАТО членките и партнерите се под притисок од САД да обезбедат 4,1 милијарда американски долари годишно потребни за функционирање на АНБС по 2014. Предвидената сума на средства не се обезбедени за време на Самитот но официјалните лица уверуваат дека средствата ќе бидат дозначени. Досега, придонес во финансирањето на АНБС на годишно ниво декларирале: Обединетото Кралство 100 милиони американски долари годишно, Италија 120 милиони американски долари, Канада 110 милиони американски долари, Астралија 100 милиони американски долари, Турција 20 милиони американски долари и Пакистан 20 милиони американски долари.

На наредниот состанок на министрите за одбрана на НАТО со земјите контрибутори во ИСАФ потврдено е креирањето на новата мисија на НАТО во Авганистан притоа дефинирајќи ја иницијалната директива потенцирајќи дека идната мисија ќе биде неборбена со примарна задача за обука, менторство и советување но и мал контингент на сили на САД за специјална намена. Како дополнување на иницијалната директива, официјалните лица на НАТО искажуваат резервираност во однос на крајниот датум за повлекување на силите на ИСАФ потенцирајќи дека динамиката на транзиција ќе биде дефиниран согласно со уловите на теренот и дека во спротивно постои веројатност за редефинирање на мисијата.

Напоредно на официјалните состаноци и политичките декларации и заклучоци, САД води интензивни разговори и преговори со заинтересираните страни и фракции на бунтовниците овозможувајќи преку процесот на реинтеграција и помирување вклучување на истите во политичкиот живот на Авганистан.

# ВТОР ДЕЛ

## ГЕО–ПОЛИТИЧКА, ГЕО-СТРАТЕГИСКА, ОПШТЕСТВЕНА И БЕЗБЕДНОСНА СОСТОЈБА НА АВГАНИСТАН

### I. Гео–политичка и гео-стратегиска поставеност на Авганистан

#### 1. Општи поими за геополитика и геостратегија

Поимот **геополитика** влече корени од грчкиот Γη (што значи земја) и Πολιτική (политика). Геополитиката третирана како наука претставува изучување на односите помеѓу политиката и географијата, демографијата и економијата со особен осврт на надворешната политика на нацијата предмет на истражување. Во генерална смисла геополитиката претставува комбинација на географски и политички фактори кои влијаат на една нација или регионот.

Геополитиката претставува уметност и практикување на: анализа, предвидување и употреба на политичка моќ над одредена територија. Поточно, геополитиката е метод за анализа за потребите на надворешната политика со цел да се разберат, објаснат и предвидат меѓународните политички збиднувања, особено во однос на географски варијабли. Генерално, тие варијабли се, географска локација на земјата или земјите од интерес, големината на земјите, клима, топографија, демографија, достапните природни извори и нивото на технички развој. Традиционално, терминот примарно се однесува на влијанието на географијата врз политиката, но во поново време терминот подразбира поширока конотација.

Академски, изучувањето на геополитиката вклучува анализа на географски, историски и социјални моменти во однос на политички модели и шаблони на различни нивоа (од ниво на држава до меѓународни односи). Геполитиката е мултидисциплинарна наука која вклучува аспекти на општествените науки со посебен нагласок на политичка географија, меѓународни односи и меѓународно право.

**Гео-стратегијата**, подобласт на гео-политиката во суштина е вид на недворешна политика водена од географските фактори кои влијаат на политиката или на военото планирање.

Гео-стратезите, за разлика од гео-политичарите заговараат агресивна стратегија и приод кон политиката од националистички аспект. Геостратегијата може да функционира: *нормативно*, заговарајќи надворешна политика базирана на географски фактори; *аналитички*, геостратегијата опишува како надворешната политика е условена и формирана од географијата или предвидување, да се предвиди идниот тек на надворешната политика на една земја во зависност од географските фактори. Научниците, теоретичарите и практикантите на геополитиката единствени во толкувањето на геостратегијата, но идентично како и самата природа на науката, дефинициите се обликувани од националните цели и аспирации.

Од друга страна, критичарите на гео-стратегијата забележуваат дека се работи за псевдонаука во корист на доминантните нации со цел оправдување на империјалистичките и хегемонистичките аспирации, но и дека во пресрет на новите технолошки достигнувања оваа наука станува нерелевантна.

## 2. Геостратегиска поставеност на Авганистан во рамките на регионалните комплекси;

**Формално име:** Исламска Република Авганистан (Jomhuri-ye Eslami-ye Afghanestan). Кратка форма: Авганистан, назив на жителите: авганистанци, главен град: Кабул (2.800.000 жители). Поглавни градови: Херат (171.500 жители), Џалајлабад, Кандахар (349.300 жители), Кундуз и Мазар-е Шариф (246.900 жители).

Авганистан го слави денот 19 август како ден на независноста кога во 1919 година стана целосно независна од Британското владеење.

**Локација:** Авганистан е лоциран во Централна Азија, северо-западно од Пакистан, западно од Кина, источно од Иран и јужно од Туркменистан, Узбекистан и Таџикистан.

Стратешки лоцирана на раскрсницата на главните трговски правци (север – југ и исток –запад) Авганистан привлекува многу освојувачи. Планините Хинду Куш (Hindu Kush) кои се протегаат од северо-исток до југозапад на целата територија ја дели земјата на три поглавни географски региони: 1) Централни висини, кои формираат дел од Хималаите и завзема речиси две третини од целокупната територија; 2) Југозападно Плато кое зафаќа една четвртина од земјата и; 3) Малите северни рамници кои ја претставуваат најплодната земја. Висината на теренот генерално го следи подигањето на планинскиот масив на Хинду Куш, од највисоката точка на планината Памир во близина на границата со Кина па се до најниските делови на границата со Иран. На север, запад и југо-запад има планински граници со соседните држави.

На север, запад и југо-запад нема планински бариери со соседните држави. Северните рамнини непрекинато преминуваат со соседниот Туркменистан. На запад и југо-запад платото и пустините се спојуваат со истите во Иран.




*Географска карта на Авганистан*

Авганистан е лоциран на Евро-азиското тектонски плато. Коридорот Вахан (Wakhan Corridor)[15] и останатиот дел од северно-источен Авганистан, вклучително и Кабул е лоциран на геолошко активна област. Повеќе од десет земјотреси се забележани во XX-тиот век.

Голем дел од северната граница и помал дел од границата со Пакистан е обележан со реки; преостанатиот дел од границата е политички креирана наместо природно. Авганистан е ограничен од шест различни држави (Кина на исток, 76 км; Иран на запад,

[15] Коридорот Вахан (Wakhan Corridor) е широко употребувано како синоним за регионот Вакхан, регион на далечниот северо-исток на Авганистан кој формира копнена врска или коридор помеѓу Авганистан и Кина. Коридорот е долг (220 км) и тесен (помеѓу 16 и 64 км).Коридорот ги разделува Таџикистан на север од Пакистан на југ. Индија пак, преку тврдењата за сопственост и контрола на Гилгит Балтистан (Gilgit Baltistan) регион од Кашмир, декларира граница со Авганистан во овој дел.

936 км; Пакистан на југо-исток, 2430 км; Таџикистан на северо-исток, 1206 км; Туркмекистан на север, 744 км; и Узбекистан на север, 137 км). Најдолгата граница е нејасно обележаната Линијата Дуранд (Durand Line)[16] која се протега целосно на југ и исток на границата со Пакистан. Најкратката граница, со кинеската провинција Џинџијанг го означува крајот на Вахан коридорот и е со должина од 76 км.

**Површина:** Авганистан зафаќа површина од околу 652,090 квадратни километри. Споредбено со површина на земји во Европа, Авганистан зафаќа површина поголема од Франција, Белгија и Холандија заедно.

**Население (проценка од 2010):** 29.121.286 (стапка на раст 2.4%); прираст: 38.11/1000; смртност на новороденчиња: 151.5/1000; очекуван животен век: 44.6; густина на население: 168

**Економија:** БДП (проценка од 2009): $23.3 милијарди; $800 по глава на жител. Пораст на економијата: 3.5% , инфлација: 30.5%, незапосленост 35% (проценка од 2008). Обработлива земја: 12.13%. Култури: опиум, житарици, овошје, волна, јагнешка/овча кожа. Работна сила: 15 милиони: земјоделие 80%, индустрија 10%, услуги 10%. Природни богатства: природен гас, нафта, јаглен, копер, хромит, сулфур, олово, цинк, железна руда, сол, вредни и полувредни камења. **Индустрија:** мало производство на текстил, сапун, ѓубрива, цемент, килими, природен гас, јаглен, копер. **Извоз:** $274 милиони – без вклучување на нелегалниот извоз или реизвоз: опиум, овошје, рачно изработени килими, волна, памук, животинска кожа и облека, вредни и полувредни камења. **Увоз:** $3.823 билиони (2006): храна, текстил, нафтени деривати. Главни трговски партнери: Пакистан, Индија, САД, Германија (2006).

**Еколошки фактори:** Покрај недостатокот на истражувања до скоро време, се проценува дека Авганистан бил поштеден од нарушувања на околината се до советската инвазија во 19079. Од тогаш, бројни настани предизвикуваат сериозни штети. Авганистан земја која нема достапност до водени басени страда од ограничени количини на свежа питка вода.

---

[16] Линијата Дуран (**Durand Line**) (Pashto: د ډیورنډ کرښه) се однесува на порозна меѓународна граница помеѓу Пакистан и Авганистан која всушност ги разделува етничките Паштунски племиња. Оваа несоодветно обележана линија е долга окол 2.640 километри. Воспоставена е во 1893 годнина со Договорот за Дурановата линија (**Durand Line Agreement**) помеѓу претставници од колонијална Британска Индија и авганистанскиот Амир Абдул Рахман Кан (Abdur Rahman Khan)со цел воспоставување на лимит на сверите на влијание. Именувана е по Хенри Мортимер Дуран (Henry Mortimer Durand) тогашниот министер за надворешни работи на Британска Индија. Договорот на една страна кој содржи седум члена потшишан е од Х.М. Дуран и Амирот А.Р. Кан, согласувајќи се да нема мешање преку границите на тогашен Авганистан и олонијална Британска Индија (сегашен Пакистан). Дурандовата линија ја претставува „бафер зоната " на „Големата игра" помеѓу интересите на Британија и Русија. Оваа несоодветно обележана гранична линија ги поделува паштунските племиња и денес претставува едно од најопасните места на планетата.

Дополнително, во последните години квалитетот на површинските води значително опаѓа поради зголемените активности во земјоделието и индустријата. Поради несоодветниот третаман на водата, боплести предизвикани од несоодветна вода се се почести. Иако нема забележителна индустрија, загадување од Аралското море, индустриските комплекси во Иран, Туркменистан и Узбекистан ја контаминираат атмосферата над северен Авганистан. Употребата на хемикалии и физичкото уништување од воените конфликти значително ја уништиле околината. Дополнително, неексплодираните мини и минските полиња дополнително загрозуваат околу 4 милиони авганистанци во 32 провинции. Североисточните делови се сметаат за ризична зона од потреси. Во 1998 година, земјотрес на границата со Таџикистан резултирал со 4000 жртви (проценка).

**Снабдување**

Имајќи предвид дека Авганистан е земја која нема излез на море, слабата патна инфраструктура и постојаните напади од бунтовниците на главните рути долж обиколницата, снабдувањето со средства од секаков вид за потребите на воените контингенти и разните владини и невладини организации претставува кошмар. Дополнително компликување на ситуацијата претставува неодамнешните реакции на пакистанските безбедносни сили со затворање на главните рути за дистрибуција на стока од пристаништето Карачи (Пакистан) до Авганистан

Во овие новонастанати услови, Северната дистрибуциска мрежа (The Northern Distribution Network -NDN)[17] која претставува клучна алтернативна рута за дотур на стоки ќе биде ставена на тест. Но, знаејќи го растојанието од Индискиот океан до Балтичкото море од каде треба да се утовари стоката, ќе бидат потребни недели за да се организира, приоритизира и престрои транспортот.

Затварањето на пакистанските рути претставуваат „ветар во грб" за компаниите кои моментално работат на NDN, како и за централно азиските земји низ кои поминува рутата. NDN била дизајнирана во 2009-тата од страна на Министерството за одбрана на САД како посигурна рута за достава на стока во однос на постојаните низ Пакистан. Истата стана значително поранлива во изминатите години поради зачестените напади на талибанските бунтовници.

[17] релативно нова мрежа за достава на стоки која поаѓа од Латвија и преку Русија и бившите советски републики пристига на север на Авганистан. NDN се состои од железничка линија која започнува во Латвија, поминува низ Русија, Казахстан и Узбекистан; патна мрежа преку Киргистан и Таџикистан за стоки наменети за Манас, транзитен центар во близина на Бишкеш; и патниот правец преку Кавказ.

Пакистан и порано (на два пати) ги оневозможуваше рутите за дотур на стоки во протест на активностите на САД и НАТО – речиси две недели во 2010 и повторно во траење од три дена во 2011. Овојпат, официјалните лица од Исламабад инсистираат дека затварањето на рутите е перманентно. Планирачите во Вашингтон и Брисел веќе сметаа на ваков развој на настаните. Од 2005 година, договорите за дотур на гориво за потребите на војската на САД специфицираат изворите за набавка на гориво да бидат од земји северно од Авганистан. До 2010, поради нестабилноста на рутите низ Пакистан, изворите на север од Авганистан се основа за тендерите за набавка на гориво потенцирајќи дека се „суштински за успех на мисијата". Но, вистинското прашање е дали NDN може во целост да го компензира нефункционирањето на рутите низ Пакистан.




*Геополитичка карта на регионот*

### 3. Гео-политички комплекс

Според видувањата на еден од највидните експерти за Авганистан, Кристијан Берг Харпвикен, Директор на Институтот за мировни истражувања од Осло, Авганистан (Kristian Berg Harpviken, Peace Research Institute Oslo-PRIO)[18] Авганистан не може да биде

[18] **Kristian Berg Harpviken** (роден на 27 декември 1961 во Лилехамер, Норвешка) од 2009, Директор на Институтот за мировни истражувања од Осло (Peace Research Institute Oslo-PRIO), најпознат по својата

вброен ниту вметнат во ниту една географска групација (Среден Исток, Јужна Азија, Централна Азија). Историски, Авганистан секојпат бил некате између. Овој непријатен статус сепак не значи дека Авганистан бил изолиран од нив, всушност, сосема спротивното. Авганистан, бил, е и најверојатно ќе остане средиште на „игри" на најразлични надворешни актери.

Да се биде во средиштето на нештата, не секогаш е лоша работа. Постојаното натпреварување на империите во значителна мера помогнало во самоосознавањето и креирањето на независна нација. Од друга страна пак, од 1979 година наваму, состојбите инцирале поинаков развој, создавање на етнички и култирни тензии, милитантни групи, интензивирана трговија со опојни средства и т.н. Во двата случаи, тоа што го гледаме денеска е класично гео-политичко „борилиште" помеѓу најмалку осум надворешни актери кои се борат за влијание и позиционирање во верзијата на т.н. Голема игра во XXI век.

**Класична „бафер" држава**

Авганистан каков што денес го познаваме се дефинира во XIX век. Британската и Советската страна, во насока на избегнување на воени конфронтации во овој регион се договориле да си обезбедат стратешка заштита. Границата на оваа географска заштита е воспоставена долж северното течение на реката Аму Дариа (Amu Darya) и т.н. линија Дуран (Durand Line) на југ и исток[19].

Независно од повлечените линии, Авганистан докажа дека е одличен пример за „бафер" држава помеѓу империите во експанзија. Без излез на море и поделена од планинскиот масив Хинду Куш (Hindu Kush) со неразвиена транспортна мрежа и инфраструктура која ниту бритенците ниту авганистанците не се потрудиле да ја развијат[20]. Ова продолжува и во ерата на Студената војна.

**Зона на разделување (изолатор) зафатена помеѓу регоналните конфликти**

Многу современици (оптимисти) се обидуваат да го вклучат Авганистан во некаква поширока рамка на регионална соработка 1) да се претстави Авганистан како „енергетски мост" помеѓу богатата со енергија Централна Азија и сиромашната Јужна Азија 2) повторно воспоставување на Авганистан како центар за регионална трговија и транспорт

компетенција за Авганистан каде од 1989 често престојува спроведувајќи разни теренски проекти и истражувања

[19] Линијата ја заслужи репутацијата на уште еден лош пример на колонијално географско мапирање од XIX век.

[20] Британците превентивно не граделе патишта со цел да се успори евентуалниот налет на Русија додека авганистанците сметале дека со намерна изолација на државата можат да ја сочуваат својата незевисност

и 3) политичко поврзување со Средниот Исток и со тоа да го затвори поглавието на геополитичка линија на разделување.

Со објавувањето на новата двојна (Авганистан – Пакистан) стратегија на САД промовирана во 2009 од претседателот Обама, повеќето политичари и аналитичари се согласија со „регионалниот" пристап во однос на решавањето на состојбите во Авганистан. Но придобивките од овој регионален пристап допрва треба да се очекуваат.

**Односи со соседите**

**Пакистан:** Со востановувањето на југо-источната граница со Пакистан во 1948 година, Пакистан претставува клучен актер кој ја дефинира иднината на Авганистан внесувајќи загриженост во политичките елити на САД и меѓународната заедница. Речиси сите политички изјави на администрацијата на САД се во конотација дека безбедноста во Авганистан е во директна зависност од засолништата на бунтовниците на територијата на Пакистан.

За време на советската окупација Пакистан бил главна база за поддршка на Муџахединските бунтовници. Во доцните 90-ти, се до одбивањето на Талибанците да го предадат Осама Бин Ладен, Пакистан го поддржува талибанскиот режим. Меѓусебните односи се одбележани во суштина со поделбата на паштунските племиња и со несогласувањата за пограничните области и недозволената трговија и шверц. Трипартитна комисија, спонзорирана од САД е главната арена за надминување на овие прашања. Најважни тековни прашања и несогласувања се однесуваат на присуството на Талибанците и Ал Каеда во граничните појаси на Пакистан и намерите на Авганистан да развијат поблиска соработка со Индија. Во 2008 односите дополнително се влошија кога Карзаи го обвини Пакистан за вмешаност во обидот за атентат врз него и се закани дека ќе ги гони Талибанците и на територијата на Пакистан. Со цел подобрување на граничната безбедност, на границата помеѓу Авганистан и Пакистан се отвараат заеднички (САД – Авганистан – Пакистан) контролни точки. Двата партнери имаат витални интереси во меѓусебните добри односи; за Авганистан, Пакистан претставува витален коридор до Арабското море додека за Пакистан, Авганистан е клучна врска со ресурсите во Централна Азија. Во раните 2000-ти, вечниот непријател на Пакистан, Индија агресивно настапува нудејќи му на Авганистан мноштво проекти и воспоставување на дипломатска мисија.

Ниту една авганистанска влада од крајот на 19-тиот век па досега не го прифаќа легитимитетот на Линијата Дуранд, меѓународно призната граница помеѓу Авганистан и

Пакистан. Авганистан е единствената земја која во 1947 година се спротивставила на влегувањето на Пакистан во ОН притоа инсистирајќи на создавање на држава *Паштунистан* која би ги обединила Паштунските племиња на обете страни од Линијата Дуранд. Во 1950 користејќи ги медиумите, Авганистан ги охрабрува Паштунските племиња да се побунат притоа испраќајќи племенски борци да ги напаѓаат пакистанските сили и да ја нападната пакистанската Амбасада во Кабул. Дури ниту талибанската влада (1996 – 2001) која е поддржана од Пакистан не ја признава Линијата Дуранд. Претседателот Карзаи, во неколку наврати ја нарекува (линијата) „... линија на омраза која подига ѕид помеѓу два брата ...“. Како што се менува историјата, Пакистан е сега земја која обезбедува засолниште за паштунските племиња и милитантни фракции. Пример за тоа е Хакани мрежата која (Haqqani Network) која се бори во Авганистан со цел да ги избрка надворешните трупи во Авганистан и да ја превземе власта во Кабул.

Односите помеѓу двете земји наизглед се подобруваат по смената на претседателот Перез Мушараф во 2008. Потоа, во неколку наврати се разменуваат посети на високо ниво. Во јануари 2009 во Кабул потпишана е заедничка декларација за борба против тероризмот кој влијае на двете земји. Но, работите повторно се влошуваат кога Карзаи, вериојатно поттикнат од нападите во Кабул, на 05 октомври 2011 ја посети Индија каде е потпишан трговско-безбедносен пакт.

Од гледна точка на пакистанскиот воен и цивилен естаблишмент, домашната безбедносна ситуација која се влошува секојдневно е производ на присуството на странски сили на територијата на Авганистан. Мнозинството на пакистанци со недоверба гледаат на мотивите на САД и посакуваат САД и НАТО да се повлече во целост од Авганистан. Од друга страна пак, многу пакистански аналитичари предвидуваат дека ваквото повлекување би довело до нови борби за превласт во Авганистан и пад на сегашната влада која е силно поддржана од САД. Политичката нестабилност која би следела би овозможила вмешување на други сили од надвор (Индија, Иран и Русија). Од таму, Пакистан смета дека би било контра-продуктивно да се создаде непосакувана ситуација во која први на удар би биле силите кои приородно се анти-западно мотивирани и работат во Пакистанската разузнавачка служба[21].

**Иран:** Односите помеѓу Авганистан и Иран генерално се позитивни, Иран се спротивставува и на обата режима (советскиот и талибанскиот) и активно ги поддржува напорите за реконструкција по 2001-та. Во овој период се подобрува и трговската размена.

[21] Inter Service Inteligence - ISI

Главното јавно несогласување во меѓусебните односи е инсистирањето на Иран за поделба на водата од реката Хелманд која претставува главен извор за вода и наводнување на јужниот дел на Авганистан. Друго горливо прашање е присуството на раселени лица на територијата на Иран и статусот на малцинските Шиитски племиња во Авганистан.

Но всушност, од клучен национален итерес за Иран е да не дозволи Авганистан да стане база на САД од каде во иднина би можеле да се лансираат напади над Иран и Персискиот залив. Второ, Иран се обидува да се здобие со влијание во западен Авганистан, територија која некогаш била дел од Персиската империја и да ги заштити Шиитските племиња кои се малцинство во Авганистан.

Својата поддршка и желба за влијание Иран ја демонстрира со декларирање на помош во висина од една милијарда USD од кои досега се дистрибуирани 500 милиони. Овие средства најчесто се користени за изградба на патишта и мостови во западен Авгаснитан. Во тој контекст и во соработка со Индија, Иран гради мостови кои би го поврзале западен Авганистан со иранското пристаниште Кахбахар (Chahbahar) и би овозможиле транзит на стоки до/од Персискиот залив.

Но покрај декларираната и јавна поддршка и давање на помош за развој на Авганистан, а врз основа на разузнавачките извештаи, Иран вооружува милитанти кои операираат во западен Авганистан. Причина за тоа е внесување на немир и постојани напади над воздухопловната база на САД во тој дел на Авганистан (Shindand air base) како и демонстрирање на сила и способност за изведување на субверзивни активности против силите на САД и нанесување на човечки жртви.

Пред Заливската војна во 2003, постоела груба поделба на моќта помеѓу Иран, Ирак и Саудиска Арабија. Една од претпоставките кои не беа земени во предвид при започнувањето на војните во Ирак и Авганистан беше потценувањето на дисбалансот на моќта во регионот што доведе до натпревар за моќ помеѓу Иран и Саудиска Арабија. Овој дисбаланс претпоставува тивка војна на работ на државната граница. Саудиска Арабија одржува блиски врски со Пакистан и со тоа ги помага Талибанците додека Иран има емпатија кон овие ентитети. Интересно е дека, во контекст на намалување на негативните ефекти од трговијата со опиум, Иран и САД имаат стратегиски интереси кои се преклопуваат. За жал, овие потенцијали за идна соработка се засенети од напорите на западните земји да ја спречат нуклеарната програма на Иран.

**Индија:** Интересите и активностите на Индија во Авганистан се речиси целосно спротивни од оние на Пакистан. Целта на Индија е да го негира пакистанското влијание во

Авганистан и да го спречи Пакистан да ја блокира да тргува со Централна Азија. На присуството на Ал Каеда во периодот на владеење на Талибанците, Индија гледала како на голема закана особено поради јкнењето на радикалниот ислам и соработката на Ал Каеда со слични организации во Пакистан. Некои од овие групи извршиле големи терористички напади во Индија, вклучувајќи ги и терористичките напади во Мумбаи во ноември 2008 и јули 2011.

Се верува дека главната грижа за Индија е завршување на конфликтот во Авганистан со склучување на мировен договор со Талибанците по што Пакистан ќе се стекне со доминантно присуство и влијание но под влијание на САД. На 5 октомври 2011, како одговор на атентатот над Рабани (Rabbani), Претседавачот на мировнуиот совет, Карзаи го посетува Њу Делхи и потпишува пакт за безбедносна и трговска соработка. Пактот ги афирмира ноајголемите стравови за Пакистан обезбедувајчи и на Индија формална улога на гарантор на стабилноста на Авганистан. САД гледа на улогата на Индија како конструктивна, но со резерва бидејќи оваа релација внесува немир кон и онака нестабилната политика на Пакистан.

Покрај споменатиот пакт, врските со Индија се повеќе персонални. Многу видни авганистанци, меѓу кои и самиот Карзаи, се едуцирани и одреден период живееле во Индија.

Индија, со финансирање на проекти во висина од 1,5 милијарди USD е петти по ред донор/придонесувач кон реконструкцијата и развојот на Авганистан. Според изјавите на официјалните лица, помошта која ја донира Индија е насочена кон развојот на цивилниот сектор, а не на воениот. Меѓудругото, Индија инвестира во развојот на локалната власт притоа обезбедувајќи 1000 стипендии годишно за високо образование.

**Русија:** Уште од раниот 19-ти век, Русија гледа на Авганистан како витален регион. Односите со Советсткиот сојуз биле блиски се до инвазијата во 1979 година која иницира непријателство и нетрпение на авганистанска страна. Во раните 2000-ти билатералните односи се подобруваат кога Русија нуди помош во проекти за развој на воениот и бизнис естаблишмент, расчистување на мински полиња и развој на индустријата за вадење на нафта и гас. Но и покрај наведените подобрувања, недоверба сепак постои.

Русија сака да ја поврати моќта во Централна Азија, вклучително и во Авганистан. Во почетокот, Рисија не се експонираше бидејќи се чувствуваше понижена поради повлекувањето во 1989 и секако поради одбивноста на авганистанските авторитети. Но, како одговор на побарувањата и во знак на добра волја и соработка, Русија ја поддржува

„Северната дистрибутивна мрежа“ (Northern Distribution Network – NDN). Со овој потег, Русија демонстрира соработка, но истовремено ја помага борбата против исламистичките милитанти кои претставуваат закана и за неа. Во изминатиот период, под притисок на нестабилната политика на Пакистан и несигурните рути за снабдување, NDN добива на значење. Во таа насока, препознавајќи ја важноста и можностите кои се нудат, Русија активно соработува со НАТО и асистира при формирањето на мрежата нудејќи асистенција на највисоко можно ниво.

Во согласност со официјалните изјави на руски претставници дека на Авганистан му е потребна дополнителна хуманитерна помош, во јуни 2010 инвестира 1 милијарда USD во развој на електричната мрежа и инфраструктура. Во јануари 2011 Карзаи ја посетува Москва и се потпишува договор кој ги заклучува најавените инвестиции како и проекти кои биле започнати уште во советската окупација

Во ноември 2010, руски офицери се придружија на своите колеги од НАТО/САД и Авганистанските национални безбедносни сили (АНБС) во борбата против производството и трговија на наркотици. Меѓутоа, овој потег бил попречен од Карзаи кој наведува дека не бил консултиран за овој потег од сојузниците. Имајќи во предвид дека повеќето од опремата со која располагаат АНБС е од советско потекло, на барање на САД, Русија обезбедува хеликоптери, резервни делови и обука за хеликоптерите кои се на служба во военото воздухопловство на Авганистан.

**Централно Азиски држави (Таџикистан, Киргистан, Узбекистан и Туркменистан):** Наведените држави се исклучително важна алка во транзициониот процес на Авганистан. Најпрво, овие држави се дел од NDN која тежнее да биде главна мрежа на дотур на стоки за потребите на САД/НАТО во Авганистан. Второ, овие држави се клучни во спроведување на новата стратегија за развој на Авганистан (Нов пат на свилата) која има за цел да го Авганисан да го направи крстопат и транзитен центар на стоките и добрата кои би транзитирале од Централа Азија до Персискиот залив и пристаништата во Индија и Пакистан.

Во 1996 година, неколку Централно Азиски држави заедно со Русија и Кина ја формираат регионалната група наречена Шангајска организација за соработка (Shanghai Cooperation Organization) со цел да разговараат за заканата од Талибанците. Групата ги сочинува: Кина, Русија, Узбекистан, Таџикистан, Казахстан и Киргистан. Одразувајќи ги намерите на Кина и Русија за лимитирање на присуството на САД во регионот, во 2007 година групата декларира дека безбедноста на регионот треба да биде управувана од

земјите од регионот. Последниот собир на Шангајската организација за соработка е одржан во Москва во март 2009 година со присуство на претставници од САД и Иран.

Односите на Авганистан со пост-советскиот Таџикистан се компликувани со улогата на Авганистан во долгата граѓанска војна во Таџикистан во 90-тите. Таџикистанските бунтовници го користеле Авганистан како прибежиште и база за воените операции додека речиси 100.000 Таџици пребегнале во Авганистан. Во раните 2000-ти се навестува напредок во трговската размена. Во таа насока, во 2004 е заеднички изграден мост на пријателството на реката Amu Darya River.

Односите на Авганистан со Узбекистан се ограничени од строгата контрола на границата од страна на Узбекистан со цел да се попречи проток на наркотици и исламски фундаменталисти како и перманентната подршка од страна на Узбекистан за Абдул Рашид Достум (Abdul Rashid Dostum) узбечки „Лорд на војната“ (Warlord) кој контролира делови од северо-источен Авганистан.

Узбекистан и Казахстан се држави кои имаат аспирации за регионални лидери но нивниот меѓусебен натпревар е насочен кон Русија и Кина, а не кон Авганистан. Од друга страна пак, Русија која Централна Азија ја смета за своја зона на интерес е загрижена од присуството на САД не само во Авганистан туку и во поранешните советски републики.

**Кина:** Присуството на Кина во регионот и во Авганистан аргументира дека Авганистан не е само „бафер“ зона во безбедносната динамика помеѓу Јужна Централна Азија. За да ги надополни растечките побарување за природни ресури, Кина инвестира во инфраструктурата и развојот на Авганистан. На пример, кинеските компании Jiangxi Copper Co. и Metallurgical Corp ги наддаваа руските и амерканските компании во обезбедување на билионски договор (3,5 билиони $) за развој на рудници за копер. Кинески компании учествуваат во проектот за развој на систем за наводнување на провинцијата како и изградба на железнички и патни линии. Шпекулациите во врска со намерите на Кина во регионот одат дотаму дека Кина се обидува да го воспостави Патот на свилата. Клучот за успех на една ваквата идеја е воспоставување на економска зона во Коридорот Вахан (Wakhan Corridor) кој ги поврзува Авганистан и кинескат провинција Ксинџијанг (Xinjiang).

Кина со развојот на Коридорот Вахан не се надева само на поврзување со Авганистан туку и дека ќе ги зајакне врските со Централна Азија, Пакистан и Персискиот залив. Еден многу значаен проект е во фаза на разгледување, а се однесува на изградба на железничка линија кој ќе поаѓа од кинеската провинција Ксинџијанг, преку Таџикистан и

Авганистан па се до пакистанските пристаниште Гвадар. Дополнително, идеата на Кина е да го развие пристаништето во Гвадар со што ќе и се овозможи да транспортира енергенси од Средниот Исток до Јужна и Централна Азија. Со време, пристаништето може да и овозможи на Кина да проектира воена сила или притисок за обезбедување на пристаништето.




*Коридорот Вахан*

Во мај 2011, пакистанскиот министер за одбрана најавил дека Исламабад побарал Кина да изгради и поморска база во Гвадар. Иако поморската база е наменета за Пакистан, нејзината локација може да и овозможи на Кина да го прошири своето присуство во водите на Индискиот океан и подалеку. Кинеското присуство во Гвадар недвосмислено ќе го алармира Њу Делхи дека традиционалниот ге-политички ривал, Пакистан му дозволува на друг ривал да го зголеми военото присуство блиску до западниот брегот на Индија.

Доколку ова се случи, Авганистан како составен дел од кинеската енергетска мрежа може да го промени својот статус и улога во сосема поразлична регионална безбедносна динамика. Како одговор на тоа, Индија може да ги удвои своите напори за

проширување на политичката и економската соработка со Авганистан што може да резултира во нова „голема игра" на интереси.

**Односите помеѓу САД/НАТО и Пакистан**

Од започнувањето на воената интервенција, Пакистан се смета за главен актер и сојузник на САД во борбата против талибанските бунтовници но и истовремено главен извор на закани и поддржувач на бунтовништвото. Пакистан сам по себе во односопт со САД и НАТО е контраверзен. Од една страна, пакистанската власт отворено изразува поддршка на интервенцијата во Авганистан и присуството на САД и НАТО. Од друга страна, Пакистанската разузнавачка служба преку своите соработници активно учествува во обуката на бунтовниците на територијата на Пакистан и финансира терористички групи и ќелии. По убиството на Осама Бин Ладен на 01 мај 2011 година, односите помеѓу САД и Пакистан значително се влошуваат и покрај интензивните дипломатски напори сеуште не се целосно обновени. Односите дополнително се влошуваат кога на 26 ноември 2011, 24 пакистански војници се убиени при воздушен напад на територијата на Пакистан, инцидент кој е сеуште под истрага. На ова Пакистан одговара со затворање на граничните премини, бојкотирање на Втората Бонска конференција и затворање на копнената рута (Карачи – Кабул) за дотур на средства за потребите на САД и НАТО во Авганистан.

САД денес поседува воени капацитети речиси еднакви на тие во преостанатиот свет заедно. Речиси и да не постои точка на планетата која не може да биде таргетирана од страна на американските сили. Светот досега нема видено ништо слично, сепак САД се соочува со фундаментални предизвици.

Тоа што се случи на 26 ноември 2011 на авганистанско-пакистанската граница, и реакциите на Исламабад потоа може да се сметаат како критична точка на промена на историјата и сегашноста во овој дел на светот со далекусежни последици за САД.

Претседателот Обама и Државниот секретар Хилари Клинтон побрзаа да телефонираат на пакистанските лидери со изрази на жалење за смрта на 24 пакистански војници но ниту пакистанските лидери ниту пакистанскиот народ се расположени за простување. По наредбата за затварање на Воздухопловната база Шамси (Shamsi), Пакистан одлучува да не учествува на конференцијата во Бон за Авганистан. Во меѓувреме ги блокираа и двете главни рути за снабдување на НАТО (ИСАФ) силите во Авганистан при што пакистанските команданти добија одврзани раце да одговорат соодветно на секој повторен напад. Сумирано, пакистанската армија ја има контролата и внимателно спроведува „казнени мерки против меѓунродните сили во Авганистан

Додека НАТО се обидуваше да ја презентира својата верзија на настанот, Пакистан несвојствено брзо и отворено ја презентираше својата. Пакистан внимателно не ги открива сите детали, односно дали е можно Талибанците поддржани од пакистански војници да ги испровоцирале силите на НАТО до позиција кога било неопходно повикување на воздушна поддршка по што следувало неминовното. Имајќи во предвид дека целиот напад на НАТО воздухопловите траеле цели два часа, зошто Пакистан не не упатил свои летала да се спротивставаат на нападот останува непозната?

Имајќи ги во предвид овие претпоставки, можно е ситуацијата да била очекувана, односно посакувана од тактичка гледна точка од страна на пакистанската армија. Сојузништвото помеѓу Пакистан и САД е доведено до самиот раб. Кога САД најави дека до 2014 ќе ги повлече своите трупи, Пакистан ова го дочека како можност „да ги покаже своите мускули“.

## II. Општествена состојба на Авганистан

### 1. Авганистан - Земја, народ, култура и религија;

#### 1.1. Етничка и племенска поделеност

Авганистан не само што е дом на неколку религии и религиски секти туку вдомува различни етнички, јазични и племенски групи. Ривалството па дури и вооружените конфликти традиционално се присутни помеѓу многу од овие групи. Историски и географски фактори биле пресудни за зачувување на различностите. Односите помеѓу племето и етникусот се комплексни. Без исклучок, сите авганистанци се сметаат себеси за дел од (некое) племе.




Авганистанската сурова клима и тежок терен овозможиле да се изолираат одредени заедници и притоа да се содадат микросредини. Помеѓу авганистанците име повеќе од 40 поголеми етнички групи кои зборуваат повеќе од 50 различни јазици и дијалекти. Граѓаните најчесто и најлесно се идентификуваат со оние кои го зборуваат истиот јазик и ја имаат истата култура. Идентификацијата со апстрактната авганистанска нација секојпат било проблем. Етничкиот идентитет игра само мала улога во разбирањето на авганистанците. Нивната лојалност е најпрво кон локалните лидери и племето.

Авганистанците ја сакаат слободата и имаат ист нагон за отпор кон надворешните обиди за влијание во внатрешните работи на земјата (племето).

Етничкиот идентитет избледнува во значение кога авганистанците чуствуваат дека имаат зеднички непријател.

Етничката разноликост е комплексна и поради фактот што идентитетот не е разбран како што тоа е случај во западниот свет. Етникус или идентитет, познат како **кавм** (qawm)[22] во Авганистан не е само дефиниран од заедничката културна или генетска сличност туку исто така и со племиња, семејства и географски региони. Всушност, во многу случаи авганистанецот нема да се идентификува како Паштун или Таџик туку на пр. како член на племето Задран (населено во долината Panjshir). Распадот на државата за време и по Советско-Авганистанската војна дополнително ги зајакна и ги направи позначајни овие односи и врски.

Овие типови на идентификација не се во согласност со западните погледи на етничките карактеристики но од друга страна се значајни за разбирање како одредена индивидуа или група би реагирала во дадена ситуација. Во одредени делови на Авганистан, западното карактеризирање на авганистанците (Паштуни, Узбеци, Таџици и др.) претставува навреда на личноста.

**<u>Етничка застапеност</u>**

Најголема и најмоќна етничка група во Авганистан се **Паштуните**. Паштуните најчесто зборуваат Пашту но одредени групи во и околу Кабул може да се сретнат дека зборуваат Дари. И Пашту и Дари припаѓаат на иранската лоза на Индо-Европската фамилија на јазици. Оваа етничка група (Паштуни) како и повеќето во земјата не е ограничена со државните граници туку претставува и една од главните етнички група и во соседниот Пакистан (околу 10 милиони). Паштуните воглавно се Сунити но има и Шиити.

**Таџиците** се исто така бојни. Проблемот во разгледувањето на оваа етничка група е во тежнеењето на некои други групи (не-Таџици) да ги класифицираат сите кои зборуваат Дари во оваа група. Други пак ги нарекуваат Таџици сите оние кои живеат во урбана среднина (не се дел од племиња). **Фарси** (Farsiwans) или Персици (Persians) се

[22] **Qawm** е Арабски термин кој се користи во Авганистан и кој се однесува на било каква форма на солидарност. Солидарноста може да биде врз основа на потекло, место на живеење, племе и т.н. Авганистанцоте се идентификуваат себеси според **кавм**. Иако кавм некојпат е преведувано како племе, односите во еден кавм некојпат може даги надминат племенските граници па дури и етничките. Кавм е основна општествена единка во Авганистан која дополнително претставува предизвик за создавање на национален идентитет. Кавм типично е раководено од jirga или shura (совет или собрание на постари мажи).

народ кој зборува Дари. Тие живеат во западен Авганистан во близина на границата со Иран. Како и мноштвото иранци (Фарси) се Шиити. **Кизилбаш** (Qizilbash) се наследници и остатоци од иранскиото присуство во минатото. Тоа се мали групи, најчесто во урбаните средини и зборуваат Дари. **Хазарите** (Hazaras) зборуваат на дијалект на Дари и генерално живеат во централен Авганистан. По религија ги има од секоја Исламска секта, Исмаили, Шиити и Сунти. **Узбеците** се Сунити кои зборуваат Узбечки, дијалект на Турски кој е значително поразличен од Дари и Пашту. Узбеците живеат во региони на север на Авганистан. **Туркмените** се уште една Сунитска група која зборува дијалект на Турски и е распоространета на северниот дел на Авганистан на границата со некогашниот СССР. **Киргизите** се Сунити и зборуваат дијалект на Турски. Киргизите живеат на планината Памир додека нивните соседи **Ваки** (Wakhi) ги населуваат ниските делови на планината. Ваки зборуваат ирански дијалект и меѓунив има и Сунити и Шиити.

**Нуристанците** се Сунити кои зборуваат дијалект на Дари но има и такви кои зборуваат Пашту. Областите кои ги населуваат Нуристанците се локации каде се одвивале првите судири со владата на Калк (Khalq)[23]. **Арабите** се Сунити кои живеат во северо-источен Авганистан. Зборуваат Фарси помешан со узбечки вокабулар.

Раздвојувањето на поголемите етнички групи во Авганистан секојпат е дискутабилно. Научниците кои го истражуваат Авганистан честопати се разидуваат во мислењата и ставовите.

Најголемата и политички најмоќната етничка група, Паштуните е во голема мера различна сама по себе. Составена е барем од седум племенски групи: Durrani, Ghilzai, Jaji, Mangal, Safi, Mamund и Mohmand.

Поради тоа што историски паштуните доминирале во политичка смисла, останатите етнички групи морале да научат да се справат со тоа. Паштунските племиња го наметнале „паштунскиот начин" потенцирајќи ја честа и одбраната на честа, автономијата, храброст, самопочит и почит кон другите. Машкоста е искажана преку способноста за доминација и одбрана на сопственото (вклучително и жената). Од паштунец кој доживеал омаловажување на неговата чест се очекува да бара одмазда во физичка смисла или компензација во пари или имот. Ваквиот начин на однесување е

[23] **Khalq** (или масите) била фракција на Народната демократска партија на Авганистан (НДПА) која е формирана во 1965 година и со поддршка на СССР доаѓа на власт во 1979 година. Крилото на Khalq промарно било составено од Паштуни кои не биле дел од елитата.

честопати во спротивност со интерпретацијата на шариа (sharia)[24]. Кога би настанал конфликт, паштунците тежнеат да постапуваат на „паштунски начин" наместо според шаријатот.

**Меѓуетнички односи**

Научниците кои го истражуваат Авганистан честопати знаат да изјават дека „доколку авганистанците не војуваат со странски војски тогаш веднаш би започнале војна помеѓу себе". Групите кои живеат на релативно мало растојание помеѓу себе честопати имаат комплексни и непријателски односи. Поради доминантната позиција во власта, паштунските племиња честопати ја злоупотребуваат својата надмоќ. Конфликтите се чести. Историски, посилните групи секојпат се обидувале да доминираат со послабите. Послабите групи или се дислоцирале во понепријателски средини или морале да се покорат на посилните.

**1.2. Религија**

Населението во Авганистан е поделено на безброј групи на етничка, религиозна, јазична и регионална основа. Дури и во однос на Исламот, кој се смета за една заедничка работа во оваа толку различна земја, секташките разлики и разликите во однос на толкувањето на Куранот исто така го поделуваат народот во Авганистан. Дополнително, Хиндуските и Еврејските малцинства[25] живеат во регионот со векови.

Во 80-тите, сите бунтовнички групи кои се стремеле кон авганистанска државност се повикувале на заедничкиот муслимански идентитет. Всушност, терминот кој се користел за борците, муџахедини едноставно се преведува како „тие кои водат џихад[26]".

[24] **Шеријатот** (арапски: شريعة, со значење *шариа*, *начин* или *патека*) е свето право на исламот. Повеќето муслимани веруваат дека шеријатот е изведен од два основни извори на исламското право: божествените откровенија наведени во Куранот, и примерот поставен од страна на исламскиот пророк и пратеник Мухамед во Суннетот (тело на исламскиот верски закон што се базира врз зборовите и делата на пратеникот Мухамед. Шеријатот е дефиниран како:
„Муслимански или исламски закон, за граѓанска и кривична правда, како и регулирање на индивидуалните лични и морални однесувања. Законот се базира врз основа на Куранот и религијата на исламот. По дефиниција, муслиманските држави се теократски, а религиските текстови се закон, тие се разликува по исламот и муслиманите во нивната примена, како и по Шеријатот или шеријатски закон"
[25] Изворно со потекло од Индија, население кое главно се занимавало со трговија
[26] **Џихад (Jihad)**: Буквалниот превод на Џихад е борба или напор (труд) и има многу пошироко значење отколку (негативната конотација) **света војна**. Муслиманите го користат зборот џихад да опишат три различни видови на борби: 1) Внатрешната борба на верникот колку што е можно подобро да го живее животот на муслимански начин; 2) борба да се изгради добро муслиманско општество; 3) Света војна: борба за заштита на исламот (на сила ако е потребно).
Многу модерни писатели тврдат дека главното значење на џихадот е внатрешна духовна борба и ова прифатено од повеќето муслимани. Но има и многу други толкувања на Џихадот како воена борба што несогласувањето дека Џихадот не е света војна се погрешни.

Авганистанското општество, со сета своја разноликост најчесто функционира во средина со мноштво спротивставени групи, фракции и конфликти. Но и покрај наведеното, заеднички вредности како што се чест и фамилија се општо прифатени и почитувани. Сепак Исламот претставува општо прифатен и потенцијално симбол на единството и обединувањето. Пред да се фокусираме на тоа што претставува Исламот за авганистанците, за потоа да можеме да разбереме како се практикува и перцепира во Авганистан.




*Религиска застапеност*

## 2. Општествено уредување и политичка состојба во Авганистан по 11 септември 2001;

### 2.1. Владеење и политика[27]

Усвојувањето на новиот устав во јануари 2004 година и изборот на Хамид Карзаи за претседател во октомври 2004 година биле сметани за големи достигнувања во фрагментираниот авганистански политички живот. Сепак, секојдневната контрола над провинциите се покажа тешка, како пред така и по изборите и во суштина регионалнните

[27] http://www.afghan-web.com/politics

центри на сила остануваат и понатаму. По востановувањето на Националното собрание во декември 2005 година, рамнотежата меѓу извршната и законодавната власт била неизвесна, одтаму Карзаи бил должен да додели позиции во кабинетот и да ги вклучи регионални команданти. Улогата на исламски прописи во власта останува исклучително контроверзна, особено во судската власт.

**Извршна власт:** Претседател и двајца потпретседатели се избрани со мандат добиен на гласање со пет-годишен мандат. Првиот таков избори под уставот од 2004 се случи во октомври 2004 година. Претседателот Хамид Карзаи, кој беше избран во тоа време, е и шефот на државата и шеф на владата. Претседателот именува министри кои подоцна се предмет на одобрување на Wolesi Jirga (Народен Совет), Долниот дом на Националното собрание. По реорганизација во почетокот на 2006 година, владата се вклучува 25 министерствата; кабинетите на овие министерства се распределуваат меѓу највлијателните регионални и воени групи. Реорганизација на 2006 година го намали бројот на министерствата. Во 2008 година една жена на чело на министерство. Советникот за национална безбедност и гувернерот на централната банка имаат министерски статусот во владата. Националната комисија за одбрана, на чело со Карзаи е шест-член советодавен одбор кој ги вклучува лидерите на најголемите регионални групи. Карзаи се обидува да манипулира со клучните регионални поединци и групи за одржување на база на моќ. Еден пример е внимателниот третман на Карзаи на Абдул Рашид Достум, моќниот узбекистански воен лидер кој се смета за виталнен во одржувањето на северниот дел на Авганистан против Талибанците. Карзаи е обвинет за поддршка на одредени трговци со опиум во замена за поддршка во јужните провинции.

**Законодавната власт**: Уставот повикува на дводомниот законодавниот дом, во националното собрание. 249-те членовите на Долниот дом (Wolesi Jirga) се избираат директно за пет години 68 места се назначени за жени и 10 за претставници од полуномадската група Kuchis.

Горниот дом брои 102 членови на Meshrano Jirga (Совет на старци) се назначуваат од провинциските совети (еден член за секоја од 34 провинции, кои служат четиригодишни мандати); обласни совети (сметано уште 34 членови, секој со мандат од три години) и на претседатели (34 членови кои служат пет години). Уставот одредува дека половината од именуваните претседатели да бидат жени, двајца претставници на Kuchis и двајца претставници на лицата со хендикеп. Членови на Советот на старци се именуваат по изборите за Долниот дом. Владата може да свика Loya Jirga (Уставотворно собрание)

да одлучува за итни прашања на независноста, националниот суверенитет и територијалниот интегритет. Во таквото собрание, кое може да го измени уставот и покрене обвинение против претседателот, мора да се вклучат и членови на Народното собрание и претседавачите на провинциската и обласни совети. Уставотворното собрание со 1650 члена ја одбра преодната влада која ја презеде функцијата во 2002 година додека и втор таков совет го формулира уставот во 2004 година.

**Судска власт:** Судската власт во Авганистан се „растура“ во текот на советската окупација, а за време на ерата Талибанците (1996-2001) правдата била спроведувана од страна на Талибаните според строгите исламски закони. За да го замени ад хок системот кој е востановен под преодна влада, уставот од 2004 година предвидува дека Врховниот суд вклучува девет судии назначени од претседателот со одобрение Долниот дом (Wolesi Jirga) со мандат од десет години. Оние судии имаат особено значење бидејќи тие се одговорни за управување со персонал, буџетите и политичките одлуки на целокупниот национален, регионалнен и локален судски систем. На ниво подолу од Врховниот суд се Високите и Апелациони судови додека за случаите на тероризам и други закани за националната безбедност одговорен е Судот за национална безбедност.

**Административни поделба**: Најголематае локална административна поделба е провинција (wilayat) со вкупна бројка од 34. Секоја провинција има меѓу пет и 15 области. Главниот и извршен раководител во провинцијата е гувернер кој е назначен од претседателот. Како што е случај со националните кабинет, претседателот ја дистрибуира моќта меѓу највлијателните регионални и воени групи. Провинциската и обласната администрација имаат иста основна структура како национална влада. Во согласност со уставот од 2004 година, централната влада делегира надлежности во недефинирана рамка во области каде локалната власт е поефикасна. Во некои јужни области, Талибанците се во состојба да воспостават паралелни влади, вклучувајќи административна и судска власт (влада во сенка).

**Судски и правен систем:** Иако секоја област има Ниски и Виши судови, судските процеси се под огромно влијание на локалните власти и традиции. На располагање се многу мал број на обучени судии и правници. Во 2002 година преодна влада воспостави програма за обука на судии предводена од италијански судските експерти со цел да се подготват судии, обвинители и адвокати. Иако некои поединци се имаат стекнато со секуларна обуката за судии, поголемиот дел од локалните официјални претставници на судот доаѓаат од муслиманските верски училишта. Толкување на секуларниот закон и

исламскиот кодекс не е соодветно применувано ниту практикувано, голем дел од сегашниот закон е врз основа на законите донесени од последниот крал, Мохамед Захир Шах (1933-1973).

**Изборен систем:** Правото на глас е универзално за мажи и жени од 18 години и постари.

**Политика и политичките партии:** Законот од 2003 година бара сите политички партии да се регистрирани во Министерството за правда и да ги следат заповедите и кодексите на исламот. Во 2007 година се регистрирани околу 82 партии.

**Мас-медиуми:** Во 2005 година Авганистан имаше околу 45 FM радио станици и околу 10 телевизиски станици. Радио е најважен широко распространет извор на информации. Во 2003 година околу 37 отсто од авганистанските граѓани, главно во градските центри, имале пристап на локалните радио станици. Државната национална телевизија станица и седум радио станици се лоцирани во Кабул, додека девет провинции имаа свои регионални телевизиски станици. Повеќето од електронските медиумите се во државна сопственост

### 2.2. Образование и писменост

Покрај забележителните подобрувања за време на владеењето на Мохамед Захир Шах (Mohammad Zahir Shah), во 1979 речиси 90%[28] од авганистанците биле неписмени.

Во 2006 година, се проценува дека 57 проценти од мажите и 87 проценти од жените биле неписмени, додека како главен економски недостаток е проценет недостатокот на обучени и образовани работници.

Започнувајќи со советската инвазија во 1979 година, постојаните војни целосно го уништиле и онака кревкиот едукативен систем, додека повеќето наставници ја напуштиле земјата. До 1996 година само 650 училишта биле во функција. Истата година, Талибанците го забрануваат образованието за жени и медрасите (училишта во муслимански верски објекти – џамии) станале главен извор на примарно и секундарно обазование. По падот на Талибанците во 2001, преодната влада добива значителна меѓународна помош за развој на образованието, но со честите напади на школите, Талибанците го забавуваат и овој процес. Министерството за образование во 2006 година проценува дека 8 милиони деца се во училиште, вклучително речиси 3 милиони девојчиња. Но покрај значителните напори за едукација на жените, во 2008 година

[28] Извор - http://www.indexmundi.com/afghanistan/literacy.html

односот помеѓу девојчињња наспроти момчиња во секундарните училишта бил еден спрема четири.

Високото образование истотака било проблематично. Кога во 2002 година Кабулскиот Универзитет е повторно отворен, речиси 24000 студенти, момчиња и девојчиња се запишуваат. Но и покрај ваквиот позитивен сигнал, рехабилитацијата на останатите универзитети во земјата останува спор. Во 2007 година се регистрирани 7 функционални унуверзитети, но само 22700 студенти се воделе како активни.

### 2.3. Здравство[29]

Воениот конфликт кој започнува со советската инвазија целосно го уништува здравствениот систем на земјата. Повеќето професионални медицински работници ја напуштаат државата во 80-тите и 90-тите и програмите за обука целосно замираат. Во 2003 година само 11 доктори и 18 медицински сестри биле на располагање на 100.000 популација. Во 2004 година на секои 27.000 лица на располагање им била една медицинска установа, додека поради нееднаквиот развој одредени центри биле надлежни за грижа на 300.000 лица. Во 2007 година се проценува дека една четвртина од населението нема допстапност до медицинска заштита. Особено е сиромашна неонаталната заштита. Смртноста кај новороденчињата и децата е меѓу највисоките во светот. Во 2005 година бројот на умрените новороденчиња во првиот месец од живот е 60 наспроти 1000 родени додека во руралните области секое петто дете умира пред да ја доживее својата 5та година. Смртноста кај мајките родилки е 1.900 наспроти 100.000.

Во исто време, физичкиот и психолошкиот ефект на војната значително ја зголемија потребата од медицинска заштита. Поради несоодветниот санитарен систем и недостапноста до питка вода, инфекции и паразитни болести како маларија и диареа се честа појава. Сушата во 1999-2002 дополнително ги влошила и онака ужасните услови.. Проценето е дека речиси 800.000 авганистанци се инвалиди. Поради распространетата интравенозна употреба на дрога и несигурните процедури и опрема за трансфузија на крв, Авганистан се смета за високо ризична земја за HIV вирусот. Во 2005 година проценето е дека 1 милион на лица се корисници на дрога од кои 200.000 користат опиум.

И покрај интензивната асистенција и помош од меѓународната заедница, Светската здравствена организација не очекува значителни подобрувања во наредната декада.

### 2.4. Социјален аспект

[29] Извор - World Health Organization. Country profile, Afghanistan. Available viahttp://www.who.int/countries/afg/en/. Accessed 5 Nov 2008.

Поради долготрајниот конфликт, Авганистан во светски рамки има процентуално најмногу вдовици и сирачиња (2005, 1 милион вдовици и 1,6 милиони сирачиња). Голем број на инвалиди или поранешни членови на регионалните војски се без никаков надомест ни средства за издржување. Значителната финансиска помош од запад води кон поларизирање на општеството притоа концентрирајќи ги средствата на мала елита на луѓе додека според проценките од 2006 на Британскиот оддел за меѓународен развој (British Department for International Development) речиси 70 проценти од популацијата преживува со помалку од $2 дневно.

## 3. Историја на Авганистан – историја на воени конфликти;

### 3.1. Пред исламски период

Археолошки докази наведуваат дека урбана цивилизација постоела на просторот на денешен Авганистан уште помеѓу 3000 и 2000 година п.н.е. Луѓето од Централна азија за кои се верува дека пристигнеле на територија на Авганистан по 20-тиот век п.н.е. го рашириле својот јазик кој преживеал до ден денешен во форма на Пашту (Pashto) и Дари (Dari). Средниот исток влијаел на културата во Авганистан, многу повеќе отколку хинду, зороастрианците, македонците и будистите. Првите историски документи датираат од раниот период на иранската Ахаеменска (Achamenian) династија која го контролирала регионот помеѓу 550 и 331 година п.н.е.. Помеѓу 330 и 327 година, Александар Македонски го порази Ахаменскиот владар Дариј III и се соочил со локален отпор на територијата на денешен Авганистан. Наследникот на Александар, Селеуцидс продолжил да го шири влијанието на елинистичката култура. Брзо потоа, индиската Мауриска империја превзема контрола на јужниот дел од Авганистан носејќи го будизмот со себе. Во средината на третиот век п.н.е. номадските племиња Кушани (Kushan) востановиле империја која подоцна станала културен и економски центар. Од крајот на владеењето на Кушаните, во третиот век од н.е. па се до 7 век од н.е. регионот е расцепка но главно под контрола на иранската Сасанска (Sassanian) империја.

**Исламско и монголско освојување:** По победата на Сасанците во 637 година, Арапските муслимани го започнале процесот на освојување на авганистанските племиња и воведувањето на исламот. До X век завршува владеењето во централна Азија на Арапската династија Абасид и нејзините наследници, династијата Саманид (Samanid). Династијата Газнавид (Ghaznavid), огранок на династијата Саманид стана првата голема исламска династија која владее со Авганистан. Во 1220 година, цела централна Азија потпаѓа под владеењето на монголите и нивниот водач, Џингис Кан. Авганистан е

ресцепкан се до 1380 година кога Тимур ја проширил постојната Монголска империја. Наследниците на Тимур владеат со Авганистан се до почетокот XVI век.

**Паштунски владетели:** Во 1504 година регионот потпаѓа под нова империја, Мугалите (Mughal) од северна Индија кои во наредните два века се натпреваруваат за надмоќ со иранската Сафави (Safavi) династија. По смрта на големиот Сафави водач, Надир Шах (Nadir Shah) во 1747 година, локалните паштуни, познати како Дурани (Durrani) започнува период на стабилно владеење кое трае се до 1978 година. Првиот Дурани владетел, Ахмад Шах (Ahmad Shah), познат како основач на авганистанската нација, ги обединува паштунските племиња и до крајот на 1760 година создава империја која се протега од Делхи (Индија) до Арапското море. Империјата се распаѓа по смрта на Ахмад Шах во 1772 година, но во 1826 година, Дост Мохамед (Dost Mohammad) лидерот на паштунските племиња, воспоставува ред.

### 3.2. Големата игра (the Great Game)

Дост Мохамед вледее на почетокот на „Големата игра", натпревар долг еден век за доминација во Централна Азија и Авганистан помеѓу Русија од една страна која има намера за експанзија на југ и Британија која се обидува да го заштити својот интерес во Индија (и Пакистан кој е дел на Индија во тоа време). За време на овој период, авганистанските владетели воспоставувале божемна независност поради тоа што мораle да прават некакви неизбежни компромиси. За време на Првата Англо-Авганистанска војна (1839-42), британците го отстрануваат Дост Мохамед од тронот но во 1842 година ги напуштат своите гарнизони. Во наредната декада, руските сили се доближуваат до северните граници на Авганистан. Во 1878 година, Британија по втор пат го окупира Авганистан (Втора Англо-Авганистанска војна). Во 1880 година, Абдур Рахман (Abdur Rahman) припадник на Дурани династијата го започнува 21 годишното владеење со Авганистан проследено со турбуленции, балансирање помеѓу Русија и Британија, ги консолидира авганистанските племиња и ја реорганизира цивилната администрација со што ги удира темелите на модерната држава.

Во овој период, Британија ја осугурува линијата Дуранд (Durand Line) која го раздвојува Авганистан британските колонии со што се посејува семето на идните конфронтации и тензии за поделеноста на паштунските племиња. Синот на Абдур Рахман, Хабибула (Habibullah) кој владее со Авганистан од 1901 до 1919, ги продолжува административните реформи на својот татко и ја одржува неутралноста на Авганистан во Првата Светска Војна.

### 3.3. Целосна независност

Во 1919 година, Авганистан го потпишува Договорот од Равалпинди (Rawalpindi) кој го означува крајот на Третата Англо-Авганистанска војна и го одбележува официјалниот ден на независност. Во периодот помеѓу двете светски војни, Авганистан повторно е баланс помеѓу светските сили; синот на Хабибула, Аманула (Amanullah) кој владее со Авганистан од 1919 до 1929 година мудро ги манипулира ривалите и воспоставува односи со поголемите земји. Аманула во 1923 го промовира првиот устав на својата земја. Аманула ја приведува кон крај традиционалната изолација на Авганистан. Напосредно по европската турнеа во 1927-та ја нотира својата намера за модернизација и секуритизација по примерот на Ататурк. Овие реформи како што е забраната за носење на традиционалниот вел (бурка) предизвикува непријателства помеѓу племенските водачи и религиозните луѓе. Отпорот кон неговите реформи го тераат да абдицира во 1929. Во 1933 година, внукот на Аманула, Мохамад Захир Шах (Mohammad Zair Shah), последниот крал на Авганистан, го започнува своето 40 годишно владеење.

По Втората Светска Војна, во која Авганистан останува неутрален, постојаниот немир помеѓу паштунските племиња предизвикува тензија со соседниот Пакистан, основан во 1948 година на другата страна на линијата Дуранд. За возврат, Авганистан ја пренасочува својата надворешна политика кон Советскиот сојуз. Премиерувањето (1953-63) на роднината на кралот, Мохамад Дауд (Mohammad Daoud) било внимателно реформистичко, модернистичко и централизирано додека ги зајакнувал врските со Советскиот сојуз. Но во 1963, Захир Шах го отпушта Дауд поради тоа што неговата анти-пакистанска политика предизвикала штета на авганистанската економија.

Новиот устав, ратифициран во 1964 година, на некој начин ја либерализира уставната монархија. Во 1973, Дауд ја отфрла монархијата и востановува република. Кога економската положба не се подобрила и Дауд ги изгубил повеќето свои поддржувачи, комунистичките фракции во 1978 го сменуваат од власт.

### 3.4. Република Авганистан и крајот на монархијата

Обвинувањата за корупција, несоодветно однесување на кралското семејство и лошата економска состојба дополнително зголемена поради сушите во 1971-72 доведоа до промена на власта со ненасилен државен удар. Претходниот премиер Мохамад Сардар Дауд Кан (Mohammad Sardar Daoud Khan) ја превзема власта на 17 јули 1973. Дауд ја укинува монархијата и уставот од 1964, го декларира Авганистан за република и се промовира себеси за прв претседател и премиер. Неговите обиди за спроведување на

економски реформи поминаа без позначајни успеси. Уставот донесен во 1977 година не воспостави ред на политичката сцена.

Во 1978 година од страна на владините сили беше убиен Мир Акбар Кибер (Mir Akbar Khyber), значаен член на Народната демократска партија на Авганистан (НДПА). НДПА плашејќи се за судбината на своите членови, особено поради фактот дека многумина од нив биле уапсени кратко по убиството на Кибер. Меѓутоа, Хавизула Амин (Hafizullah Amin) и бројни офицери од редовите на милитантната фракција (Калк) на НДПА успеаа да опстојат и притоа организраат воен удар.

На 27 април 1978, НДПА предводена од Нур Мохамад Тараки (Nur Mohammad Taraki) ја соборуваат владата на Дауд по што Дауд и целокупната негова фамилија е убиен. Воениот удар е попознат како **Саур Револуција**. На 1 мај Тараки е назначен за Претседател и Премиер на Авганистан и генерален секретар НДПА по што Авганистан е именуван како Демократска Република Авганистан. Режимот на НДПА опстојува во една или друга форма се до април 1992.

Од моментот на доаѓање на власт, НДПА имплеметира либерална и марксистичко-ленинова агенда. Се обидува да ги замени традиционалните и религиозните закони со мерксистичко-ленинистички[30]. Мажите морале да ги бричат своите бради, жените не смееле да носат превези додека светилиштата биле забранети. НДПА спроведува бројни реформи во однос на правата на жените; забранети биле присилни бракови, дозволено било правото на глас за жените и бил отворен патот за влез на жените во политичкиот живот. НДПА спроведува и социјални реформи во земјоделието кои не биле прифатени речиси од целокупното население.

Се до 80-тите, Авганистан произведувал речиси 70% од светското производство на опиум. Тараки прави обиди за забранување на одгледувањето на афион. Отпишани се долгови на фармерите кон државата и започнуваат проекти за развој и реформи во земјоделието.

Поради својата социјалистичка политика, Тараки предизвикува и силна опозиција во САД. Речиси истовремено со доаѓањето на НДПА на власт, Централната агенција за разузнавање (CIA) во соработка со Саудиска Арабија и Пакистанската разузнавачка

[30] Извештај во the San Francisco Chronicle (17 ноември 2001) нотира дека под режимот на Тараки, Кабул во 1980 бил космополитски град. Жените изучувале земјоделие, архитехтура и бизнис. Авганистанските жени работеле во владините институции, неколку од нив биле и во парламентот. Жените возеле автомобили и патувале. Педесет проценти од студентите биле жени.

служба лансира силна кампања за поддршка на опозиционите феудални лордови, религиозни лидери и трговци со опиум

НДПА го кани Советскиот сојуз (СССР) да асистира во модернизирањето на економската инфраструктура (рудници за минерали и земјен гас). СССР испраќа контрактори за изградба на патишта, болници, училишта, бунари за вода и ја обучува и опремува авганистанската армија. По доаѓањето на власт на НДПА и создавањето на Демократска Република Авганистан, СССР ветува дека ќе донира помош од речиси 1262 билиони американски долари.

Во исто време, НДПА затвора, измачува и убива илјадници членови на традиционалната политичка елита, религиозни водачи, интелегенција и етнички малцинства. Според проценките на Human Rights Watch речиси 100.000 лица биле убиени од страна на владините сили.

### 3.5. Советска окупација

Во 1978 година водството на НДПА потпишува договор со Советскиот совет кој дозволува воена помош за Авганистан доколку тоа е потребно. Мноштво на население во големите градови гледало на новата политика со одобрување, но во внатрешноста, поради економската ситуација и репресиите оваа политика е непопуларна. До пролетта 1979 година, немири се регистрирани во 24 од 28 авганистански провинции вклучително и големите урбани области. Повеќе од половина од армијата или била дезертирана или се приклучила на немирите против власта.

САД ја воочуваат ситуацијата како извонредна можност да се ослаби позицијата на СССР. Како дел од стратегијата од Студената војна, во 1979 година САД (под претседателство на Џими Картер и советникот за национална безбедност Збигњев Бжежински започнува со прикриено финансирање и обука на анти-владините муџахедински сили со помош на пакистанската тајна служба.

За да ја зајакне владата на НДПА, Советскиот сојуз решава да интервенира. На 24 декември 1979, Црвената армија врши инвазија на тогашниот јужен сосед. Повеќе од 100.000 советски трупи поддржани од повеќе од 100.000 авганистанска војска и поддржувачи на НДПА биле дел од инвазијата. Советската интервенција претставувала извонредна можност Централната разузнавачка агенција да го трансформира племенскиот отпор во света војна, исламски џихад со цел да се избркаат безбожните комунисти од Авганистан. Во текот на наредните години, САД и Саудиска Арабија потрошиле околу $40 – $60 билиони за војната во Авганистан. Централната разузнавачка агенција и

нејзините сојузници регрутирале речиси 100.000 муџахедини од четириесет муслимански земји, вклучително Пакистан, Саудиска Арабиа, Иран, Алжир и др. Помеѓу тие кои се одзвале на повикот, бил и саудискиот милиониер Осама бин Ладен и неговите следбеници. САД ја канализира поддршката преку Пакистанската разузнавачка агенција.

**Женевските договори**

До средината на 80-ите, активниот отпор на авганистанците ги исцрпувало сите ресурси и позиции на Советскиот сојуз, во воена смисла и во однос на позициите во меѓународните односи, особено со западните и муслиманските земји. Од 1982 година се одвиваат неформални преговори за повлекување на советските трупи од Авганистан. Во 1988 година биле потпишани Женевските договори кои предвидуваа план за повлекување на советските трупи најдоцна до 15 февруари 1989 година. Околу 14.500 советски и околу еден милион авганистански животи се изгубени помеѓу 1979 и 1989. Речиси 6 милиони избеглици во соседните Пакистан и Иран, а од таму повеќе од 38.000 пребегани во САД и Европа. Соочени со растечкиот меѓународен притисок и големиот број на жртви на обете страни, Советскиот сојуз се повлекува во 1989. Повлекувањети на СССР од Авганистан е видено како идеолошка победа на САД и нејзините сојузници. СССР се до 1992 продолжил да го поддржува претседателот Мохамад Наџибула (Mohammad Najibullah) поранешен шеф на тајната служба на Авганистан (*KHAD*). Всушност, владата на Наџибула одржуваа доволна популарност за да се бори против муџахедините уште три години по повлекувањето на СССР наджИвувајќи го Советскиот сујуз за една година.

### 3.6. Граѓанската војна и Талибанците

Договорот од 1988 не ги намали разликите помеѓу владата и муџахедините и во 1992 година Авганистан влегува во граѓанска војна која дополнително ја разруши и онака очајната економија. Помеѓу лидерите на завојуваните фракции биле: Ахмад Шах Масул (Ahmad Shah Massoul), етнички таџик; Гулбудин Хекматиар (Gulbullin Hekmatyar) паштунец; и Абдул Рашид Дотсум (Abdul Rashid Dostum), узбек.

По превземањето на Авганистан, муџахедините започнале борба за превласт меѓусебе. Тие ги разурнале градовите, го тероризирале населението, организирале масовни јавни егзекуции, затвораат училишта, силуваат иљадници жени и девојчиња[31].

Владеејќи во гангстерски стил и изнаоѓајќи криминални извори за финасирање, им се наредува на племињата да ги засадуват полињата со афион. Пакистанската ISI

[31] Во 2001, Amnesty International известува дека силувањата ги користеле како метод за казнување на „непослушните“ граѓани и наградување на своите војници.

воспоставува стотици лаборатории за производство на опиум на целата територија на Авганистан. За две години од доаѓањето на власт на Муџахедините, Авганистан станува најголем производител на опиум во светот.

Муџахединските платеници од целиот свет продолжуваат со својот начин на живот. Стотици од нив се враќаат дома (Алжир, Чеченија, Косово и Кашмир) за да изведуваат терористички напади во името на Алах.

Во Авганистан, екстермните струи на Сунитските муслимани- наречени Талибанци – значително финансирани од Централната разузнавачка агенција и Пакистанската разузнавачка служб и со поддршка на исламистичките политички партии во Пакистан го пробиваат својот пат кон власта. Талибанците во 1995 година го обиколуваат Кабул и започнуваат артилериско гранатирање на станбените делови со што за прв пат во историјата на Кабул, градот и цивилите се цели. Во септември 1996 година, Талибанците со воена поддршка од Пакистан се подготвуваат за крајна офанзива над градот под контрола на Масуд. Масуд со своите привrзаници се извлекува од градот по што на 27 септември 1996 година Талибанците прогласуваат Исламски емират Авганистан.

Во практикувањето на власта, Талибанците ја користат екстремната интерпретација на исламот за да се здобијат со целосна, репресивна контрола над целокупното општество. Економијата останува во рушевина додека мноштво од владините служби се затворени. Талибанците ветуваат крај на фракциските борби и бандитството (препознатливо за Муџахедините). Осомничените шпиуни и убици се егзекутираат на јавни места додека на осомничените за кражби им се отсекуваат екстремитетите. Ги осудуваат предбрачните сексуални односи, хомосексуализмот и педофилијата, ја забрануваат музиката, театарот, библиотеките, литературата, секуларното образование и мноштво научни истражувања.

Се практикува дотогаш невиден религиозен терор. Сите мажи задолжително морале да носат непотстрижани бради, жените морале да бидат покриени од глава до пети (покриено лице) со превези наречени бурки. Жените биле отстранети од социјалниот живот, немале право на никакво образование ниту на било каква можност да работат надвор од своите домови. Ако нешто позитивно може да се каже за Талибанците е тоа дека дефинитивно ставиле крај на хаосот, убиствата без повод и силувањата кои муџахедините ги практикувале редовно. Во 2000 година, Талибанците го забрануваат садењето на афион на териториите под нивна контрола. Постапка која по проценката на United Nations International Drug Control Program била во целост успешна. Со симнувањето

на Талибанците од власт во 2001 година и поставувањето на прозападната – муџахединска власт во Кабул, производството на опиум драматично се зголемило.

Ништо од горенаведеното не предизвикува загриженост во Вашингтон. Напротив, се до 1999, САД ги обезбедувал платите на сите владини лица во владата на Талибанците. Се до октомври 2001 година, администрацијата на Буш јавно не ја осудувала половата репресијата.

Талибанците дозволуваат на арапската терористичка организација Ал-Каеда да ја користи територијата на Авганистан како своја база. По терористичкиот акт врз САД на 11 септември 2001 година, Талибанците го одбиваат меѓународниот притисок да ја предадат Ал-Каеда и нејзинио лидер Осама бин Ладен. По нападите на САД и сојузниците на Авганистан есента 2001, талибанската влада паѓа но лидерите на Талибанците и Ал-Каеда пребегнуваат. Започнува „окупација“ која трае до ден денес.

Годините на војна кои следат одземале десетици илјади авганистански животи. Покрај тие што настрадале од оружје се и мноштво кои настрадале поради глад, недостаток на вода, студ и немање засолниште.

### 3.7. Понова историја (2001–...)

На 9-ти септември 2001 година, двајца Арапи, самоубици, наводно припадници на Ал Каеда, претставувајќи се како новинари, додека го интервјуираат Ахмед Шах Масуд (Ahmed Shah Massoud) [32] детонираат бомба скриена во видео камера. Атентатот на 9 септември не е прв обид за убиство на Масуд. Масуд во изминатите 26 години преживеал безброј обиди за убиство организирани од завојуваните фракции, Пакистанската и Советската разузнавачка служба.

[32] Ахмад Шах Масуд (**Ahmad Shah Massoud**;دمحا داش مسعود A mad Šāh Mas'ūd) бил студент на кабулскиот универзитет кој станал воен лидер кој играл главна улога во протерувањето на Советските трупи од Авганистан заслужувајќи го надимакот „лавот од Панџир ("**Lion of Panjshir**"; (ریش پنجشیر)). НегоHis followers call him **Āmir Sāhib-e Shahīd** (Our Beloved Martyred Commander). Суни Муслиман кој јасно и одлучно го одбива талибанското толкување на исламот, а со тоа спротивставувајќи се на Ал Каеда и Саудиска Арабија. Неговите следбеници гледале во него не само воен туку и духовен водач.
По повлекувањето на совеските трупи од Авганистан, весникот „the Wall Street Journal“ го нарекува Масуд „авганистанецот кој ја победи студената војна“. По колапсот на власта поддржана од советите во 1992 година, Масуд станува Министер за одбрана во владата на Бурханудин Рабани (Burhanuddin Rabbani). По подемот на Таибаните, Масуд повторно е во улога на опозициски воен командант предводник а Обединетиот исламски фронт (познат како Северната алијанса).
На 9-ти септември 2001 година, двајца Арапи, самоубици, наводно припадници на Ал Каеда, претставувајќи се како новинари детонираат бомба скриена во видео камера додека го интервјуираат Ахмед Шах Масуд (Ahmed Shah Massoud) Наредната година, по наредба на претседателот Карзаи прогласен е за народен херој и номиниран е за престижната Нобелова награда за мир.

Некои аналитичари гледаат поврзаност помеѓу атентатот на Масуд и нападот на Светскиот трговски центар два дена подоцна. Наводно, Масуд за време на својот говор пред Европскиот парламент неколку месеци претходно предупредил за нападите.

На терен, американски и британски специјални единици, заедно со оперативци на Централна разузнавачка агенција работат со командантите на Северната алијанса во подготовка на лансирање на воена операција против талибанските сили. Северната алијанса, во ноември 2001 година, изведува напади кои водат до пад Кабул додека Талибанците се повлекуваат кон планинската Линија Дуранд на границата со Пакистан. Од 2002 натаму, Талибанците започнуваат регрупирање додека се повеќе коалициски трупи се трупаат во Авганистан.

## 5. Напредок во Авганистан во изминатата декада во однос на клучните области во економско-социјалниот развој, владеење и почитување на човековите права;

...„2014 нема да биде како 1989“...[33]

По падот на Талибанците во 2011, меѓународната заедница во соработка и со согласност со преодните власти на Авганистан, се заложи да обезбеди долгорочна поддршка за реконструкција и возобновување на земјата. Социо-економските предизвици беа во фокусот на настаните.

### 5.1 Реконструкција и развој

Во војна која траела повеќе од 20 години (1979 – 2000), Авганистанската инфраструктура е разрушена и човечкиот развој во целост не постои како процес. Особено жените и малцинските групи се маргинализирани. Во земја во која половината од населението се деца, само еден милион деца (8 проценти од сите деца во Авганистан) се формално во училиште од кои многу малку девојчиња. Само 9 проценти од населението, најголемиот дел од нив во градовите имаат пристап до здравствена заштита. Речиси и да не постои државна инфраструктура. Згора на се, Авганистан по 12 години од повлекувањето на советските трупи се соочува со нова меѓународна воена интервенција.

Во однос на наведеното, значителен напредок е направено во последните 11 години (2001–2012). Напорите на авганистанскиот народ, авганистанската влада и меѓународните донори предизвикаа значителен напредок во некои области на човековиот прогрес. Денес, во споредба со состојбите пред 11 години, Авганистан од многу аспекти е понапредно

[33] Дел од обраќањето на г-дина Стефан Де Мистура, цивилниот претставник на НАТО во Авганистан пред Советот за безбедност на Обединетите нации, 06 јули 2011

плуралистичко општество. Речиси четвртина од претставниците во двата дома на парламентот на Авганистан се жени и иако има уште многу што да се направи, женските општествени групо стануваат се повлијателни и кредибилни. Повеќе стотини слободни телевизиски и радио станици претставуваат движечка сила за градење на цивилно општество.

Мерливи достигнувања во последната декада:

- намалување во морталитетот на децата од 26 проценти;
- денес, 85 проценти од населението има пристап до здравствената заштита во споредба со 9 проценти во 2001;
- бројот на здравствени работници достигна 20.000 во споредба со 2.500 во 2004;
- вакцинацијата против детските болести е 83 проценти во споредба со 31 процент во 2000;
- во последните 10 години, достапноста на населението до основното образование е зголемена од 1 милион на 7 милиони;
- пред 10 години, ниту едно учулиште не било формално посетувано од девојчиња, денес, повеќе од 2,5 милиони девојчиња се во училиште;
- промоцијата и заштитата на детските права е подобрена Авганистан ја ратифицира Конвенцијата на ОН за правата на децата од 1994 и го достави својот прв извештај во 2008;

Но и покрај наведениот напредок, авганистанците се прашуваат зошто не е направено повеќе особено имајќи ја во предвид огромната помош од странство дистрибуирана во земјата. Од аспект на пристапноста до здравствената заштите, бројот на девојчиња во училиштата и т.н., многумина имаат бенефит, но состојбата во маргинализираните заедници и тие кои се тешко достапни не е променета во однос на таа во 2001. Во хетерогена средина со значителни етнички, политички и социо-економски разлики, напредокот е далеку од рамномерен.

### 5.2. Економски раст и развој

Економскиот раст на Авганистан продолжува да бележи постојан раст од 8,5% на годишно ниво. Сепак, овој раст примарно е достигнат преку донации, трошење на ИСАФ и превземени инвестиции за постигнување на посакуваното транзициско темпо. Оваа стапка на раст е критична за постигнување на стабилност на долг рок, но се соочува со значителни предизвици во однос на незрелоста на економскиот сектор, распространетата корупција и неразвиената инфраструктура.

Неодамнешна студија на Светската банка на транзициската економија предвидува раст на рударскиот сектор но истовремено пад на растот во транзициskiot период до 6% на годишно ниво и 4-5% по 2014-та[34].

Иако ИСАФ и меѓународната заедница досега ја обезбедиле критичната инфрастрктура неопходна за достигнување на одржлив развој, недостатокот на енергија претставува главна пречка. Производството и дистрибутивната мрежа на електична енергија во Авганистан е далеку од неопходното ниво за постигнување на постојан раст. Авганистанските власти бележат постојан раст на приходите генерирани од царината, граничните работи и растот на рудната индустрија, сепак трошоците и во идните проценки значително ги надминуваат потребите.

Авганистан е земјоделска земја. Економијата на Авганистан е 80% базирана на одгледување, производство и трговија со прехранбени производи. Но за разлика од другите економски области, земјоделието бележи најмал раст. Несигурните приходи на храна поткрепени со чести суши и поплави претставуваат загрижувачки фактор.

**5.3. Владеење**

Авганистанските власти постепено развиваат капацитети за обезбедување на стабилно, ефикасно и одговорно владеење. Но, одржливото владеење е загрозено од повеќе фактори: распространета корупција, зависност од меѓународната помош и поддршка и дисбаланс на моќта помеќу легислативната и извршната власт. Дополнителен проблем претавува и неедукација на соодветен кадар.[35]

Во изминатиот период, извршната и легислативната власт демонстрираат одреден напредок во справување со одговорностите. Извршната власт се фокусира на администрирање на процесот на транзиција и склучување на долгорочни стратегиски договори со Обединетото Кралство, Франција, Италија и Туркменистан. Легислативната и судската власт, со поддршка од меѓународната заедница покажува одреден напредок во обука и пополна со персонал на институциите на регионално ниво. Сепак, хроничниот недостаток на персонал и ограничената слобода на движење имаат свое влијание врз спроведување на законите на регионално и посебно на локално ниво. Од таму, неспособноста на централната власт да ги спроведува законите го зајакнува чувството на успех на властите во сенка.

[34] Извор - http://www.worldbank.org/en/country/afghanistan
[35] Kenneth Katzman, Afghanistan: Politics, Elections, and Government Performance, CRS, RS21922 (Washington, DC: CRS, June 1, 2011).

Во легислативниот дел, Националното собрание покажува значителен напредок во спроведувањето на зацртаната агенда, но сепак остнува под значително влијание на извршната власт. Ова особено стана евидентно при формирањето на новиот кабинет на Карзаи кога Парламентот не прифати номинација на дел од кабинетот, но под притисок на Карзаи седум од одбиените кандидати влегуваат во состав на кабинетот.

Институционалната структура на провинциската власт е дефинирана во авганистанскиот устав, Закон за локална власт, Политика за локално владеење и други регулативи. Резултатот е високо централизирана структура на провинциската власт каде буџетирањето е диктирано од централните министерства и Министерство за финансии. Иницијално, имплементацијата на услугите е примарно раководено од страна на централните министерства, обврска која со тек на времето треба да се делегира на регионално ниво.

Органите на провинциската власт успеваат во многу региони да воспостави структура и делумно да ги обезбеди соодветните услуги за населението. Одтаму, владеењето во Авганистан останува високо централизирано и диктирано од надлежните министерства. Како физички се зголемува растојанието од провинциските и центри и Кружниот пат така се намалува влијанието на централната и провинциската моќ и власт.

Поддршката на провинциската и централната власт варира од регион до регион и во суштина е во релација со нивото на владеење демонстрирано во дадениот регион. Комуникацијата и координацијата помеѓу локалната власт и Кабул е област каде е постигнато најниско ниво на напредок. Оваа состојба се должи првенствено на зависноста од министерствата од централната власт од кои зависи протокот на финасирање, а со тоа и функционирање на провинциските власти.

### 5.4. Владеење на правото

САД и коалиционите партнери спроведуваат широк спектар на програми кои го промовираат владеењето на правото: поддршка на цивилни тимови за поддршка на владеењето на правото, обука на судии, обвинители и службеници во поправните центри, обезбедување на инфраструктура за судови и поправни центри (затвори), обука на полициски сили во спроведување на законите и многу други.

Во суштина, напредокот на владеењето на правото бележи променлив раст. Главни предизвици остануваат: недостапност на голем дел од населението во рурални средини до институции за спреведување на правото, (не)заштита на човековите права загарантирани

со авганистанскиот устав, корупција, транспарентност и незадоволителна заштита на објектите за спроведување на законите и ангажираниот персонал.

Неуспехот на владеењето на правото може да се препише и на самите авганистанци. Талибанскиот начин на спроведување на законот успешно ги пополнува празнините и потребите на заедницата. Работејќи го тоа, Талибанците успеваат да воспостават власт во сенка која не само што ја поткопува централната власт туку и овозможува практикување на криминални и бунтовнички активности. Но, во отсуство на демократската власт, авганистанскиот народ ги гледа Талибанците како своевиден излез - подобро некаков одколку никаков ред.

Да се исполнат сите услови за безбедност и одржливост на власта, неопходна е успешна транзиција на одговорностите и во доменот на владеење на правото во сите аспекти на правниот сектор - полиција, судови, затвори и на сите нивоа – локално и централно.

НАТО (ИСАФ) во целост ја има трансферирано одговорноста за овој сегмент на поддршката за Авганистан кон UNAMA (Мисија на ОН за поддршка на Авганистан). За жал, UNAMA се покажува недорасната за предизвикот. Во насока на пополнување на празнината, САД и коалиционите партнери активно, преку ангажман на структурите на ИСАФ (NTM-A, IJC, PRT) и мноштво на невладини организации проактивно работат на остварување на зададената агенда.

Во насока на поголема координација на вариететото на актери во областа, во јуни 2011, Министрите за одбрана на НАТО усвојуваат насоки за воспоставување на засебна мисија NATO Rule of Law Field Support Mission – Afghanistan (NROLFSM-A). Иницијално, NROLFSM-A била наменета за дополнување и по потреба превземање на одговорностите за врска и координација помеѓу UNAMA и другите актери од областа.

NROLFSM – A обезбедува основни капацитети и способности, безбедност и обука во поддршка на изградба на авганистанските капацитети за спроведување на владеењето на правото. Мисијата на NROLFSM – делува на четири полиња, (1) развој на човечки капацитети, (2) изградба на оддржлива инфраструктура, (3) промоција на транспарентност на човековите права и достапноста до судските инстанци и (4) обезбедување на безбеност на судските органи со цел спроведување на фер процеси.

## III. Безбедносна состојба во Авганистан

### 1. Политиката на САД пред/по нападите на 11 септември 2001;

Во текот на 2001 година, се до нападите на 11 септември 2001, политиката на администрацијата на Буш во однос на Авганистан не се разликува многу од политиката не неговиот претходник, Клинтон. Имено, САД воведува економски и политички санкции/притисок врз Талибанскиот режим но сепак одржувајќи дијалог со Талибанците и оградувајќи се од отворена поддршка на Северната алијанса.

Во согласност со Резолуцијата 1333 на Советот за безбедност на ОН, во февруари 2011 САД наложува затварање на официјалното претставништво на Талибанците во Њу Јорк. Во март 2001, админстрацијата на САД прима пратеник од Талибанците да преговараат за билатерални прашања. Како главно одалечување на политиката на Буш од онаа на Клинтон е „приближувањето“ на САД кон Пакистан со цел да се намали влијанието и поддршката на Талибанците од страна на Пакистан.

*Нападите на 11 септември 2011*

Ужаснати од поразителните последици од нападите на 11 септември 2001, владата на САД одлучила да возврати со воена сила и започнала да ги подготвува своите вооружени сили за да го собори талибанскиот режим кој сметале дека ја штити Ал-Каеда. Пред да нападнат, САД му дале можност на талибанскиот лидер Мулах Омар да го предаде Бин Ладен и неговите најблиски соработници. Првите сили кои биле поставени во Авганистан биле паравоени единици од елитната Дивизија за специјални активности на Централната разузнавачка агенција.

Талибанците понудиле да го предадат Бин Ладен на судење во неутрална земја доколку САД обезбедат докази за соучество на Бин Ладен во нападите. Претседателот на САД, Џорџ Буш одговорил: „Знаеме дека е виновен. Предадете го“, а британскиот премиер Тони Блер ги предупредил талибанците: „Предадете го Бин Ладен или предадете ја власта“.

Набргу САД и нивните сојузници го нападнале Авганистан и заедно со авганистанската Северна алијанса ја симнале од власт талибанската влада.

Како резултат на употребата на специјалните сили на САД и обезбедувањето на воздушна поддршка за копнените сили на Северната алијанса, биле уништени талибанските и камповите за обука на Ал-Каеда. По овие акции се смета дека бил нарушен голем дел од оперативната структура на Ал-Каеда. Откако биле протерани од

своите основни позиции во областа Тора Бора во Авганистан, многу од борците на Ал-Каеда се обиделе да се прегрупираат во регионот Гардез.

Повторно, прикриени со интензивни воздушни бомбардирања, пешадијата на САД и локалните авганистански сили нападнале, ја уништиле воената позиција на Ал-Каеда и убиле или заробиле многу од војниците. До почетокот на 2002 година, на Ал-Каеда и бил нанесен сериозен удар во нејзините оперативни капацитети, а авганистанската инвазија имала почетен успех. Сепак, во Авганистан продолжил талибанскиот бунт и првите двајца лидери на Ал-Каеда, Бин Ладен и Ал Завахири избегнале апсење.

Се водела дебата за вистинската природа на улогата на Ал-Каеда во нападите на 11 септември 2001 и откако започнала инвазијата на САД, Министерството за надворешни работи на САД објавило видеолента на која се гледало како Бин Ладен разговара со мала група на приврзаници некаде во Авганистан, кратко време пред талибанците да бидат симнати од власт. Иако автентичноста била доведена во прашање, лентата всушност ги поврзувала Бин Ладен и Ал-Каеда со нападите на 11 септември 2001 и била пуштена на многу телевизиски канали низ светот, со англиски превод обезбеден од страна на Министерството за одбрана на САД.

Во септември 2004 година, Националната комисија за терористички напади на САД (Комисијата 11 септември 2001), која ги истражувала нападите од 11 септември официјално заклучила дека нападите биле смислени и имплементирани од страна на оперативците на Ал-Каеда. Во октомври 2004 година, на видеолента објавена преку Ал Џезира, Бин Ладен ја презел одговорноста за нападите, кажувајќи дека бил инспириран од израелските напади врз солитери во инвазијата на Либан од 1982 година: *„Како што гледав во срушените кули во Либан, ми дојде на ум дека треба да го казниме угнетувачот и дека треба да уништиме кули во Америка со цел да почувствуваат дел од она што ние почувствувавме и така да ги заплашиме да не убиваат наши жени и деца“.*[36]

## 2. Развој на безбедносната ситуација (2001 - ...)

На 07 октомври 2001 година, по одбивање на Талибанците да го предадат Бин Ладен, САД и нивните сојузници започнуваат секојдневни воздушни напади насочени кон Авганистанските воени инсталации и обучните кампови на Ал Каеда. Пет недели подоцна, со воздушна поддршка од САД, Северната алијанса со зачудувачка брзина успеваат да ги завземат клучните градови, Мазар е Шариф и Кабул. На 7 декември, Талибанскиот режим

[36] Познатиот цитет на Осама Бин Ладен кој наводно е искористен како признание за одговорност за нападите на 11 септември 2001 година. Видео лентата е прикажна на телевизискиот канал Al Jazeera na 29 oktomvri 2004

колабира целосно напуштајќи ги последните упоришта во Кандахар. Меѓутоа, Ал Каеда другите екстремисти кои до скоро се бореа покрај Тлибаните, продолжуваат со отпор на одделни упоришта приморувајќи ги коалиционите сили да останат во целост на терен.

Во декември 2001, Хамид Карзаи (паштунец) водач на моќен паштунски клан (Популзаи) е именуван за лидер на преодната влада на Авганистан. Во јуни 2002 година и формално е назначен за претседател на Авганистан. САД одржува околу 12.000 трупи за да се справи со остатоците од отпорот додека 32 нации започнуваат да придонесуваат кон меѓународната мисија под мандат на ОН. Во 2003 година, командата над ИСАФ ја превзема НАТО. Истата година, по насочување на фокусот на САД кон Ирак, се интензивираат бунтовничките операции и нападите над коалициските сили и започнува регрупирање на Талибанците и Ал Каеда.

Контролата на централната власт на Карзаи е ограничена со постоење на регионални „лордови на војната" кои практикуваат власт на територијата под контрола и одржуваат силни воени единици. За нотирање е дека првите демократски парламентарни избори одржани во 2004 година поминуваат зачудувачки успешно. Десет милиони авганистанци, повеќе од третина од целокупната популација, вклучувајќи и 40% женска популација го изгласуваат Карзаи за нов мандат со освоени 55% од вкупните валидни гласови.[37]

На 5 мај 2005 година, 17 лица се убиени за време на анти-Американски протести предизвикани од извештај во дневниот печат за постапките на обезбедувањето во Гвантамо Беј кон светата книга – Коранот.

*Повторниот подем на Талибанците*

Во текот на 2005-2006 година продолжуваат нападите на Талибанците врз коалициските сили. Во 2005 година бројот на американски трупи на терен постепено се зголемува на речиси 18.000. Пролетта 2006-тата Талибаските сили се инфилтрираат во јужен Авганистан тероризирајќи го локалното население и напаѓајќи ги коалициските сили. Во 2006, НАТО силите ги превземаат воените операции од силите на САД во јужен Авганистан притоа карактеризирајќи ја најновата мисија на НАТО како најопасна во својата 57 годишна историја.

Нападите на Талибанците се интензивираат во 2007 префрлајќи го фокусот од јужен на источен Авганистан со сили кои ја преминуваат границата од соседен Пакистан.

[37] Извор – Независна изборна комисија на Авганистан (Independent Election Commission of Afghanistan), www.iec.org.af

Пакистанската власт, покрај притисоците од западните дипломати и медиумите, го негира ангажманот на Пакистанската разузнавачката служба во поддршка на исламските милитанти. Во 2007 година, извештај на ОН имплицира дека Талибанците се инволвирани во трговијата со опиум. Производството на опиум е речиси удвоен во изминатите две години. Во извештајот се истакнува дека Авганистан обезбедува речиси 93% од светското производство на хероин[38].

Во 2007-2008 година, Талибанците продолжуваат да лансираат напади и да се здобиваат со моќ. Секретарот за одбрана на САД, г-дин Роберт Гејтс ги предупредува НАТО земјите за заканите од терористички напади на нивна територија предизвикани и организирани од Ал Каеда и поради тоа (тие) мора да декларираат повеќе трупи за да се стабилизира Авганистан и да се спротивстават на растечката моќ на Ал Каеда и Талибанците.

Самоубиствениот бомбашки напад за време на борба на кучиња во Кандахар во февруари 2008 година убива околу 80 лица и повредува речиси 100. Помеѓу загинатите е и локалниот шеф на полицијата. Во април 2008, претседателот Карзаи преживува обид за атентат за време на парада за прослава на националниот ден на Авганистан. Бунтовниците пенетрирале во обезбедувањето на претседателот сугерирајќи дека имале внатрешен соработник при планирањето на нападот. Во јуни, владата на Авганистан излегува со изјава дека имаат информации дека пакистанската разузнавачка служба (ISI) го раководела атентатот.

Во текот на 2008 година САД го зголемува своето присуство во земјата на 34.000 трупи, што во наредниот период се покажува како недоволно за да го успори налетот на бунтовниците. Јуни 2008 година е најсмртоносниот месец за коалицисите сили од почетокот на кампањата. Извештај наменет за Пентагон известува дека коалициските сили се соочуваат со две одвоени групи, Талибанците на југ и збир на бунтовнички групи кои оперираат во граничниот појас со Пакистан. Целта на групите е да се истераат странските трупи од Авганистан, да се елиминира централната власт, воспоставување на конзервативна паштунска власт која ќе ги спроведуваат строгите религиозни правила.

Моќта на Талибанците се повеќе се докажува на терен. Најевидентен доказ е успешно организираното бегство од затвор од Кандахар кога речиси 900 затвореници, меѓу кои 350 декларирани Талибанци бегаат и несомнено се приклучуваат на движењето.

[38] Извор - http://www.unodc.org/documents/crop-monitoring/Afghanistan/ORAS_report_2012.pdf

Од друг страна, бројот на цивили кои страдаат од нападите на коалициските сили негативно влијае на целокупната атмосфера. Во август 2008 година, за време на воздушен напад, 90 авганистанци се убиени. Независно од различните извештаи во кои спротивставените страни се препираат околу бројот на Талибанци наспроти цивили, овој напад е максимално искористен од страна на Талибанците во нивната медиумска кампања.

Загубите на коалицијата во 2008 година достигнуваат 267, најголем број од почетокот на операцијата. Ново избраниот претседател на САД, Барак Обама изјавува дека врвен приоритет на неговата администрација ќе биде победа над Талибанците. Врз основа на насоките од Вашингтон, Пентагон во 2009 година упатува дополнителни 20.000 трупи во мај 2009.

*Втори претседателски избори*

Покрај повикот на Талибанците за бојкот и заканите од бунтовничката милиција, на 20 август 2009 година одржани се провинциски и претседателски избори. Насилството го достигна врвот непосредно пред изборите. Повеќе од 30 кандидати го предизвикаа постојниот претседател, Хамид Карзаи меѓу кои Абдула Абдула, член на кабинетот на Карзаи и министер за надворешни работи како кандидат на Обединетиот Национален Фронт. Резултатите од првиот круг на избори го наметнаа Карзаи како водечки кандидат но сомнежите и доказите за изборна измама излегоа на површина. Закажан е втор круг на избори.

Една недела од одржувањето на изборите, Абдула Абдула се повлекува од трката поради одбивањето на смена на членовите на изборната комисија кои беа под директен сомнеж за учество во иаборната измама. Неформално, најголема причина за повлекувањето на Абдула е неизбежната граѓанска војна која била на повидок доколку се продолжело со изборот и евентуално доколку Карзаи победи. Повлекувањето на Абдула наводно е од морална природа.

На 05 ноември 2009 година, Карзаи е реизбран за претседател во наредните пет години. Истовремено со изборите, Обама се обидува да добие поддршка за упатување на дополнителни трупи. Оваа иницијатива ја мобилизира опозицијата која аргументира дека сегашната операција се разликува од првично зацртаната. Од операција чија мисија била да се уништат терористите се пренасочува кон мисија за изградба на општеството и државата. Дополнително, имајќи ги во предвид политичките збиднувања, опзицијата (на Обама) се сомнева во капацитетите, легитимитетот и кредибилитетот на авганистанските власти.

Војната предводена од НАТО и САД ја продолжува надолната тенденција и во 2010 година. Јавното мислење и поддршка се повеќе ослабнува, тенденција поттикната од зголемениот број на жртви на коалициските трупи како и неспособноста на авганистанските власти и безбедносните сили да ја превземат контролата над земјата.

Во јули 2010 година, веб страната WikiLeaks публикува 92.000 класифицирани документи на САД кои ја отсликуваат реалната слика за војната во Авганистан. Документите откриваат дека бунтовничките операции се интензивираат и зајакнуваат наспроти коалиционите сили на кои и недостасуваат ресурси за да ја водат успешно војната. Дополнително, документите ја потврдуваат двојната улога на Пакистанската разузнавачка агенција која ги поддржува бунтовниците и паралелно соработува со САД. Меѓу доверливите податоци се и информации за распространетата корупција како и скептицизам за способноста на владата на Карзаи, опишувајќи ја како непредвидлива и недоверлива.

Во септември 2010 година одржани се парламентарни избори, кои исто како и минатогодишните биле проследени со распространети обвинувања за изборна измама и ниско ниво на излезност. Поради неправилностите, новиот состав на парламентот се формира дури во август 2011 година.

Карзаи и неговите советници се состануваат со водечките претставници на Талибанците во октомври 2010 за да преговараат за евентуален крај на 9 годишната војна. Талибанските претставници, чии идентитет се чува во тајност се доведени на средбата од нивните засолништа во Пакистан со помош на НАТО. Имајќи ја во предвид способноста на владата на Карзаи како и упорниот отпор на Талибанците, на САД и коалициони партнери им станува јасно дека ќе мора да го задржат своето присуство во Авганистан најмалку до крајот на 2014.

*Смрта на Осама Бин Ладен*

На 2 мај 2011 во градот Аботабад, Пакистан, оперативци на CIA го убиваат Бин Ладен. Веста за смртта на Бин Ладен внесуваат чувство на олеснување и восхит низ целиот свет. *„Повеќе од две децении Бин Ладен е симбол и лидер на Ал Каеда. Смртта на Бин Ладен го одбележува најзначајното достигнување на нашата нација во напорите да се порази Ал Каеда, но неговата смрт на го обележува крајот на нашите напори. Ние ќе*

*останеме внимателни."*[39] – изјавува во говор претседателот Обама на телевизиска изјава непосредно по известувањето за смртт на Бин Ладен.

Додека низ целиот свет, веста за смртта на Бин Ладен се дочекува со восхит, аналитичарите израсуваат загриженост од можни акти на одмазда на Ал Каеда. Амбадите на САД низ целиот свет се ставени на готовс додека Вашингтон издава предупредување за лицата кои сакаат да патуваат во опасни земји.

Дополнителна загриженост внесе и фактот дека Бин Ладен се криел во Пакистан, во објект лоциран во непосредна близина на воена база, факт кој дополнително ќе ги заостри односите на САД со Пакистан. Впрочем, Пакистан постојано негира дека Бин Ладен се крие на негова територија, а за возврат, САД секоја година донира на Пакистан 1 милијарда УСД за борба против тероризмот и пронаоѓање на Бин Ладен.

*Насилство и атентати ја поткопуваат довербата во Авганистанските безбедносни сили*

Во јуни 2011, Обама објавува дека целите на зајакнатиот ангажман на САД во 2009 година (наплив-the surge) во голем дел се постигнати и дека е дојдено време за повлекување на трупите и насочување на фукусот на изгадба на нацијата. 10.000 од 30.000 трупи упатени во 2009-тата ќе го напуштат Авганистан до крајот на 2011, додека преостанатите 20.000 ќе бидат повлечени до крај на летото во 2012. Преостанатит 70.000 трупи ќе се повлечат од Авганистан постепено до крајот на 2014, а во зависност од условите на терен и транзицијата на одговорностите кон АНБС.

Полубратот на Карзаи, Ахмед Вали Карзаи е убиен од неговиот шеф на обезбедување во јули 2011. Вали Карзаи бил најмоќната фигура во Кандахар, стратегиски град на југот на Авганистан. Покрај обвинувањата за водење на нелегалната трговија со наркотици, НАТО и САД работеле блиску со Вали Карзаи поради капацитетот кој го поседувал да „врзе" околу себе паштунски племиња со заедничка цел - борба против Талибанците.

На 6 август Талибанците уриваат воен транспортен хеликоптер убивајќи 30 американци, 7 авганистанци и преведувач одбележувајќи го денот со најголем број на жртви на коалициските сили во еден ден. Помеѓу жртвите биле и 22 члена на елитните специјални сили на САД (т.н. SEAL) меѓу кои и членови на тимот кои учествуваа во убиството на Бин Ладен. Во септември 2011, Мрежата Хакани која е во тесна соработка со Талибанците лансира смел напад во „зелената зона" отворајќи оган и гранатирајќи ја

[39] Извор - http://www.whitehouse.gov/blog/2011/05/02/osama-bin-laden-dead, 02 мај 2011

Амбасадата на САД во Кабул, Командата на ИСАФ и неколку владини објекти и министерства. Речиси 30 лица биле убиени вклучително и 11 милитанти кои го извеле нападот. По нападот САД отворено го обвинува Пакистан дека преку својата разузнавачка агнција го помагнал нападот.

Мировниот процес и напорите на меѓународната заедница претрпуваат уште еден удар. Во септември 2011, извршен е атентат врз Бурханудин Рабан, главен преговарач со бунтовниците. Рабани се сметал дека е еден од неколкутемина политичари кои можеле да ги седнат на Талибанците и поранешните членови на Северната алијанса на преговарачка маса.

По падот на Талибанците, САД и коалиционите партнери (според претходна шема) поставуваат марионетска власт која до ден денес не успева да се стекне со доверба од населението.

Талибанците го користат овој недостаток и ги засилуваат своите редови практикувајќи напоредна власт во руралните средини и области каде нема постојано присуство на меѓународни сили и финансиска помош на „легитимната" локална власт.

Безбедносната ситуација и интензитетот на инцидентите зависат од повеќе фактори:

- еволуирачка тактика на бунтовниците (атентати, импровизирани експлозивни направи, комплексни напади и внатрешни напади),
- климатските и временските периоди (зима, пролет),
- интензитетот на нападите на коалициските сили и АНБС,
- несоодветна безбедносна состојба за транзиција на одговорнстите и
- стратегија на коалициските сили.

## **3. Ангажманот на Меѓународните безбедносни сили за обезбедување на Авганистан - Против бунтовнички операции (Counter Insurgency Operations- COIN);**

*Модерни Против бунтовнички операции (ПБО)*

Имајќи ја во предвид природата на глобалните медиуми, зголемената релевантност на јавното мнение и перцепција и политичкиот исход наспроти победите на војувалиштето, модерните ПБО се многу повеќе политички наспроти воени. Секоја борбена операција, речиси истовремено испраќа политичка порака. Оваа состојба ги поставува истакнува страгиските комуникации во фокусот на остварување на мисијата.

Стратегиските комуникации – или способност да се спротивстави на непријателските пораки преку зборови и дела историски претставуваат основен предизвик за ПБО. Коментирајќи за своето искуство од Алжир во 50-тите години од минатиот век Давид Галула (David Galula)[40] изјавува *„доколку имаше област во која сме дефинитивно и бесконечно поглупави од нашите противници, тоа е пропагандата"*. Оваа изјава, можеби уште по силно продолжува да биде веродостојна.

Иронично, стратегиската комуникација во новата ера е олеснета со модерните технологии но истовремено овозможува предност за противникот. Традиционално, технологијата претставувала предност за модерние армии и големи сили. Комуникациската технологија денес овозможува целосен преглед на војувалиштето. Од друга страна, непријателот исто така користи висока технологија која е достапна преку масовните медиуми. Како глобално движење, Ал Каеда го користи интернетот како виртуелно засолниште каде успева да ја промовира својата идеологија и визија, да собира средства, да регрутира и обучува нови членови насекаде во светот.

Способноста на меѓународната заедница да го разбере овој феномен и да ја искористи техолошката предност за да се справи со заканите ќе се покаже како клучен фактор за победа. Денешните конфликти, особено во Авганистан имаат потреба од внимателна анализа на искуствата од минатото, апликација на научените лекции и адаптибилност.

*Против бунтовнички операции (ПБО) во Авганистан*

Војниците на меѓународните безбедносни сили во Авганистан неизбежно комуницираат со авганистанскиот народ кој е „производ" на различни култури. Авганистанските вредности, верувања, начин на однесување, обичаи и норми се оформени од суровата околина и географија, историја на конфликти, исламски верувања, племенски односи, внатрешна и надворешна политика и едукација.

Мисијата на модерните војни и војници е дефинирана од повеќе цели. Секој војник е борец и државник, амбасадор на намерите на меѓународната заедница во однос на нејзините интенции и цели. Постапките на секој војник се есенцијални, перцепцијата е реалност. Доколку локалното население ги перцепира меѓународните сили на терен како непријатели, со една единствена цел - да се елиминираат бунтовниците, крајната цел е осудена на неуспех.

[40] **David Galula** (1919–1967) влијателен француски воен офицер и научник кој ја развива теоријата и праксата за против бунтовничко војување

Против бунтовничките операции (ПБО) се повеќе од комплексна и комплицирана војна. Успехот не е дефиниран единствено од елиминирање на бунтовниците, всушност успехот е невозможен без да се употреби покомплексен и посеопфатен пристап.

Крајната цел на ПБО и критериумите за успех се: заштита на невиното цивилно население, воспоставување на локални политички институции, зајакнување на локалната власт, елиминирање на бунтовничките капацитети и искористување на информациите од локални извори.

Да се водат ПБО потребно е да се смени културата на традиционалното војување. Армијата традиционално се фокусира на елиминирање на заканите од бунтовниците, но елиминацијата на заканите е само еден дел, полесниот дел од равенката. Другата страна на равенката која ги опфаќа неконвенционалните пристапи на ПБО е многу потешка за остварување. ПБО се однесува помалку на елиминирање на заканата отколку на елиминирање на изворот и поддршката на заканата.

*Фактори кои го диктираат успехот или пропаста на ПБО.*

Традиционално, улогата на војникот во војна е да го открие и уништи непријателот. Ова улога е изменета значително во ПБО. Од војникот не само што се бара да го пронајде и уништи непријателот туку и да: врши обука на локалните вооружени сили, да помогне во воспоставување на локална власт, да врши проценка на условите за живот во одредени места (села, населби ...), да дистрибуира хумантарна помош, да ги лекува локалните жители, да гради, поправа патишта и т.н.

Три основни алатки кои се докажани како успешни во спроведување на наведените задачи и „освојување на срцата и умовите":

- здобивање на доверба преку градење на односи со локалното население,
- дистрибуција на хуманитарна помош во комбинација со развој на инфраструктурата, и
- менторирање на различни владини вооружени сили за во иднина да можат самостојно да се грижат за безбедноста на сопствениот народ.

Овие три поставки се меѓузависни, но мора да се биде успешен во сите три за да би имало позитивен ефект на војувалитето.

За напорите во ПБО да бидат успешни потребно е да се оформи соодветен пристап. Еден од моделите кои се применува во Авганистан е моделот „ИСЧИСТИ – ЗАДРЖИ - ИЗГРАДИ" (Clear – Hold – Build) кој е основен модел во операциите на вооружените сили

на САД во Авганистан. Методот предвидува ПБО да започнат најпрво со контролирање на клучните области преку безбедност и влијание за потоа да се прочири надвор од безбедните области. Шемата е најпрво да се исчисти – задржи – изгради едно село, област или град за потоа да се отпочне со проширување на други области. Овој пристап има за цел да обезбеди долгирочно присуство и безбедност на населението и обезбедување на основни потреби и услуги. Успехот би го зајакнал и легитимитетот на централната и локалната власт. Примарни задачи кои треба да се постигнат со моделот „исчисти – задржи – изгради" се:

- обезбедување на постојана безбедност за локалното население,
- елиминирање на присуството на бунтовниците,
- зајакнување на политичкиото примат над безбедносниот,
- спроведување на законите,
- воспоставување (повторно) на локалните институци.

Применувањето на споменатиот метод во Авганистан дополнително се компликува со тешкиот непрооден планински терен. Теренот го попречува контактот со надворешниот свет, безбедноста, економскиот раст и присуството на централната или локалната власт. Ова негативно влијание над меѓународните сили и Авганистанските безбедносни сили е предност за Талибанците.

Моделот „исчисти – задржи – изгради" постигнува задоволителни ефекти во рамничарските делови на земјата каде пристапот до поголем дел на население е многу олеснат и постои можност за посилно присуство на централната власт.

**4. Состојба со бунтовниците и Против бунтовничките операции (2011-2012);**

Бунтовниците не успеваат да ги остварат своите цели во пролетната и летната офанзива во 2011-та, наречена Бадр (Badr). Генерално, нападите иницирани од бунтовниците во период од октомври 2011 до март 2012 се намелени за 16% во однос на истиот период претходната година. Специфичните цели на бунтовниците, покрај ескалирачката стапка на атентати и напади од висок профил се фокусираат на одржување на нивото на насилство во јужен Авганситан и изведување на напади од виоск профил во Кандахар и Кабул. Како резултат на нападите од специјалните сили на Авганистан и коалицијата и конвенционалните операции од типот „исчисти,задржи и изгради (clear-hold-build), бунтовниците не успеваат да ги постигнат зададените цели одразувајќи го се повеќе зголемениот јаз помеѓу намерите и способностите.

За наведениот период, заедничките операции помеѓи АНБС и ИСАФ ги одржуваат и зголемуваат придобивките постигнати за време на пролетта и летото 2011 и продолжуваат да ја деградираат кохезијата на бунтовниците. Најзначителен напредок е постигнат во Регионалните команди - Север и Северо-запад каде безбедносните сили успеваат да го спречат пристапот и користењето на засолништата од страна на бунтовниците, им ја ограничуваат слободата на движење, ја пореметуваат логистиката и ефикасно ги изолираат бунтовниците од локалното население во клучните области. Нападите иницирани од страна на бунтовниците во Регионалната команда - Северо-запад се намалени за 29%, додека во Регионалната команда - Југ се зголемени за 13% во однос на истиот период минатата година. Но покрај евидентните намалувања, провинциите Хелманд и Кандахар го задржуваат приматот на најнасилни провинции што се должи на слободата на движење и засолниптата кои ги користат бунтовниците во соседен Балочистан (Balochistan) во Пакистан.




*Графикон бр. 1: Безбедносни инциденти (окт 2009-март 2012)*

Сепак, севкупната тенденција на нападите не значи дека бунтовниците прибегнале кон стратегија на повлекување и зачувување на ресурсите до повлекување на коалицијата. Напротив, лидерите на бунтовниците се ангажирале за време на зимскиот период да ги мотивираат борците да ги напуштат засолништата и да се вратат во борба. Неспособноста на лидерита лоцирани во Пакистан во целост да регрутираат командири и борци да се вратат во Авганистан е постојан тренд кој сугерира дека постојат се повеќе недоследности

во командата и контролата на лидерите над бунтовничките групи. Овој тренд не смее да се земе здраво за готово од претходно споменатите причини дека бунтовништвото е од локална природа и дека авганистанските бунтовнички групи оперираат со одреден степен на автономија што им дозволува самостојно да ги прават плановите и операциите во согласност со условите во зоната на операции.

Понатаму, бунтовниците продолжуваат да ја користат состојбата во регионите каде власта не успева да демонстрира капацитет за владеење на правото и економски развој. Дополнително, достигнувањата во доменот на безбедноста во Регионалните команди - Југ, Југо-запад и Капитол се под ризик да бидат неутрализирани поради поддршката што бунтовниците ја добиваат од соседен Пакистан.




*Графикон бр. 2: Непријателски иницирани напади (јан 2008 - март 2012)*

Покрај несомнениот напредок на операциите на АНБС-ИСАФ, бунтовниците се исклучително адаптибилни со значителни способности за „регенерација" и успеваат да го одржат високото ниво на поставени Импровизирани експлозивни направи (IEDs) и да спроведуваат напади од висок профил. Дополнително, нападите на бунтовниците не се исклучиво насочени кон коалициските сили и персонал и во таа насока, статистичките податоци изнесени погоре не ја отсликуваат вистинската слика на односот помеѓу бунтовниците и влијанието на власта. Бунтовниците успеваат да го минимализираат влијанието на власта на најразлични методи кои вклучуваат киднапирање, присила,

масивни атентати како и пренесување на пораката преку светилиштата (џамии) и балансирајќи ја мрежата преку фамилијарни, племенски и идеолошки врски се соцел да го проектираат и зголемат своето влијание во зоните каде се присутни силите на АНБС-ИСАФ.

| Година | САД | Обединето Кралство | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2001 | 12 | 0 | 0 | 12 |
| 2002 | 49 | 3 | 18 | 70 |
| 2003 | 48 | 0 | 10 | 58 |
| 2004 | 52 | 1 | 7 | 60 |
| 2005 | 99 | 1 | 31 | 131 |
| 2006 | 98 | 39 | 54 | 191 |
| 2007 | 117 | 42 | 73 | 232 |
| 2008 | 155 | 51 | 89 | 295 |
| 2009 | 317 | 108 | 96 | 521 |
| 2010 | 499 | 103 | 109 | 711 |
| 2011 | 418 | 46 | 102 | 566 |
| 2012 | 310 | 44 | 53 | 407 |
| [illegible] | | 1 | [illegible] | 4 |
| Вкупно | 2175 | 439 | 642 | 3256 |

*Табела бр.1 Преглед на жртви на страната на коалицијата (2001-2013)*

Во блиска иднина, операциите на бунтовниците се очекува да се фокусираат на зановување на контролата над засолништата и проширување на влијанието над населените места-центри во Хелманд и Кандахар. Јужен Авганистан останува од витално значење поради историското минато за Талибанското движење и неговото стратегиско значење за одржување на линиите за трговија со наркотици. Кабул ќе остане постојана цел за напади од висок профил и атентати со цел да се поткопа јавната поддршка за авганистанската влада и безбедносните сили.

Дополнително, бунтовниците најверојатно ќе продолжат со нападите на АНБС. На долг рок, и покрај декларирањето за вклучување во политичкиот живот и преговори со власта, целта на Талибанците е да се урне избраната власт по повлекувањето на меѓународните сили.

*Напади Зелени на Сини (Green on Blue Attacks)*

Нападите врз коалициските сили од страна на припадници на АНБС – т.н. Напади Зелени на Сини (Green on Blue Attacks) се наметнуваат како најголема закана во 11 години од војната во Авганистан. Овие напади одвнатре драматично зачестуваат во последните 2 години за во 2012 да достигнат 15% од нападите кои предизвикале жртви кај коалициските сили[41].

Подготвувајќи да го приведат при крај извлекувањето на силите, коалицијата интензивно ја пренасува одговорноста за безбедноста на АНБС. Успехот на оваа транзиција најмногу зациси од силата и компетентноста на авганистанската полиција и војска. Следствено, обуката на АНБС е во фокусот на стратегијата на ИСАФ и налага блиска соработка и секојдневна обука на нови регрути. Оваа ситуација ги доведува коалициските сили во исклучителен ризик додека Талибанците се повеќе успеваат да се инфилтрираат во редовите.

Во изминативе месеци, интензивирани се нападите на авганистанските сили врз коалициските; во 2012, достигнуваат 15% од причините за смрт на коалициски сили; во 2011, 6%, во 2010 и 2009, 2% додека во 2008 помалку од 1%.

Иако НАТО тврди дека 90% од нападите се поради културолопшките разлики, нападите започнуваат да се искачуваат во 2011 по најавата на Обама за планот за повлекување на силите до 2014 година и трансфер на одговорностите на АНБС.

Авганистанската влада не се согласува со аналитичарите на НАТО. Авганистанската влада го лоцира проблемот во инфилтрирање на странски разузнавачки агенции.

Иако културните и личните разлики можеби играат улога во иницирањето на нападите, сепак инфилтрирањето на Талибните и демонстрира многу позначајна улога многу повеќе отколку што тоа НАТО го признава. Без целосна студија на нападите, вклучително и на оние кои не резултирале со жртви, не е возможно да се има целосно разбирање за тоа, што се мотивите авганистанските војници и полиција да се свртат против коалиционите сили.

## 5. Функционалност на Авганистанските национални безбедносни сили и подготвеност за превземање на одговорностите

Клучот за успех на трансферот на одговорности од меѓународната коалицијата кон авганистанските власти „лежи" во успехот и ефикасноста на Авганистанските национални безбедносни сили (АНБС) кои примарно се составени од Авганистанска национална

[41] Извор - http://www.longwarjournal.org/archives/2012/08/green-on-blue_attack.php, 11 март 2013 година.

армија (АНА) и Авганистанска национална полиција (АНП). Започнувјќи од 2002 година, АНБС значително се зголемуваат во број и способност. Речиси целокупниот фокус на САД и НАТО и НАТО е насочен кон оспособување на АНБС. За таа цел речиси 90% од АНБС се менторирани и настапуваат заедно со коалициските сили (партнерство). Во периодот до 2014 стратегијата на САД е сите АНБС прогресивно да го превземаат водството при водењето на операциите. Од мај 2012 година, во 40% од операциите АНБС го има главниот збор.[42]

Но и покрај наведените бројки постои нашироко распространето сомневање за способноста на АНБС за самостојно водење на операциите и контрола на безбедноста. (1) Една од причините за ваквиот негативен став е неписменост која изнесува речиси 90% од целокупниот состав. Во таа насока НАТО превзема рикални чекори и максимум ангажман за надминување на состојба. (2) Втора работа која предизвикува загриженост е лојалност во рамките на АНБС. Инцидентите и нападите над коалициските сили се интензивирани во изминатиот период предизвикувајќи општа загиженост и во Брисел и во Вашингтон. Дополнително, овие инциденти предизвикуваат тензии помеѓу припадниците на АНБС и нивните ментори од НАТО.

Во јануари 2010, Здружениот (ОН и Авгнистан) борд за координација и мониторинг (JCMB) се согласи дека до октомври 2011, АНА ќе се зголеми на 171.600 персонал додека АНП до 134.000 (тотал 305.600 лица). Двата ентитета ги достигнаа бројките до крајот на септември 2011. Во август 2011, поставен е повисок таргет максимум 352.000 лица (195.000 АНА и 150.000 АНП) кој треба да биде достигнат до ноември 2012 но истиот е достигнат до јули-август 2012.

Во однос на периодот по 2014 постои консензус за редукција на силите на АНБС на 230.000 до крајот на 2017. Ова намалување е примарно поради оганичувањата на ресурсите.

Финасирањето на АНБС по 2014 година претставува „камен на сопнување" за целокупната меѓународна заедница, а посебно за САД. Во интерес на остварување на заложбите и ветувањата, сите напори на САД и коалицијата се насочени во изнаоѓање на доволно финансиски средства за одржување на АНБС, потфат особено предизвикувачки во услови на економска криза која ги тресе сите модерни економии. Сегашната проекција

[42] Department of Defence of the United States od America, „Report on progress towards security and stability in Afghanistan – United States plan for sustaining the Afghan National Security Forces", април 2012

предвидува коалиционите партнери да обезбедат 1,3 милијарди $ годишно, авганистанската влада 500 милиони $ годишно додека од САД се очекува да ги обезбеди преостанатите 2,3 милијарда $.

Досегашната обуката на АНБС како и по 2014 ќе се реализира од војската на САД, НАТО и договорни фирми (contractors). Обуката се координира преку соодветна команда на ИСАФ (NATO Training Mission – Afghanistan) и команда на војската на САД (Combined Security Transition Command – Afghanistan). Клучните елементи на кои се насочени сите напори на ИСАФ се Оперативните менторски и тимови за врска (OMLT), Полициските оператвно менторски и тимови за врска (POMLT). Од неодамна, согласно новата структура на ИСАФ, тимовите (OMLT, POMLT) се во фаза на трансформација и преименување во Наменски сили за партнерство и советување (PATF).

### 5.1. Авганистанска национална армија (АНА)

Авганистанската национална армија (АНА) е создадена во 2002 од почеток и истата не претставува продолжение на националната армија која егзистирала се до ерата на Талибанците. Но одреден број на офицери кои служеле во претходната армија се приклучиле кон АНА. АНА станува главна сила која води кон стабилизација на земјата и претставува национален симбол.

Сепак сеуште има одреден скептицизам дека АНА ќе биде способна да ја превземе целосно одговорноста до 2014. Предизвици со кои се соочува АНА се дезертерството кое достигнува и до ниво од 50% и отуѓување на опрема.[43] Дезертерството не е во целост одраз на криминогени активности туку во голема мера се работи за културна перцепција. Многу припадници на АНА своеволно отсуствуваат подолг период од единицата за потоа повторно ненејавено да се пријават.

Во насока на подобрување на перформансите САД се обидува да го подобри опремувањето на единиците. Само во период од август 2011 – март 2012 САД имаат донирано опрема во вредност од околу 2,7 милијарди $.

Од самото формирање на АНА, претставници на Северната алијанса кои во тоа време биле на функции во владата на Карзаи, преферирале и протежирале пополнување на армијата со претежно етнички Таџици. Овие постапки оредизвикале одбивност кај мнозинското паштунско население. Проблемот е надминат по поставување на генерал

[43] Kenneth Katzman, Afghanistan: Post-Taliban Governance, Security, and U.S. Policy, Congressional Research Service (CRS), RL30588 (Washington, DC: CRS, Jan 4, 2013), стр 35

Абдула Вардак (паштун) за министер за одбрана. Дополнително регрутниот процес е подобрен со зголемување на платите на воените обврзници.

### 5.2. Аганистанска национална полиција

Непосредно по Првата Бонска конференција, Германија ја превзема одговорноста за обука на Авганистанската национална полиција (АНП). Во фвруар 2002 година претставници на 18 нации се сретнаа за да ги дискутираат деталите за новата $мисија за поддршка на АНП. Истата година, Германија и официјално институционализира три годишен план за обука на офицери и едногодишен за обука на подофицери за потребите на АНП.

Како најголеми донори за АНБС, САД во 2003 започнува нова мисија за обука на АНП со „оправдување" дека мисијата предводена од Германија се развива премногу споро и се концентрира на офицерскиот кадар. Министерството за одбрана на САД (Department for Defence) ангажира компании по договор (contractors) чија задача е да ја обучуваати да ја опремат АНП како и да обезбедат советодавна функиција за Министерството за внатршни работи на Авгнистан и изградба на неколку центри за обука. До крајот на 2005 година, Германија и САД обучуваат 35.000 полициски сили но резултатите се компромитирани од извештите за корупција, дезертерство и користење на дрога.

Во годините кои следат, АНП бележи постојан напредок, зглемувајќи се не само во персонал туку и во подобрени способности. Во реалност, не сите сегмент од АНП бележат еднаков развој. Авганистанската национална полиција за јавен ред (ANCOP) бележи исклучитеен напредок демонстрирајќи способност да изведува партнерски операци со ИСАФ. Од друга страна пак, напредокот не е така евидентен во други области како што е ртавиојот на логистичките способности на АНП или развојот на Авганистанската гранична полиција.

Во моментов, вкупната бројка на АНП достигнува 149.642 лица со тенденција до крајот на оваа година да ја достигнат декларираната бројка од 152.000 лица.[44] Етничката застапеноство во АНП во суштина ја отсликува етничката слика на Авганистан, состојба која се должи најмногу на фактот дека во суштината на мобилизирањето на персонал и ангажман на АНП дефионирано е дека поради поголема ефикасност, поголемиот дел од АНП ќе биде ангажиран во регионите од каде потекнуваат регрутите.

[44] Kenneth Katzman, Afghanistan: Politics, Elections, and Government Performance, CRS, RS21922 (Washington, DC: CRS, June 1, 2011),

Официјалните лица во Брисел и Вашингтон веруваат дека изградбата на кредибилна национална полиција е подеднакво важно како и Против бунтовничката борба и изградбата на АНА[45]. Но проценките покажуваат поразителни резултати. Корупцијата е до таа мера распространета така што обичниот народ има недоверба и страв од АНП. Помеѓу останатите критики, за споменување се следните: дезертерството е на загрижувачко ниво, дури повисоко од она во редовите на АНА; значителен степен на неписменост; влијанието на локалните фракции поради фактот дека персоналот од редовите на АНП работи во регионите од каде потекнува и распространетата употреба на droги.

САД постојано работи на поправање на состојбите со дефицитот на опрема. Во континуитет АНП се снабдува со тешко вооружување. Во моментов, 5000 оклопни возила се распоредени на целата територија на Авганистан. Сепак, во повеќето полициски единици недостасува адекватна муниција и возила. Во некоои случаи дури, опремата која се добива се препродава од страна на командирите.

Обуката на АНП се карактеризира со децентрализираност и јасна ефективна стратегија за обука. Направени се повеќе обиди за соодветно обучување. Напорите одат до таму што активните единици се повлекуваат од терен за дообука, а во меѓувреме се заменети со (по)високо обучени сили за потоа да бидат заменети. Полициската обука вклучува и обука во однос на човековите права и демократските принципи.

Неуспехот да се создаде кредибилна и стабилна АНП доведе во 2008 година да се создадат дополнителни полициски структури на локално ниво со задача да ги заштитуваат нивните заедници (милиции). Базирано на успешните искуства од Ирак, за време на своето командување, генерал Петреус го интензивирал креирањето на локални полициски сили (Afghan Local Police - ALP) и покренува дополнителни проекти како што се Силите за јавна заштита (Afghan Public Protection Force). Силите за јавна заштита се служба која е одговорна за обезбедување на клучната инфраструктура и се јавува како замена за договорните компании кои Карзаи ги забранува во 2010 година со датум на распуштање до март 2012 кој подоцна е пролонгиран.

Во одредени случаи, а поради различниот ентитет, забележанисе судири помеѓу АЛП и АНБС. Ваквите проблеми наметнуваат потреба од распуштање на локалните милиции штом се создадат услови за тоа.

---

[45] Околу 1300 припадници на АНП се жени со што се демонстрира посветеност за полова еднаквост и интеграција на жените во структурата.

## 6. Бунтовници

Авганистанските бунтовници се составени од синдикати на полу – независни групи, вклучитерлно на Талибанците, Хакани мрежата (Haqqani Network) и Хезби Ислами Гулбудин (Hezb-e Islami Gulbuddin). Бунтовниците се подджани и од вариетет на трансатлански терористички групи како што се Ал Каеда (al Qaeda), Исламското движење на Узбекистан(Islamic Movement of Uzbekistan), како и милитантни групи базирани во Пакистан како што се Техрик Талибан (Tehrik-i Taliban Pakistan) и Групата на командантот Назир. Примарниот актер во бунтовничките активности се Талибанците предводени од Високиот совет (Shura22) лоциран во Куета (Quetta), Пакистан и духовниот водач Мула Омар. Талибанците начелно одржуваат функционални и симболични врски со слични групи со идентичен итерес.

По одлучните напади на американските сили и смрта на неколку клучни ликови, ангажманот на Ал Каеда во Авганистан е ограничен. Организацијата стана зависна од малубројниот кадар на искусни водачи и засолништата во Северен Вазиристан, Пакистан. Ал Каеда продолжува да бара засолништа во Авганистан и остварува минимално присуство во провинциите Кунар и Нуристан, Авганистан. Тероростичката група продолжува да има бенефит од ангажманот во Авганистан., примарно искористувајќи ги инцидентите и нападите во пропагандни цели, регрутирање и одржување врски со племенските водачи за повторно востановување на засолиштата.

Иако зоната на операции варира за секоја група посебно, општа тенденција и тренд е групите да се најактивно во граничните области со Пакистан, примарно во областите населени со мнозинство паштунско население во југо-источните делови на Авганистан и северните делови населени со Паштуни. Мноштвото на бунтовнички команданти оперираат во реоните од каде потекнуваат дедека борците од пониските нивоа најчесто се одлично интегрирани меѓу локалното население. Бунтовници кои потекнуваат од различни краишта се релативно ретка појава.

Талибанските лидери ја одржуваат способноста да издаваат стратегиски насоки на поширокиот спектар на бунтовнички групи и да канализираат ресурси за да ги поддржат оперативните приоритети. Лидерите лоцирани во Пакистан успеваат да одржуваат команда и контрола на генерално децентрализираните авганистански бунтовници. Генерално, двочлен тим, „гувернер во сенка“ и командант ги предводат активностите на провинциско ниво и ги контролираат реонските бунтовнички лидери и команданти од пониските нивоа. повеќето "гувернери во сенка" живеат во Пакистан.

За регрутирање, влијание и притисок врз населението, бунтовниците користат многу едноставна но ефикасна стратегија на пренесување на пораки. Искористувајќи го моментот на отсуство на централната власт, бунтовниците ги охрабруваат фармерите да садат афион како сигурен извор на приходи за прехрана на семејствата. Бунтовниците максимално ги користат информациите и доказите за корумпираност, неефикасност и незаинтересираност на авганистанската влада се со цел да извршат регрутација на локалното население да се придружи на бунтовниците или да се обрати на „гувернерот во сенка" или на талибанските судови за разрешување на граѓански спорови.

### 6.1. Талибанци (QUETTA SHURA TALIBANI)

Значителен дел од вниманието на јавноста и меѓународната коалиција е фокусирано на Ал Каеда занемарувајќи ги другите групи кои оперираат во регионот. Де факто тие групи и овозможија на Ал Каеда да се обучува, да планира и да лансира напади и терористички акти. Во изминативе 11 години, токму овие групи се здобија со моќ и влијание наспроти недоволно дефинираната анти-терористичка стратегија на западната коалиција и недоволните ресурси. Иницијативата е во рацете на овие групи наспроти најнапредните воени машинерии во светот. Сепак, ова не се обични одметници туку тие себеси се сметаат за влада во егзил. Помеѓу овие групи една се истакнува од другите, "Quetta Shura Taliban" (QST).

Јадрото на бунтовништвото во Авганистан останува во Талибанското движење – силите лојални на Мула Омар (себеси се нарекува Amir-ul-Momineen или Лидер на верните) кој го предводел талибанскиот режим (1996 – 2001). Мула Омар и многумина од неговото највисоко раководство раководат со операциите од територијата на Пакистан најверојатно од градот Куета (Quetta) но и од Карачи. Одтаму потекнува и називот на групата "Quetta Shura Taliban" (QST).

QST систематски ги шири своите операции од исток и југ кон запад и север и претставува најактивна бунтовничка група во Авганистан. Речиси сите останати групи се заколнале на лиојалност на талибанскиот лидер Мула Омар. Главна цел на талибанските активности се провинциите Хелманд и Кандахар. Хелманд и овозможува на QST до паштунската популација како и до значителен извор на средства од недоволената трговија со наркотици. Кандахар е духовно седиште на QST и центарот на операции на Мула Омар и неговиот совет (Shura) пред инвазијата од САД и сојузниците.

Лидерската структура на QST е составена од две главни тела: rahbari shura и majlis al-shura. Иако Мула Омар останува на врвот на организацијата тој сепак не командува со

секојдневните активности на организацијата. Неговата репутација и восхит кој го предизвикува кај високото раководство го прават духовен водач на организацијата. Сепак, неговата старост и недостаток на операционо искуство и статусто на „most wanted" ја прават неговата положба недоволно флексибилна за раководење и наложува делегирање на обврските. Во изминатите години, QST изгуби многу од своите високи старешини како резултат на успешните напади на силите на САД со користење на беспилотни летала.

Мула Омар се обидува да го обнови раководството на QST. По апсењето на неговиот највисок заменик, Мула Брадар (Mullah Bradar) заменет е со помлад и потврдокорен бескомпромисен лидер, Мула Абдула Каиум Закир и експертот за логистика Актар Мохамед Мансур (Akhtar Mohammad Mansoor).

Функцуионално QST е организирана и стационирана во јужен Авганистан. Организацијата се состои од „домашни" единици и единици пополнети со странци. Во суштина QST е командувана од Куета (Quetta) додека командантите од јужен Авганистан редовно одат на средби во Куета.

Во тактиката на војување се препознаваат мали групи (до 5 борци), средни групи (до 12 борци) и големи групи (12-30). Групите составени од локални борци се способни за изведување на комплексни напади на територијата под контрола на Талибанците додека за вакви напади и самоубиствени бомбашки напади на територија под контрола на Авганистанските безбедносни сили и ИСАФ одговорни се странските борци. Бомбашите самоубици најчесто доаѓаат од Пакистан со строги насоки да се јават кај одреден лидер за натамошни директиви.

QST, за разлика од централната и регионалната власт, има поголема моќ да влијае на локалното население. Во насока на зајакнување на влијанието на Талибанците, организацијата применува широка кампања на закани за приморување на локалното население за одбивање на соработка на коалицијата и централната власт. Целта на оваа акција е да се заменат механизмите на власт на Карзаи со сопствени. Основната порака на заканите е дека доколку одбијат послушност, ниту централната влада, ниту ИСАФ нема да може да ги заштити. Цел на оваа кампања се клучните фигури од апаратурата на Карзаи, провладини свештеници и пребегнати Талибанци. Чести атентати, подметнувања на бомби и закани се дел од нивната тактика.




*Мапа на југоисточен Авганистан и границата со Балочистан (Пакистан)*

Се верува дека Мула Омар и некои членови на раководството ја обвинуваат Ал Каеда за губењето на власта во 2001 и од неодамна, особено по смрта на Осама бин Ладен, QST се дистанцира од акциите на Ал Каеда како и од некои други терористички групации. Официјални лица од администрацијата на САД тврдат дека поради успесите во сферата на безбедноста некои талибански лидери се погласно заговараат политички „договор" кој внесува раздор во редовите на QST. Под обвинение дека се приклонува кон наведените групи, а во своја одбрана, на 10 годишнината од нападите на САД Мула Омар објавува дека постоеле некакви разговори но само по прашање на размена на заробеници. Во следното негово известување кое се поклопува со муслиманскиот празник на 10 ноември 2011 година, Омар ги повикува Талибанските команданти да избегнуваат цивилни жртви.

**Влада во сенка:** Можеби една од најпроблематичните области е надвладувањето на Талибанците над власта во Кабул. Талибанците назначувааат паралелни гувернери на областите под нивна контрола и воспоставуваат целосен систем (судство, финансии и т.н.). Воспоставување на судови кои ги спроведуваат шеријатските закони е една од главните цели на Талибанците. Наспроти нив, локалните судови се корумпирани и неадекватни за регионот и популацијата која треба да ја опслужат. Во Јуни 2009 годнина, само 8 владини судии го опслужуваа Кандахар со популација од 1 милион жители. Напоредно, Талибанците развиваат и комплексен финансиски систем кој вклучува оданочување на одредени активности (трговија, жетва и т.н). Талибанците иако во суштина не се поклоници на одгледување на афион и производство на опиум, секоја

година ги пуштаат борците-фармери да го соберат родот кој воедно го оданочуваат и обезбедуваат заштита при транспорт за која за виозврат добиваат надомест. Други приходи се обезбедуваат од донации од заливските држави и Пакистан.

**Преговори за помирување:** Во 2009 година британците форсираат преговори помеѓу владата на Карзаи и Quetta Shura претставувана од Мула Омар како обид за реинтеграција и помирување. Други тајни разговори се водени со претставникот на Обединетите нации во Авганистан Каи Еиде (Kai Eide) да се договараат условите за мировен договор. Дополнителни преговори со претставници од ОН се водени во Дубаи во јануари 2010. Детали од разговоите не постојат но според аналитиларите, овие постапки јасно говорат за поделеност во Талибанското движење околу иднината на Авганистан. Од друга страна, Талибанците негираат одржување на вакви состаноци нарекувајќи ги бесмислени гласини.

QST е софистицирана, добро снабдена и исклучително добро позиционирана во многу јужни, западни и северни провинции. Потценувањето на оваа организација е можеби најголемиот грев и причина за неуспех на деценискиската војна. QST ја демонстрираше својата способност да се адаптира, да ги имплементира научените лекции да ја менува тактиката соодветно. Одтаму, за да се парираат заканите предизвикани од QST потребно е да се разбере непријателот, начинот на кој функционира и како успеваат да ја превземат иницијативата ви сите овие изминати години.

### 6.2. Ал Каеда (AL QAEDA)

Името Al Qaeda доаѓа од арапската именка *qā'idah* која значи основа или база, и исто така може да се однесува на воена база. Почетното „al“ е арапскиот одреден член, па оттука доаѓа „базата “. Бин Ладен го објаснил потеклото на зборот во интервју снимено на видео лента со новинар на Ал Џезира во октомври 2001 година:

**Al-Qaeda**

القاعدة



Според тврдењата на западните разузнавачки организации, Ал-Каеда е глобална воена исламистичка терористичка организација основана од Осама Бин Ладен во периодот помеѓу август 1988 и крајот на 1989 година. Работи како мрежа од мултинационална армија на лица наколонети кон радикалното движење на сунитите за глобален џихад. Прогласена е за *„терористичка организација“* од страна на САД, Обединетото Кралство, Советот за безбедност на ОН, Европската Унија, НАТО и многу други држави.

Ал-Каеда се смета за одговорна за нападите на цивилни и воени цели во повеќе земји, како нападите на 11 септември (11 септември 2001), бомбардирањата на амбасадата на САД во Најроби во 1998 година и самоубиствените бомбашки напади на Бали во 2002 година.

Карактеристичните техники на дејствување на оперативците на Ал Каеда вклучуваат самоубиствени напади и комплексни истовремени бомбашки напади на различни цели. Според верувањата на исламистите, христијанско- еврејскиот сојуз е заговор за уништување на исламот, од таму, идеолозите на Ал-Каеда предвидуваат целосно отфрлање на сите странски влијанија во муслиманските земји и создавање на нов исламски калифат ширум светот. Исто така, Ал-Каеда е против законите создадени од човекот и сака да ги замени со тврдокорната форма на толкување на шеријатскиот закон. Ал-Каеда не ги толерира гранките на исламот кои не се сунитски, ги прогласува за неверници (текфир) и ги исклучува од заедницата. Либералните муслимани, Шиитите, Суфитите, Ахмадите и други секти се сметани за еретици при што се регистраат напади врз нивните џамии и собири (Ирак).

Историјата на организацијата може да се подели во пет фази: почетоците во доцните осумдесетти, „пустинскиот" период од 1990-1996 година, нејзината „златна ера" од 1996-2001 година, периодот на „мрежата" од 2001-2005 година и период на фрагментација од 2005 – до денес.

Организација на Ал Каеда

Моделот на управување на Ал-Каеда е отсликан во максимата „централизација на одлуките и децентрализација на извршувањето". По интензивните напади на центрите на Ал Каеда за време на воената инвазија над Авганистан лидерството на Ал-Каеда станало географски изолирано што довело до појава на децентрализација на регионални групи кои и понатака се повикуваат на организацијата. Многу експерти за тероризам сметаат дека движењето (на различни нивоа) не е предводено и контролирано од центарот. Дополнително, по смрта на Бин Ладен Ал-Каеда се фрагментира со текот на годините во различни регионални движења кои немаат голема меѓусебна поврзаност.

Лидерство

Официјалните информации со кои располагаат западните разузнавачки служби се базираат на податоците добиени од Џамал Ал Фадл , обвинет за учество во извршувањето на нападите на 11 септември 2001.

Врз основа на исказите на Ал Фадл, мрежата на Ал-Каеда уште од почеток била изградена како конспиративна мрежа која ги повикува лидерите од сите свои регионални јазли „ кога е потребно да служат како интегрален дел на нејзината врховна команда".

Осама Бин Ладен бил историски најзначаен емир[46], командант и главен оперативен шеф на Ал-Каеда пред да биде убиен на 1 мај 2011 година. По објава од Ал Каеда, Ајман Ал Завахири, пред смртна на Бин Ладен заменик оперативен шеф на Ал-Каеда, ја презел таа улога 16 јуни 2011 година, заменувајќи го Саиф Ал Адел кој привремено ја извршувал долноста.

Бројот на лица во организацијата кои поминале низ одредена воена обука и се способни да управуваат со бунтовнички сили, во голема мера е непознат. Во 2006 година било проценето дека Ал-Каеда имала неколку илјади раководни лица распоредени во 40 различни држави. Од 2009 година се верувало дека од нив само 200 до 300 членови биле сеуште активни. Наводно Ал-Каеда е толку слабо поврзана, освен врвните команданти, што било тешко да се каже дека воопшто постоела како организација. Во прилог на ова тврдење е податокот дека и покрај големиот број на апсења за тероризам недостасува осуда на членови на Ал-Каеда што наведува на сомневање дали воопшто постои широко распространетиот ентитет со описот на Ал-Каеда.

Според одредени аналитичари, Ал-Каеда контролира две одделни групи. Првата е „организирана, обучена и опремена како бунтовнички борбени сили" – наводно создадена за време на советско-авганистанската војна. Оваа група е создадена најмногу од странски муџахедини од Саудиска Арабија и Јемен. Другата група, околу 10.000, лица кои воглавно живеат во западните држави.

<u>Ал Каеда во Авганистан</u>

Корените на Ал-Каеда како мрежа која поттикнува тероризам низ светот и обучува оперативци може да се побараат во Советската војна во Авганистан (декември 1979 - февруари 1989). САД го гледале конфликтот во Авганистан како флагрантен пример на советски експанзионизам и агресија. Како против удар на рускиот експанзионизам САД праќале средства преку Пакистанската разузнавачка агенција до авганистанските муџахедини кои се бореле против советската окупација..[47]

[46] Емирот, командантот и главниот оперативен шеф на Ал-Каеда е советуван од Шура советот, кој според западните официјални лица броел 20-30 членови на Ал-Каеда од повисок ранг.

[47] Операцијата Циклон е кодно име за програмата на CIA да ги вооружува и финансира авганистанските муџахедини за време на советската окупација на Авганистан (1979 – 1989). Програмата била неменета исклучиво за поддршка на исламските милитантни групи поддржани од соседниот Пакистан.

По повлекувањето на Советскиот сојуз од Авганистан во 1989, Бин Ладен се вратил во Саудиска Арабија. Ирачката инвазија врз Кувајт во август 1990 година ги ставила Кралството и Куќата на Сауд на ризик. Највредните светски нафтени полиња биле на лесно впечатлива оддалеченост од ирачките сили во Кувајт, а повикот на Садам за пан-арабизам/исламизам можел да предизвика внатрешни несогласувања.

Во екот на навидум масовно ирачко воено присуство, сопствените сили на Саудиска Арабија биле добро вооружени, но во помал број од ирачките. Бин Ладен му ги понудил услугите на своите муџахедини на кралот Фахд за да ја заштити Саудиска Арабија од ирачката армија. Монархот на Саудиска Арабија ја одбил неговата понуда, одлучувајќи притоа да им дозволи на САД и на сојузничките сили да распоредат трупи на територијата на Саудиска Арабија.

Бин Ладен сметал дека присуството на странски трупи во „земјата на двете џамии" (Мека и Медина) ја обезбожува Светата земја. Откако јавно ја нападнал владата на Садиска Арабија, тој бил протеран и принуден да живее во егзил во Судан.

Откако во мај 1996 година, Судан го протерува Бин Ладен, Авганистан кој бил под контрола на талибанците, со претходно воспоставени врски помеѓу групите, обезбедил совршена локација за преместување на седиштето на Ал-Каеда.

Додека биле во Авганистан, талибанската влада ја задолжила Ал-Каеда да ја обучува Бригадата 055, која била елитен дел од талибанската армија од 1997-2001 година. Бригадата претежно била составена од странски борци, многу од нив ветерани од советската инвазија, и сите со истата основна идеологија на муџахедините. Во ноември 2001 година, кога со операцијата „Enduring Freedom" била соборена талибанската влада, многу борци од Бригадата 055 биле заробени или убиени, а оние кои преживеале се верувало дека заминале во Пакистан заедно со Бин Ладен.

До крајот на 2008 година некои извори изјавиле дека талибанците ги прекинале сите врски со Ал-Каеда, додека пак други се сомневале во ова. Според високи службеници на воената разузнавачка служба на САД, имало повеќе од сто членови на Ал-Каеда кои останале во Авганистан во 2009 година.

<u>Смртта на Осама Бин Ладен</u>

На 1 мај 2011, претседателот на САД, Барак Обама изјавува дека Осама Бин Ладен е убиен од „мал американски тим" кој дејствувал под директна наредба на претседателот. Официјални лица во Пакистан изјавиле дека се шокирани од неовластениот упад од

страна на американските воени сили. Висок официјален претставник на САД изјавил дека по смртта на Бин Ладен, Министерството за надворешни работи на САД издало „предупредување до Американците ширум светот", а дипломатските објекти на САД насекаде биле на високо ниво на тревога.

Ал-Каеда извршила вкупно шест поголеми терористички напади, од кои четири директно против Америка. Во сите случаи, лидерството го планирало нападот неколку години претходно, припремање за испорака на оружјето и експлозивите и обезбедување на засолниште и лажни идентитети за оперативците.

Нападите на 11 септември 2001 биле најкатастрофалните терористички дела во американската историја. Два патнички авиони намерно удриле во зградите на Светскиот трговски центар, трет во Пентагон и четвртот, чија мета била зградата на Конгресот, се срушил во поле во Шенксвил, Пенсилванија. Терористичките напади предизвикале загуба од речиси 3000 човечки животи и неброена материјална штета.

После 11 септември 2001 година, биле објавени пораки од Бин Ладен во кои ги пофалил нападите и ја објаснил нивната мотивација, но негирал било каква инволвираност на Ал Каеда. Бин Ладен тврдел дека Америка ги масакрира муслиманите во Палестина, Чеченија, Кашмир и Ирак и муслиманите треба да го задржат „правото за одмаздннчки напад".

На почетокот од евакуацијата од Авганистан, во атмосфера на зголемена меѓународен надзор, Ал-Каеда и нејзините следбеници за да не бидат откриени почнале да комуницираат користејќи ги можностите на интернетот. Како резултат на тоа, алатките за употреба на интернетот од странале пософистицирани, опфаќајќи финансирање, регрутирање, вмрежување, мобилизација, публицитет како и ширење, собирање и споделување на информации.

Опсегот на мултимедијални содржини публикувани од Ал Каеда вклучува клипови за обука на герилци, форографии на жртви пред да бидат убиени, сведочења на бомбаши самоубијци и видеа кои покажуваат учество во џихад преку стилизирани слики на џамии и музички партитури. Во декември 2004 година, била објавена аудио порака.од Бин Ладен, директно на вебсајт, без да испрати копија до Ал Џезира како што правел во минатото.

Ал-Каеда започнала со поставување на своите видеа на интернет поради сигурноста дека видеата ќе бидат достапни без да бидат променети, за разлика од можноста други медиумски куќи да ги променат и да избришат нешто што би било критикувано од саудиското кралско семејство.

Според сторија на Ројтерс, се верува дека Ал Каеда оперира и со тајна воздухопловна мрежа која вклучува неколку авиони „Боинг 727", турбопропелери и приватни авиони на млазен погон. Врз основа на извештај на Одделот за домашна безбедност на САД (Homeland Security), сторијата вели дека Ал-Каеда најверојатно употребува авиони за пренесување на дрога и оружје од Јужна Америка до некои „нестабилни" земји во Западна Африка. На крајот дрогата се шверцува во Европа за дистрибуција и продажба, а оружјето се користи за конфликти во Африка а можеби и на други места. Со профитот од продажбите на дрога и оружје, како и со откупите од киднапирањата, се финансирале повеќе воени активности.

### 6.3. Лордови на војната „WARLORDISM"

По дефиниција, Лордовите на војната се воени команданти кои под своја контрола имаат одреден регион каде воспоставуваат и практикуваат цивилна власт, без разлика дали се во поддршка на актуелната власт или спротивставена страна48. Најчесто, Лордовите на војната се ограничуваат на суб-национална територија поддржани и благодарение на лојалните вооружени сили наспроти централната власт.

Терминот Лордови на војната (Warlords) исто така се однесува и на лице кое го промовира идеалот дека војната е неопходна и/или лице кое поседува средства и авторитет да започне војна. Денес се смета дека изразот се однесува на лице кое практикува многу поголема моќ отколку што тоа легално му го дозволува чинот или титулата која ја поседува.

Терминот „Warlord" (превод на македонски – Лорд на војната) е превземен од официјалната титула на германскиот император „Kriegsherr". Прв пат започнува да се користи за кинеските воени команданти кои имале регионални центри на моќ и контролирале територија независно од централната власт..

Одтаму, корените на терминот Лордови на војната водат на периодот за време на залезот на кинеската династија Кинг (Qing Dynasty) и раѓањето на Република Кина (1916 – 1928). Овој период во светската историја е наречен – ера на Лордовите на војната. Но овој израз може да се искористи да се опишат слични периоди и епохи како што се Шенгоку периодот во Јапан и граѓанската војна во Сомалија.

---

1. Дефиниција за Лордови на војната според the Free Online Dictionary, Thesaurus and Encyclopedia". Thefreedictionary.com, 2010

*Модерно толкување и употреба на терминот „Лордови на војната"*

Феноменот Лордови на војната или Worlordism се манифестира во т.н. пропаднати држави: држави во кои централната власт колабирала или речиси да не постои без конкретна контрола над целата територија. Феноменот се појавува низ историјата на многу различни локации. Во некои случаи општеството успева да ја искорени „појавата" трасирајќи го патот кон стабилна влада и централни структури.

Лордовите на војната се одликуваат со високо ниво на претприемништво (недозволена трговија, искористување на природните ресурси и лично збогатување), ниска бирократска контрола и изразен интерес во продолжување на воениот конфликт во насока на што поголемо збогатување и со тоа зајакнување на моќта.

„Лордовите на војната" се појавуваат низ историјата на мноштво различни географски локации. Одреден шаблон ја следи појавата на овој феномен:

- отсуството на функционална држава и институции,
- вештачки креираните колонијални граници кои се сметаат за наследство од европскиот империјализам создава поволни услови за ривалство и подем на локални моќници,
- порозните меѓународни граници овозможуваат (ако не и поттикнуваат) недозволено криумчарење на добра, наркотици и оружје.

Во насока на спротивставување на интензивните бунтовнички операции во кризните жаришта (Авганистан, Ирак) каде меѓународната заедница се соочува со организиран отпор, САД активно ги помага и соработува со локалните моќници Оваа политика на САД се соочува со иницијалниот проблем на постоење на Лордовите на војната. Имено, опстојувањето на овие моќници е единствено возможно се додека не постои стабилна, цврста и функционална држава и централна власт.

Денес, со индиректна поддршка на САД, различни милитантни групи повторно се јавуваат како моќници во различни региони. Како што беше случај и во средината на 90-тите, обезбедувањето на безбедноста во одделни региони потпирајќи се на различни локални милиции се чини дека чини повеќе штета отколку бенефит во напорите за стабилизација на регионот во целост.

Лордовите на војната добро научиле како да профитираат од присуството на меѓународни сили и како да ги одржуваат договорите за соработка. Ваквиот однос дополнително го разгорува анти-западното чувство, дури во некои случаи ги зголемува

симпатите за бунтовниците. Поддршката на овие лица само ја поткопува моќта и кредибилитетот на државата. Историјата покажува дека кога овие лица се спонзорирани со одредени ресурси, тие ќе ги искористат овие ресурси за свои лични интереси, во борба против своите ривали и во негирање на централната власт.

Земји и територии кои делумно се под влијание или контриола на „Лордовите на војната": Сомалија, Авганистан, Ирак, Бурма, Русија (Чеченија), Колумбија, Демократска Република Конго, Либија, Судан, Филипини, Пакистан, (Племенските области населени од Паштуни) Таџикистан (Горно Бадакшан).

Отсекогаш, во Авганистан локалната власт била позначајна и повлијателна од централната и традиционално била под доминација на авторитативни фигури кои ги претставувале интересите на проминентните семејства. Децении на цивилни немири во Авганистан ги направија Лордовите на војната помоќни и поавторитативни од актуелните државни лидери. Наспроти западните и северните области на Аваниста, источните и јужните под доминација на Паштунските племиња успеваат да ги задржат традициите и лојалноста кон племето/селото/фамилијата. Непристапниот терен ги издвојува Паштунските области од модернизираните Кабул, Кандахар и Мазар-е Шариф. Од друга страна, северните области под раководство на Северната алијанса го пренасочуваат фокусот од локалните племенски старешини кон моќни Лордови на војната.

Како пример за тоа се посочува случајот со авганитанскиот Лорд на војната, Абдул Разик (Abdul Raziq), полициски командант во јужната провинција на Кандахар. Познато е дека Разик е поврзан со бројни случаи на нарушување на човековите права, вклучително и убиство на 15 лица во 2006 година и поврзаност со трговија на наркотици. Овие податоци се добро познати на американските сили но тоа не ги попречува да обезбедуваат помош за потребите на силите на Разик во борбата против бубнтовниците во провинцијата Кандахар.

Пакистан, кој традиционално има интерес во регионот и Авганистан, одбира и поставува исламски религиозни лидери да бидат команданти на муџахединското движење (како пример за ова може да се земе случајот со Исмаил Кан (Ismail Khan) кој командува со бунтовниците во западниот регион на Херат во близина со иранската граница). Истовремено, обучени командни структури од армијата дезертираат и формираат независни милитантни групи (пример за ова е Абдул Рашид Достум кој на почетоокот бил дел од про-руската авганистанска армија).

Во средината на 2000-ти, Авганистан е функционална држава (на хартија) но поради високиот ризик, заканите и безбедносната состојба, државата функционира ограничено. Собирањето на даноците не е регулирано туку се преговара со „Лордовите на војната". Припадниците на полицијата работат за лицето кое најмногу плаќа. Најголемите приходи на државата доаѓаат од нелегалното производство на опиум кој во целост е контролиран од локалните милиции. Вториот по големина приход, даноците од меѓу граничната размена/трговија повторно е контролиран од локалните моќници и истиот се одвива на необележани гранични премини. Официјално, милициите формирани од локалните моќници се демобилизирани со формирање на Авганистанската национална армија.

Со изборите во 2005 година, многумина од актуалените Лордови на војната добиваат високи позиции во Кабул истовремено назначувајќи свои заменици на локалните должности.

Групите за заштита на човековите права тврдат дека демократизацијата и реконструкцијата на Авганистан нема да биде целосна и успешна доколку не се расчисти со криминалци и убици како што се Лордовите на војната. Наспроти тоа, во 2007 година парламентот дава имунитет на сите кои сториле воени злодела пред 2001 година.

Во суштина може да се заклучи дека меѓународната заедница со едноставно пишување на устави и одржување на избори не може да оформи одржливи владини институции во држави притиснати од овие моќници. Ова не значи дека меѓународната заедница нема моќ да охрабри промени во земји под доминација на Лордови на војната туку дека е потребен нова стратегија поразлична од онаа промовирана од САД. Поддршката на овие лица само ја поткопува моќта и кредибилитетот на државата. Историјата покажува дека кога овие лица се спонзорирани со одредени ресурси, тие ќе ги искористат овие ресурси за свои лични интереси, во борба против своите ривали и во негирање на централната власт.

### 6.4. Мрежата Хакани - HAQQANI NETWORK;

Хакани мрежата е можеби најспособната и најорганизираната бунтовничка организација во Авганистан. Ова е една од најмоќните и можеби најпотентните закани за безбедноста на Авганистан. Формално водена од Џалалудин Хакани (Jalaludin Haqqani) и директно предводена од неговите синови Сирај и Бадрудин. Во времето на Советската окупација на Авганситан, Џалалудин бил муџахедински командант, а со тоа и сојузник на

САД. Подоцна се придружува на Талибанскиот режим служејќи како министер за муџахедински прашања.

Историски, Мрежата оперира во Авганистан примарно во провинциите Кхост, Пактија и Пактика. Но и покрај навидум регионалното влијание и делување, Мрежата претставува стратегиска закана за авганистанската влада и регионот во целост. Од неодамна, своето влијание Мрежата го проширила и на провинциите јужно (Логхар, Вардак) и источно од Кабул (Нангархар, Каписа), приближувајќи ги на тој начин своите операции до главниот град и загрозувајќи ги главните линии за комуниклација помеѓу Кабул и споменатите провинции. Мрежата има воспоставено комплексна комуникациска и логистичка мрежа која и овозможува реализација на операции приотив коалициските сили, спроведување на атентати на клучни фигури вои авгнистанското општество, движење на странски борци во и низ Авганистан и т.н. Во својата агенда, Мрежата соработува со останатите бунтовнички групи, а се со цел реализација на спектакуларни напади со стратегиски импакт (пр. нападот на Амбасадата на САД). Своето влијание Мрежата го проширува и на северните провинции преку соработка со Исламското движење на Узбекистан.




*Правци на движење на дотур на ресурси и борци*

Мрежата е најпозната по својата способност да изведува напади во Кабул на цели од високо значај. Од почетокот на 2007, мрежата има реализирано повеќе десетици напади од таков вид. Реално, Мрежата не е одговорна за секој напад во Кабул, но нападите кои имаат потпис на Мрежата се исклучително спектакуларни, комплексни и координирани предизвикувајќи стратегиско влијание и мобилизација на медиумите низ цел свет. Препознатливи напади организирани од Мрежа се нападите на Хотелот Серена во 2008, Армискиот центар за регрутација во 2010, нападот на Хотелот Интерконтинентал и нападот на Амбасадата на САД во 2011. Медиумската вредност на нападите во корист на пропагандата на Мрежата дополнително се зголемуваат со присуството на голем број меѓународни агенции, лица и медиумски куќи во Кабул. Во едно интервју во 2011, гласноговорникот на Талибанците, Забихулах Муџахид вели дека спектакуларните напади во главниот град „не се насочени да го контролираат физички туку да го опседнат психолошки." Хакани мрежата се смета за поблиска кон Ал Каеда отколку кон Талибанците. Новинарските известувања од терен индицираат дека малкумината борци на Ал Каеда кое се во Авганистан најчесто се придодадени на борците на Хакани. Фракцијата се смета дека примарно е заинтересирана за добивање на финансиска корист заработена со трговија со опојни дроги, контрола над делови на провинцијата Кхост и спроведување на екстремна исламска идеологија на цела територија на Авганистан.

Во постапките и целите на Хакани мрежата се насетува влијанието на Пакистан и Пакистанската разузнавачка служба (ISI). Како потврда за тврдењето е фактот дека фракцијата е толерирана и/или заштитена на територијата на Северен Вазиристан (Пакистан). Пакистанската разузнавачка служба (ISI) ја смета Хакани мрежата за свој сојузник при евентуално вклучување на фракцијата во идна договорна влада. Контролата над југоисточните провинции на Авганистан обезбедуваат стратегиска длабина за влијание на Пакистан во случај на избивање на немири и општа нестабилност. Во атмосфера на се посилно влијание од Индија, Мрежата служи како алатка за таргетирање на индиски политички, дипломатски и економски итереси во Авганистан.

За разлика од Талибанците (Quetta Shura Taliaban), Мрежата не била цел на поголеми коалициски операции. Иако во инртервали, коалициските сили предизвикале деградација на капацитетите во изминативе години, но Мрежата се покажува исклучително способна за регенерација, способност која се базира на стабилните засолништа во Северен Вазиристан. Зоните кои се под контрола на Мрежата се тешки за идентификација. Подршката од популацијата е мала но своето присуство и „поддршка" го одржува со изнудување и притисок врз населението.

Доколку во 2013 и 2014 година коалицијата и Авганистанските безбедносни сили (АНБС) не преземат сериозна офанзива, Мрежата ќе продолжи да го проширува своето географско влијание напоредно со повлекувањето на коалиционите сили и транзицијата на одговорностите. АНБС немаат капацитет за разузнавање и креирање на софизтицирана команда и контрола со која ќе може да се обезбеди влијание на Владата на југоисток на земјата.

Мрежата претставува јасна, директна и најинтензивна закана за национални безбедносни интереси на САД, а со тоа и на целата меѓународна коалиција присутна во Авганистан. Мрежата практикува идеолошко партнерство со меѓународни терористички организации, пракса која несомнено ќе се интензивира на територијата на Авганистан напоредно со повлекувањето на коалициските сили.

Во таа насока, евидентни и јасни се активностите кои треба да ги превземе коалицијата со поддршка на АНБС за справување со Мрежата до трансферот на одговорностите. Во насока на намалување на ефикасноста на Мрежата, коалицијата мора:

- да превзема одлучна и масивна опреација во јадрото на организацијата, регионот Лоја Пактиа. Оваа операција мора да ја постигне својата цел, во спротивно Мрежата ќе се регенерира и ќе ги продолжи своите активности. Оваа операција би морала да опфати и контролирани воздушни напади на Северен Вазиристан со уништување на легитимни цели и лица,
- спречување на експанзијата на Мрежата надвор од нејзините граници,
- таргетирање на клучни фигури од Мрежата во Авганистан и Пакистан,
- продолжување со обука, менторство и опремување на АНБС.

Од погоре изнесеното може да се заклучи дека Авганистан и регионот пошироко претставува погодно тло за оперирање на најразлични бунтовнички групи кои несекогаш имаат заедничка цел и агенда. Нивните тактики и техники опфаќаат најразлични постапки, од криминогени до крајно морбидни и сурови.

Но, и покрај шареноликоста, неколку карактеристики ги обединуваат во нивната крајна цел:

- омраза кон западната култура, а особено САД;
- непокорност и одважност;
- желба за моќ и контрола на Авганистан или негови делови;
- комплексна организација и племенска (клан) припадност;
- религиозна основа и идеологија.

**6. Финансирање на бунтовниците (одгледување, производство и трговија со опојни дроги);**

Бунтовниците се финансираат од мноштво надворешни извори кои вклучуваат: донори од државите од Персискиот залив, државни и недржавни актери од Пакистан и Иран и мноштво транснационални и криминални здруженија, но во суштина, производството на опојни дроги и нелегалната трговија претствуваат примарен извор на приходи.

Значителен дел од приходите на бунтовниците доаѓа директно од соседен Пакистан во форма на засолништа, инфраструктура за обука и повремено финансиска и оперативна поддршка. Дополнителни средства пристигаат и од Иран но не до тој степен како од Пакистан.

На почетокот од создавањето на Ал Каеда, голем дел од финансиските средства за потребите на Ал-Каеда биле од личното богатство на Осама бин Ладен. До 2001 година Авганистан станува политички комплексен, со мноштво финансиски извори (Пакистан, Индија, Иран, Кина и т.н.). Изворите на финансирање во 2001 година ги вклучуваат и Џамал ал Исламија (Jamaa Al-Islamiyya)[49] и Исламскиот Џихад. Други извори на приход ги вклучуваат и шверцот на хероин и донациите од поддржувачи од Кувајт, Саудиска Арабија и други исламски држави.

Решенијата за справување со финансирањето на бунтовниците од извори поврзани со производство на опиум мораат да се бараат во рамките на Авганистан. Меѓународната соработка има своја улога во борбата со трговијата со наркотици но обемот на производството во Авганистан и разноликоста на меѓународните пазари прават да е невозможно справувањето со проблемот да има резултати доколку е третиран само надвор од границите на Авганистан. Авганистан треба да се однесува со производството и трговијата со опиум како на внатрешен проблем, а не да се потпира на активностите вон својата територија.

[49] Египетско – сунитски исламистичко движење препознаено во САД и ЕУ како трерпистичко. Групата е(беше) посветена да ја сруши египетската влада и да ја замени со Исламска држава.




*Графикон бр.3, Површини под афион (во хектари)*[50]

Значајно за споменување е дека производството на опиум и териториите засадени со афион драстично растат по 2001 година. Талибанците со ригорозни мерки успеваат да го намалат и контролираат производството во годините на нивното владеење додека по превземањето на контролата врз Авганистан од страна на меѓународната коалиција, производството, а со тоа и трговијата енормно расте. Најголем пораст производството евидентира во период 2006 – 2008 кога вкупнот производство достигнува повеќе од 90% од вкупнот производство во светски рамки.

Борбата против производството и трговијата со дрога во Авганистан зазема централен дел во напорите за национален развој и раст. Обемот на економијата поврзана со опиумот значи дека елиминирањето на опиумот може да се постигне само со одржлив развој на владеењето и економски раст и подобрување на стандардите за живеење на долг рок и на целата територија на земјата. Постојните проекти се неадекватни за проблемот.

Елементи кои влијаат и го оформуваат пристапот за разрешување на проблемот со трговијата и производството на наркотици во Авганистан:

- во пресрет на предизвиците на производство и потреба за егзистенција, пристапот треба да обезбеди реални алтернативи за лицата кои живеат во

[50] United Nation Office on Drugs and Crime, Afghanistan Opium Survey 2012, Sumary Findings

руралните области, особено сиромашните; да се развива и гради руалната економија; неоподен е долгорочен пристап со соодветна приоретизација;

- за справување со значителниот политички предизвик, пристапот треба да се фокусура на намалување на негативните ефекти од кампањите. Фокусот треба да се насочи на трговијата и дистрибуцијата наместо на производството, во тој случај, најмалку штета би била направена на локалното население. Истовремено, како што важи за се останато.
- пристапот треба да обезбеди воспоставување на стабилна и одговорна власт и доверба помеѓу власта и населението; да избегне генерирање на распространето спротивставување на власта во руралните области; да се поткопаат економските и воени моќи на силите се на позиција и имаат интерес да ја поткопаат на државата;
- во однос на економските предизвици, пристапот треба да го поддржи одржливиот економски раст; да привлече донатори за поддршка на проекти кои ќе обезбедат алтернатива во руралните средини наместо одгледување на афион;

*Механизми за спречување на трговијата со наркотици*

Капацитетите за законско ограничување на трговијата со наркотици треба да се зајакнат. Законските акти се клучните алатки во владината стратегија. Законите го напаѓаат тргувањето со опојни материи токму во целта, каде што најмогу вреди и го сопира профитот од трговијата со опојни дроги со кои се финансираат Лордовите на војната (Warlords) и анти-владините политички интереси. За ефикасно законско спротивставување, законските обврски мораат да се дефинираат и зајакнат.

За ефикасно спротивставување, потребно е да се дефинираат и одговорностите на силите за спроведување на законите, да се зајакнат способностите и законската рамка и судските процеси треба да се подобрат. Контрола на трансферот на пари, вклучително и на Хавала системот.

# ТРЕТ ДЕЛ

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА КОМПЛЕКСОТ НАРЕЧЕН АВГАНИСТАН

### 1. Погрешен „In box“ пристап и агресивен настап без почитување на научените лекции

Во Авганистан, војната е со Паштуните. Коалицијата војува главно против Паштуните сметајќи дека тоа се Талибанците, сојузниците на Ал Каеда. Скривалиштата на Ал Каеда и нејзините лидери се воглавно во јужните делови на Авганистан кои граничат со Пакистан каде и Талибанците се реорганизирале по поразот во 2001.

Дефинитивно, обележје на Паштуните е нивната етничка припадност (идентитет). Но САД, наводно во обид да воспостави демократија го избегнува тој факт. Тоа класична колонијална тактика воспоставена од Британската империја. Моделот е следен - се избира малцинството како лојален инструмент но секогаш се поставува на значајна позиција некоја фигура (лакеј) од мнозинството. Карзаи се вклопува во моделот.

Хамид Карзаи се декларира дека е од проминантно паштунско племе и бил релативно непознат додека не бил одбран од американските ментори. Го прифаќа владеењето на Талибанците поради капацитетот кој го поседувале да воспостават хаос по граѓанската војна. Во раната фаза на инвазијата (2001) кратко служи во рамките на специјалните сили на војската на САД.

Во изминатата декада, Карзаи живее во фортифициран објект (зона), ескортиран под високо обезбедување обезбедено од приватната компанија DynCorp која има договор со Пентагон. Карзаи ужива репутација на чесен и умерен демократ кој се „здоби“ со легитимитет на последните избори во 2009 година.

Правејќи споредба со претходните колонијалистички и империјалистички војни водени во 20-тиот век како и неодамна завршената инвазија во Ирак, можат да се направат паралели и да се извлечат сличности:

- индискриминирачка употреба на воздушна и огнена моќ, постапка која неповратно води до масакри на невини цивили;
- агресивно, сурово и често расистичко однесување на американските трупи;

- селективно апсење и злоставување на локалните затвореници;
- неуспех во обезбедување на безбедност, состојба која го попречува економскиот развој;
- Масовна невработеност која за возврат ги зајакнува и „продуцира" милитанти и ја стимулира недозволената трговија – во случајот со Авганистан, производство на опиум;
- не се сите Сунити радикални ниту пак сите Паштуни Талибанци. Погрешна политичка проценка која одведе до помалку (позитивно) внимание кон оние кои најмногу изгубиле од инвазиујата – Паштуните.
- погрешно наведување или намерно наметнување на перцепција дека состојбата неповратно води кон цивилна војна доколку САД и коалиционите партнери не се присутни на терен;
- доделување на договори на западни компании наместо на локални фирми.

Лекциите кои можат да се извечат се видни. Доколку западот е искрен во однос на демократијата тогаш треба да дозволи мнозинството да превладее.

**Немање на стратегија:** Меѓународната заедница (коалиција) нема кохерентна стратегија за Авганистан иако САД со помош на масивната машинерија за односи со јавноста се обидува да презентира дека прогрес постои. На пример, операцијата во Марџах (Marjah) беше претставена како демонстрација на успешна доктрина за борба против бунтовниците (COIN). Во реалноста, операцијата била катастрофална. Талибанците се сеуште присутни во Марџах додека војската на САД контролираат само мал дел од реонот.

**Влада „in a box":** Значителен дел од коалиционата стратегија се базира на грешни претпоставки дека владините институции можат да бидат донесени и да функционираат и во областите или градовите надвор од Кабул. Владините официјални лица се бирани „од ракав" од страна на западните сили на терен додека се занемарува локалната димензија и филозофија на авганистанците.

**Недоверба во авганистанската влада:** Претседателските избори во 2009 се проследени со масовни демонстрации на изборни измами и за неверување е дека 10-15%. Во ваква состојба, Карзаи го губи легитимитот и се поголема е неговата зависност од криминалните мрежи и „лордови на војнат". Корупцијата е ендемска појава на сите нивоа на власт, локална и центална.

**Немање на локални партнери:** Авганистанците се се повеќе загрижени за соработката со меѓународната коалиција. Народот не и верува на коалицијата бидејќи се плаши (со право)

дека коалицијата на крајот ќе ги остави осамени. Многумина се веќе убиени поради соработка со Коалицијата. Во источен Авганистан САД се обидува да креира локална милиција но тамошните жители се неволни да соработуваат.

**Отворени граници:** Талибанците имаат речиси целосна слобода на движење преку Авганистански-Пакистанската граница. Покрај неколку контролирани појаси, границата е отворена дозволувајќи Талибанците да воспостават и одржуваат ефикасна мрежа за достава и логистика.

**Моралот на Талибанците:** Мислењето дека моралот на Талибанците ослабнува е комплетно погрешно. Талибанците моментално ја имаат иницијативата и тоа го знаат. Нивната главна преокупација се односите со пакистанската армија, а не како што се смета борбата против бунтовниците (COIN).

**Информативна војна:** Извештаите од Авганистан се поразителни. Фокусот е насочен кон тоа што не функционира во земјата. Ова е можеби разбирливо имајќи предвид дека странските известувачи и аналитичари (и публиката) најчесто го гледаат само насилството, смртта и разурнувањата во Авганистан, но тие од разни причини не го гледаат тоа што функционира и е изменето.

Егзибиционистичките содржини на новинарските извештаи дополнително ја зајакнуваат талибанската анти – владина пропаганда „додавајќи оган" на веќе кршливата политичка сцена заостувајќи ги односите на странките кои треба да работат заедно како партнери. На пример, гласната јавна критика за широко распространета корупција во авганистанската влада е контрапродуктивна. Единствено што предизвикува е иритирање и одбивност на меѓународните донори наместо соочување и решавање на проблемот.

## 2. (Не)подготвеност на модерните армии да се соочат со заканите на 21 век - Четврта генерација на војна

Војските се создадени од општеството да исполнат два суштински интереса: да ги заштитат општествените вредности и да се здобие/зграби/освои се што е потребно за да се зајакнат тие интереси. Општеството им задава мисија на војските, додека војските подучени од сопственото искуство и од искуството од другите креираат стратегии и тактики да се исполнат зададените мисиите. Но во зависност од периодот на еволуција на човештвото, техниката, идеите и интересите, еволуира и војувањето. Независно од различните теоретичари, војувалиштето е променето до степен кога традиционалните теории и организации се дисфункционални во справување со модерните закани. Технологијата го прави светот „глобално село" овозможувајќи моментална размена на

информации и преминување на огромни далечини за исклучително краток временски период. Промените како што е глобализацијата и урбанизацијата директно влијаат на причините за војна како и начинот на војување.

Овие промени резултираат во состојба кога конвенционалните армии не се во тек со реалноста. За да се илустрираат промените, ќе се направи осврт на генерациската промена/транзиција на начинот на војување. Генерациската промена наговестува промена на стратегиите и тактиките во линија со промените во општеството, технологијата и идеите. Вистинските победници и стратези секојпат размислувале и биле „генерациски" понапред од губитниците иако честопати губитниците располагале со сила, луѓе и средства. Во денешните војни (Ирак, Авганистан, Либија, Сирија) војската има ограничена моќ. Непријателот напаѓа нелегитимни цели, удирајќи директно во волјата на полулацијата и моралот на нацијата. За да се спртивстави на ваквиот начин на војување, вооружените сили мора да се адаптират: технолошки, организациски и особено персонално. Доктрината на непријателот е асиметрична, нејасна и секојдневно менлива.

Оваа теза започнува со претпоставката дека војните Четвртата генерација се тука и сега, а модерните војски не се дораснати на предизвикот. Индикатор за оваа промена е фактот дека коалициските сили во Авганистан и претходно во Ирак не беа способни за брза разрешница на конфликтот. Точно е дека големите воени операции завршија со целосен успех но состојбата не терен потоа зборува дека војната не е добиена.

Реториката и категоризирањето на војните во „Четири генерации на модерна војна" започнуваат со Мировните договори од Вестфалија[51] од 1648 година. Со договорите од Вестфалија државата воспоставува монопол над војната. Дотогаш различни ентитети војуваа војни – фамилии, племиња, религии, градови користејќи најразлични средства (поткуп, атентати и сл.), а не само војска.

Концептот на четвртата генерации на модерна војна за прв пат е дефиниран и протолкуван во трудот на американскиот стратег и поранешен маринец Вилијам Линд „The Changing Face of War: into the Fourth Generation". За да се добие вистинска слика за тврдењето на Линд потребно е да се направи дистинкција на генерациските промени.

**Првата генерација** на војни (1648-1860) – државата здобива монопол на водење војна, а воената култура е култура на ред, наметната дисциплина и строга хиерархија која

[51] Мировниот договор од Вестфалија е серија на мировни договори потпишани помеѓу мај и октомври 1648 во Оснабрук И Мунстер, Германи. Овие договори ја завршија триесет годишната војна (1618 – 1648) во Римската империја и осумдесет годишната војна ( (1568–1648) помеѓу Шпанија и Холандската Република (Dutch Republic), по кој Шпанија и формално ја признава независноста на Холандската Република.

се одразува и на начинот на однесување на армиите на бојното поле, подредени во линии и колони. Најголем број на работи кои ја разлукуваат војската од цивилите, а се наменети да го зајакната чувството на ред и дисциплина (униформи, поздравување, чинови) се продукти на Првата генерација на војни.

Промената на бојното поле настанува во средината на 19 век со појавата на мускетит, автоматските пушки и митралезите наметнувајќи промена на тактиката на редови.

**Втората генерација** на војни се дефинира во Првата светска војна каде се става акцент на масовен пешадиски напад претходно подготврн со опсежна огнена поддршка, претежно индиректен артилериски оган. Втората генерација е развиена од страна на французите и јасно се отчитува во максимата „Артилеријата освојува, пешадијата окупира".

Поради зачувувањето на редот на нештата (принципи и процедури), на некој начин Втората генерација не внела революција, посебно во убедувањето на тогашните високи офицери. Централно контролираната огнена моќ била внимателно синхронизирана според одредени планови, наредби и детали.

Втората генерација на војни била едноставна од гледна точка на офицерите бидејќи сеуште го сочувува редот на нештата и културата на војувањето од Првата генерација на војни. Фокусот е на правила, процеси и процедури. Послушноста и дисциплината биле над иницијативата. Всушност, иницијативата била непожелна бидејќи ја растурала синхронизацијата.

Втора генерација на војни е актуелна и денес и се огледува во доктрината на војската на САД. Имено, единствено што е сменето е тоа што авијацијата беспилотните летала ја заменуваат артилеријата.

**Третата генерација** претставува германски „одговор" на претходните две, разработена во текот на Првата, а успешно применета на почетокот на Втората светска војна. Таа се темели на „брзина, изненадување и ментално и физичко изместување на противникот" и се потпира на решавање на проблеми на теренот, а не на слепо следење наредби. Развиени биле првите нелинеарни тактики. При одбрана, цел било да се вовлече противникот и потоа да се отсече, наместо да се одржи линија на фронтот. При напад, движењето е како вода низ одбраната на непријателот, при што секогаш се бара најслабата точка за пробив, а потоа свртување кон останатите позиции од зад нивниот грб. Операционо и тактички, целта обично било заобиколување.

Третата генерација исто како и Втората е продукт на Првата светска војна. Оваа генерација е продукт на германската армија, попозната како блицкрик тактика[52] (Blitzkrieg) односо во основа е маневарот. Третата генерација не е базирана на огнена моќ и масовни напади туку на брзина, изненадување и дислокација. Тактички, за време на нападот се тежнее да се пробие до непријателската заднина и да се нападне од назад кон неговиот фронт. Во одбрана, целта е непријателот да се навлече внатре и потоа да се отсече и уништи. Третата генерација на војни не е линеарна.

Промените во Третата генерација на војни не е само во тактичките постапки туку и во воената култура. Наредбите ги специфицитаат целите но не и начините како да се достигнат, иницијативата е поважна од послушноста.

**Војните од четврта генерација** не ги водат само држави, туку и нерегуларни, герилски, терористички и/или мафијашки мрежи, а дополнето се комплицирани бидејќи се одвива и конфликт меѓу култури, врз племенска и етничка и/или идеолошка и религиозна основа, со конвенционални и неконвенционални средства и методи. Ваквите војни претставуваат „мешавина на старовремското и модерното", со очевиден примат на индиректноста и на моралот, особено во поглед на развивање лојалност кај населението, а наспроти акумулацијата на ресурси, бројност и огнена моќ.

Карактеристиките како што се децентрализација и иницијатива се пренесени од Третата генерација, но во суштина, Четвртата генерација обележува најрадикални измени уште од Мирот од Вестфалија во 1648. Во четвртата генерација, државата го губи монополот над војната. Насекаде националните војски се соочуваат со недржавен непријател како што се Ал Каеда, Хамас, Хезболах, ФАРК. Речиси насекаде државата ја губи војната.

Четвртата генерација на војни се војни помеѓу културите, војни на идеи. Светото се наоѓа во конфликт помеѓу старите и најотпорни непријатели, христијанскиот запад и исламот. Речиси по три века на стратегиска одбрана (турската опсада на Виена во 1683 година) исламот го реафирмира стратегискиот напад ширејќи го фронтот насекаде. Уште во времето на Третата генерација на војни може да сметаме дека е користена тивка тактика во форма на имиграција која од оваа гледна точка може да ја протолкуваме како речиси опасна како и инвазија од вистинска војска.

[52] Blitzkrieg во превод значи молскавична војна. Изразот е за прв пат копристен ос страна на германиците во Втората Светска Војна и се однесува на тактика засанована на брзина и изненадување. Тактиката е развиена во Германија од страна на офицерот Ханс Гудеријан

Во трудот на Вилијам Линд (William S. Lind) се детерминираат четири централни идеи кои ги одбележуваат Војните од четвртата генерација. Прво, дисперзија на војувалиштето при што нема да биде возможно во војна да се вклучи целосната популација на населението во зафатената област туку е потребно да се спроведуваат мали операции кои ќе имаат максимален ефект. Второ, логистиката ќе биде децентрализирана. Трето, маневрот и подвижноста ќе бидат значително истакнати, масовноста нема да биде важна. Четврто, целта ќе биде да се предизвика колапс на непријателот одвнатре наместо целосно физичко уништување. Целите и центрите на гравитација ќе вклучуваат и јавна поддршка од населението. Во суштината на овие војни се повторуваат и елементи од Третата генерација на војни; војната ќе биде дисперзирана, разликата помеѓу војна и мир недефинирана и целосно ќе исчезне фронтот на војувалиштето.[53]

*Дали модерните армии и држави се подготвени и способни за војување на војните од Четвртата генерација?*

Анализирајќи ги војните во изминативе две декади, а особено војните во Ирак и Авганистан, се наметнува перцепцијата дека војските не се само војници и генерали. Војниците се олицетворение на стратегиските заложби, политичари, дипломати и државници. Постапките на секој војник, независно колку се минорни и незначајни имаат стратегиски импакт врз целокупната операција. Денешниот војник мора да има:

- исклучително познавање на земјата, културата и навиките на населението,
- да ги почитува религијата и моралните вредности на локалното население,
- да го почитува непријателот,
- да ги применува идентификуваните и научените лекции,
- да го препознае центарот на гравитација како предуслов за успех,
- да биде свесен дека успехот на операцијата зависи од координацијата и од единството на напорите помеѓу цивилните и воените актери на терен и
- да развие способност да рамислува како бунтовниците и да ги предвидува следните постапки наместо да се прилагодува.

Максимата „да се освојат срцата и умовите на популацијата“ не е нова но денес го достигнува својот максимум. Глобализацијата придонесе информацијата и вољата на населението да бидат во фокусот на интерес. Кој ја контролира информацијата ја контролира вољата на противникот да се спротивстави и да истрае во намерите.

[53] William Lind, 'The Changing Face of War: Into the Fourth Generation', Marine Corps Gazette, октомври 1989

## 3. Недоследности во однос на формално правна оправданост на војната во Авганистан

Од формирањето на Обединетите Нации во 1945 година, меѓународните закони во однос на војната се дефинирани во согласност со Повелбите на ОН. Мерејќи според тие стандарди, војната во Авганистан е нелегална уште од самиот нејзин почеток.

Овој заклучок се базира на неколку аргументи: Прво, според меѓународното право засновано на Повелбите на ОН, несогласувањата помеѓу државите треба да бидат изнесени пред Советот за безбедност на ОН (СБ) кој е единствен да авторизира употреба на сила. Без оваа авторизација, секоја воена активност наспроти друга земја е нелегална. Второ, постојат два исклучока: Едниот е доколку Вашата земја биде предмет на напад од друга земја воениот одговор е заснован на самоодбрана. Овој предуслов не беше исполнет со нападите на терористичките напади на 11 септември 2001 (11 септември 2001). Вториот исклучок е доколку одредена држава има непобитни докази за постоење на потенцијална закана. САД тврдат дека нападот над Авганистан е оправдан поради потребата од спречување на втор напад.

Политиките лидери на САД тврдат дека ОН ги авторизирала нападите врз Авганистан, ова тврдење (најпрво на администрацијата на Буш а подоцна и на Обама) е отсликана во обраќањето на Обама пред питомците на Воената академија „Вест Поинт“: „Советот за безбедност на ОН прифати употреба на сите неопходни чекори за да се одговори на нападите од 11 септември 2001 ... одтаму војската на САД го нападнаа Авганистан под закрилата на меѓународниот легитимитет“.

Зборовите се извлечени од контекст од Резолуцијата 1368 на СБ каде се нотираат обврските и готовноста на Советот врз основа на Повелбите на ОН за „превземање на сите неопходни чекори“ за одговор на 11 септември 2001.

Советот за Безбедност (СБ) можел и да ги детерминира овие неопходни чекори и да го авторизира нападот на САД над Авганистан, но тоа не е сторено. Резолуцијата на СБ 1373, која е единствената друга резолуција која го допира ова прашање, но таа предвидува различни постапки како што се: самрзнување на сметки, криминализирање на поддршката кон терористите, размена на информации во врска со терористите и криминално гонење . Употребата на воена сила не е спомената.

Војната во Авганистан не е авторизирана од страна на СБ во 2001 ниту подоцна, одтаму оваа војна е започната како нелегитимна војна и таква останува и до денес.

Војната во Авганистан е нелегитимна и одтаму нелегална не само според меѓународното право туку исто така и според правото во САД. Имено, врз основа на Членот 4 од Уставот на САД[54], повелбите на ОН кои се ратификувани од САД претставуваат дел од врховните закони на земјата.

Меѓународната, а особено американската јавност најверојатно не е ни свесна за (не)легалноста на оваа војна, најмногу по заслуга на политичарите и корпоративните медиуми кои не се расположени да го потенцираат тоа. Но и доколку јавноста била информирана за тоа, на почетокот (11 септември 2001) многумина не би се обиделе да се спротивстават.

Основата на целата оваа кампања се заснова на три основни тези и тврдења:

1. Нападите на 11 септември 2001 биле изведени од 19 муслимани, членови на Ал Каеда.
2. Нападите се авторизирани од основачот на Ал Каеда, Осама Бин Ладен кој во тој период е во Авганистан.
3. Инвазијата на коалицијата предводена од САД над Авганистан била неопходна бидејќи Талибанците кои го контролираат Авганистан одбиваат да го предадат Бин Ладен.

Врз основа на овиер три тези, политичките лидери тврдат дека САД и подоцна меѓународната коалиција имаат морално право, произлезено од универзалното право на самоодбрана да се обидат да го заробат и/или убијат Бин Ладен и да ја спречат Ал Каеда да лансира нови напади врз западот.

Единствен проблем во наведеното е дека сите три тези се невистинити.

*- Дали САД го напаѓа Авганистан бидејќи Талибанците одбиваат да го предадат Бин Ладен?*

Тврдењето дека Талибанците одбивале да го предадат Бин Ладен е повторувано повеќепати од политичкиот естаблишмент и од корпоративните медиуми. Но извештаите од тој период укажуваат дека вистината е сосема поинаква.

Десет дена по нападите CNN известува: „Талибанците ... одбиваат да го предадат Бин Ладен без соодветни докази дека бил инволвиран во минатонеделните напади на САД ... Талибанскиот амбасадор во Пакистан ... изјавил дека неговото депортирање без докази

[54] Извор - http://www.archives.gov/exhibits/charters/constitution_transcript.html

претставува – навреда за исламот... ". Од друга страна, Буш „вели дека барањата не се предмет на преговори или дискусија."

Со одбивањето да се достави било каков доказа за вмешаноста на Бин Ладен, администрацијата на Буш прави да биде невозможно предавањето од страна на Талибанците. За една муслиманска држава да предаде свој „брат" муслиман потребно е да се изнајде соодветна формула и несомнени докази. Со други зборови, додека САД вели „предадете го Бин Ладен" Талибанците велат „ направете нешто за да ни помогнете да го предадеме.

По бомбардирањата во октомври 2001, Талибанците повторно се обидуваат да го предадат Бин Ладен на трета земја доколку САД престанат со бомнардирањата и обезбедат докази за неговата вина но Буш повторно одбива.

*- Дали се обезбедени евидентни докази за одговорноста на Бин Ладен?*

Две недели по 11 септември 2001, Државниот секретар, Колин Пауел изјавил дека во блиска иднина очекува да биде објавен документ ко јасно опишува докази кои го поврзуваат Бин Ладен со нападите. Но на заедничка прес конференција наредното утро го повлекува својот збор правдајќи се дека документот е класифициран.

Наредната недела британскиот премиер, Тони Блер доставува документ – доказ пред судот кој наводно претставува доказ за вмешаноста на Бин Ладен но напоменува дека документот не е соодветен доказ за пред суд. Односно, документот е доволен доказ заа да се влезе во војна но не е доволен за пред суд. Дополнително, телевисиската куќа BBC ја потенцира оваа слабост известувајќи дека не постои директна врска помеѓу Бин Ладен и 11 септември 2001.

*- Што со Федералното биро за истраги (FBI)?*

Најбараниот терорист на планетата не е на официјалната интернет листа на обвинети за терористичкиот акт на 11 септември 2001 образложувајќи дека Федералното биро за истраги [55] нема доволно силни докази за поврзаност на Бин Ладен.

Извештајот на Комисијата формирана за 11 септември 2001 се базира на претпоставка дека Бин Ладен е позади нападите на 11 септември 2001. Доказите наведени во извештајот се изнесени од Централната разузнавачка агенција (CIA) добиени од оперативци на Ал Каеда.

[55] Federal Bureau of Investigation - FBI

Со оглед на наведеното, ниту администрацијата на Буш, британската влада, Федералното биро за истраги и Комисијата за 11 септември 2001 не доставиле нуту еден добар доказа за вмешаноста на Бин Ладен во нападите.

Одредена група тврдат дека докази за вмешаноста на Бин Ладен не се ни потребни бидејќи Бин Ладен ја признал својата вмешаност на видео лента која е откриена во ноември 2001 од страна на војската на САД во Џалајлабад, Авганистан. Но иако содржината на траката е несомнен доказ, независни експерти тврдат дека се работи за измама. Одредени делови на ликот и фигурата на снимката не одговараат на Бин Ладен. Во поддршка на ова тврдење е и фактот дека ни по ова видео Федералното биро за истраги не ја ревидира својата листа на најбарани терористи.

Во секој случај, „рационалното" објаснување за присуството на странски сили во Авганистан е измама. Покрај илјадниците странски војници убиени или ментално или физички осакатени, инвазијата над Авганистан резултира со огромен број на авганистански жртви чии проценки се движат од неколку стотици илјади до неколку милиони. Но, какви и да се точните податоци, инвазијата на коалицијата поредводена од САД предизвика мизерија и смрт на огромен број на лица. Фактот дека официјалната приказна е лага ги прави воените злосторства уште потешки.

## ЗАКЛУЧОК

Авганистан останува критичен за целокупната меѓународна заедница. Покрај долгата историја на племенски кофликти, граѓанска војна и странска окупација, воената интервенција во декадата што помина не ја премости разликата помеѓу желбите и можностите.

Иницијалните успеси беа резултат на јасна воена надмоќ, синхоронизирани билатерални подготовки, ефективни мултилатерални преговори и ограничени цели. Деценија подоцна, на меѓународната заедница и недостасуваат токму овие работи. Востановувањето на стабилен и самоодржлив Авганистан е основната цел и во фокусот на напорите на меѓународната заедница. Неуспехот да се создаде стабилна држава која е способна да ја практикува власта на целокупната територија на Авганистан ќе овозможи на терористите и милитантните групи да воспостават сигурни засолништа од кои ќе заговараат и организираат напади насочени против западните демократии. Востановувањето на стабилна државата е критично поради стравот дека кога сојузниците ќе го напуштат Авганистан, државата набрзо ќе се распадне. Успехот на долг план е единствено можен само ако Кабул заслужи доволен легитимитет во очите на народот и поседува доволна сила да се соочи со Талибанците било каде и било кога.

Основната стратегија и цел на меѓународната коалиција предводена од САД е сосема јасна: да се оневозможиме Ал-Каеда да создаде безбедни засолништа, Талибанците да ја изгубат способноста за насилно симнување на легитимната власт и да се зајакнат авганистанските безбедносни сили и власта за да можат да ја превземат водечката улога за иднината на Авганистан. Ова тврдење имплицира на неопходноста од воспоставување на стабилна држава но (погрешно) претпоставува дека тоа може да се направи за релативно кратко време.

Воспоставувањето на државата е долготраен и тежок процес. Особено ако се има предвид дека се реализира со мешање однадвор и ако знаеме дека се работи за Авганистан. Историјата зборува за успешни обиди, но во тие случаи, граѓаните, инфраструктурата, социјалниот и политичкиот живот се сосема различни и неспоредливи во однос на Авганистан. Дополнителен товар претставува недостатокот на основните „состојки" за успех – време, пари и постоечки институции.

Придобивките од воената интервенција се видливи. Во изминатава декада, меѓународните сили, заедно со авганистанските партнери бележат успеси и напредок на полето на безбедноста и градењето на авганистанските институции. 2011-та е прва година

кога се бележи тренд на намалување на непријателски иницираните инциденти. Овој тренд продолжува и во 2012. Самостојните активности предводени од Авганистанските национални безбедносни сили (АНБС) и парнерството со ИСАФ се идентификувани како клучни за овие успеси. АНБС продолжуваат да се развиваат во сила способна за превземање на одговорноста за безбедноста на целата територија на Авганистан. Безбедносната состојба и напредокот на АНБС напредуваат кон состојба која ќе овозможи транзиција на одговорностите да продолжат во согласност со заклучоците од самитите на НАТО во Лисабон и Чикаго. Денес речиси 50% од населението живее во области под контрола на Авганистанските безбедносни сили.

Покрај овие позитивни трендови, активностите превземени од меѓународната заедница продолжуваат да се соочуваат со акутни предизвици. Бунтовништвото предводено од Талибанците и нивните соработници од Ал Каеда сеуште оперираат од своите безбедни засолништа во Пакистан. Базите во Пакистан како и оганичените способности на авганистанските власти претставуваат најголем ризик за достигнување на одржлив и стабилен Авганистан. Бунтовниците докажуваат дека се отпорен и одлучен непријател кој најверојатно ќе се обиде повторно да превземе контрола и иницијатива преку превземање на атентати, изнудување, напади над цели од висок профил, поставување на импровизирани експлозивни направи (ИЕН). Од друга страна, авганистанската влада се соочува со високо распространета корупција која ја ограничува ефикасноста и ја поткопува и онака слабата легитимост меѓу населението.

Кога ќе се анализира регионалната безбедносна динамика во Централна и Јужна Азија, која несомнено влијае на исходот на воената инервенција, очигледно е дека е под доминација на конфликтот помеѓу Индија и Пакистан. Пакистан е загрижен од стратегиската наклонетост на Индија и можноста авганистанската влада да се насочи кон Њу Делхи, додека Индија е загрижена дека Пакистан го смета Авганистан за своја стратегиска цел. Дополнително, порозната и вештачка граница, и можноста за обединување на паштунските племиња на двете страни од границата создаваат нетрпение во Исламабад.

Од аспект на општествените состојби, евидентно е дека коалицијата не успева докрај да ги разбере авганистанската култура и специфичните општествени релации што пак директно резултира со огромни загуби и неуспех во извршување на крајната цел.

Авганистан е дефиниран со уникатна културна разноликост. Покрај историјата на речиси непрекинатите конфликти предизвикани однадвор и одвнатре, култураните

особености останаленедопрени со векови. Авганистан е општество базирано на племенски поделби и кланови со мноштво на јазици. Планинскиот терен го оневозможил ширењето на културата и мешање на народите и притоа го има зачувано тој начин на живот заштитен од централната власт и странските инвазиони армии.

Токму историјата обезбедува мноштво примери кога незнаењето, неразбирањето и неискористувањето на знаењето за културата довела до поразителни резултати. Пример за тоа е поразот на британските и советските сили кои во минатото се обиделе да го покорат Авганистан. Авганистан кој е дом на мноштво етнички лингвистички и племенски групи, да се фокусира на авганистанската култура е критично за постигнување на крајната цел. Меѓународната коалиција, пред се САД не само што не успеваат да ја разберат и искористат културната разлика, туку арогантно и игнорантски не се прилагодува кон средината која сама по себе е предизвик.

Авганистан има централна влада и дефинирани граници, но власта нема контрола на целата територија ниту пак на целото население. Неприсуството на власта и ограничената слобода на движење имаат свое влијание врз спроведување на законите на регионално и посебно на локално ниво. Како физички се зголемува растојанието од провинциските и центри и Кружниот пат така се намалува влијанието на централната и провинциската моќ и власт. Од таму, неспособноста на централната власт да ги спроведува законите го зајакнува чувството на успех на властите во сенка.

Клучот за успех на воената интервенција е идентификуван во трансферот на одговорности од меѓународната коалицијата кон авганистанските власти, а основниот предуслов „лежи“ во успехот и ефикасноста на Авганистанските национални безбедносни сили (АНБС). Но постои нашироко распространето сомневање за способноста на АНБС за самостојно водење на операциите и контрола на безбедноста. (1) Една од причините за ваквиот негативен став е неписменост која изнесува речиси 90% од целокупниот состав како и хронично дезертерството кое достигнува и до ниво од 50% и отуѓување на опрема.. (2) Втора работа која предизвикува загриженост е лојалност во рамките на АНБС и зачестените внатрешни напади (Green on Blue Attacks).

Модерното војувалиште е променето до степен кога традиционалните теории и организации се дисфункционални во справување со модерните закани. Технологијата го прави светот „глобално село“ овозможувајќи моментална размена на информации и преминување на огромни далечини за исклучително краток временски период. Промените како што е глобализацијата, медиумите и урбанизацијата директно влијаат на причините

за војна како и начинот на војување. Војските не се само војници и генерали. Војниците се олицетворение на стратегиските заложби, политичари, дипломати и државници. Постапките на секој војник, независно колку се минорни и незначајни имаат стратегиски импакт врз целокупната операција. Денешните конфликти, особено во Авганистан имаат потреба од внимателна анализа на искуствата од минатото, апликација на научените лекции и адаптибилност.

Стратегиските комиуникации – или способност да се спротивстави на непријателските пораки преку зборови и дела историски претставуваат основен предизвик за Против бунтовничките операции. Да е иронијата поголема, технологијата која во минатото претставувала предност за модерние армии и големи сили, денес овозможува предност за противникот. Способноста на меѓународната заедница да го разбере овој феномен и да ја искористи техолошката предност за да се справи со заканите ќе се покаже како клучен фактор за победа или пораз.

Во тој контекс, инцидентите и нападите над коалициските сили кои се интензивирани во изминатиот период. Талибанците ги користат овие случаи за медиумски кампањи со глобални размери предизвикувајќи општа загриженост во Брисел и Вашингтон. Од друга страна, западните сили потфрлаат на полето на стратегиските комуникации.

Меѓународната коалиција нема кохерентна стратегија за Авганистан иако САД со помош на масивната машинерија за односи со јавноста се обидува да презентира дека прогрес постои. Значителен дел од коалиционата стратегија се базира на грешни претпоставки дека владините институции можат да бидат донесени и да функционираат и во областите или градовите надвор од Кабул.

Од аспект на владеењето, генерален заклучок е дека претседателот Карзаи го губи легитимитот и се поголема е неговата зависност од криминалните мрежи и „лордови на војнат". Корупцијата е ендемска појава на сите нивоа на власт, локална и централна. Егзибиционистичките содржини на новинарските извештаи дополнително ја зајакнуваат талибанската анти – владина пропаганда „додавајќи оган" на веќе кршливата политичка сцена заостувајќи ги односите на странките кои треба да работат заедно како партнери. На пример, гласната јавна критика за широко распространета корупција во авганистанската влада е контрапродуктивна. Единствено што предизвикува е иритирање и одбивност на меѓународните донори наместо соочување и решавање на проблемот.

Во контекст на одржување на јавната поддршка, се посилните апели на заговорниците на нелегалноста на воената интервенција го поткопуваат „рационалното" објаснување за присуството на странски сили во Авганистан. Војната во Авганистан не е авторизирана од страна на СБ во 2001 ниту подоцна, одтаму оваа војна е започната како нелегитимна војна и таква останува и до денес. Покрај илјадниците странски војници убиени или ментално или физички осакатени, инвазијата над Авганистан резултира со огромен број на авганистански жртви чии проценки се движат од неколку стотици илјади до неколку милиони. Но, какви и да се точните податоци, инвазијата на коалицијата поредводена од САД предизвика мизерија и смрт на огромен број на лица. Фактот дека официјалната приказна е лага ги прави воените злосторства уште потешки.

Сегашната стратегија на меѓународната коалиција базирана на: бобата против бунтовниците и создавање на „хибридна" држава е базирана на претпоставки кои досега ја земаа својата цена во чевечки животи и ресурси. Пресметките зборуваат дека секој војник на САД во Авганистан чини помеѓу 500.000 и 1.200.000 $ годишно, а да не ги спомунуваме и загубените човечки животи и повредни војници.

Имајќи го во предвид „постигнатиот" напредок на состојбите во Авганистан како резултат од воената интервенција и присуството на меѓународната коалиција, се доаѓа до општ заклучок дека: недоволното познавањето на Гео-политичката динамика на регионот и непочитувањето на културните разлики и особености имаат суштинско влијание врз текот на конфликтот, целокупната безбедносната состојба во Авганистан и конечно на неостварувањето на целите на воената интервенција и војната против тероризмот.

Зададените цели на меѓународната заедница за периодот по Бон 2 и Авганистан по 2014 се поставени на јасна и недвојбена основа, но во моментов на коалицијата и недостига одлучна воена надмоќ, финансиска поддршка и консензус..

Во Авганистан, па и насекаде, бунтовниците демонстрираат извонредна адаптибилност и капацитети за брза промена на тактиката која дава видливи резултати. Наспроти нив, робусните воени машинерии обременети со спори и демократски бирократии не се во можност да парираат на идеолошки понапредниот непријател. Декларативно опремени и обучени, модерните армии се покажаа неспособни и премногу статични за војување на војна од четвртата генерација. Да биде трагедијата поголема, бунтовниците го „диктираат темпото".

Конечно, без јасна порака за посветеност на меѓународната заедница најмалку до крајот на оваа декада, Авганистан многу веројатно ќе биде зафатен од граѓанска војна

слична на онаа во раните 90-ти. Ситуацијата не само што ќе создаде можности за создавање на безбедни засолништа (safe havens) за екстремистите но исто така ќе предизвика и конфронтација помеѓу две соседни нуклеарни сили. Потенцијалот за ваков исход оди во спротивност со интересите на коалицијата. „Патувањето" кое започна со Бон 1 бара исклучителни жртви од авганистанците во прв план, а потоа од меѓународната заедница за што е потребно заедничка посветеност и енормна енергија за да се остане на зададениот курс.

Денешните конфликти, особено конфликтот во Авганистан, имаат потреба од внимателна анализа на искуствата од минатото, апликација на научените лекции и адаптибилност. Меѓународната заедница, доколку иницира нова „авантура", мора јасно да демонстрира заедничка безусловна посветеност, а модерните армии треба драстично да го променат начинот на размислување бидејќи во денешно време информацијата е најмоќното оружје.

## ЛИТЕРАТУРА

1. Alissa Rubin, "Clouds Around Karzai Darken the Road Ahead," The New York Times, July 13, 2011, достапно на: www.nytimes.com/2011/07/14/world/asia/14kabul.html?ref=hamidkarzai;
2. Ashley Tellis, Reconciling with the Taliban (Washington, DC: Carnegie Endowment for International Peace, 2009), 35, достапно на: http://carnegieendowment.org/files/reconciling_with_taliban.pdf;
3. Afghanistan Analisis Network: http://aan-afghanistan.com/index.asp?id=1
4. Boston Globe, "The threat of Talibanization" 1999
5. Catherine Dale, War in Afghanistan: Strategy, Operations, and Issues for Congress, Congressional Research Service, 03 декември 2009
6. Christopher Ward and William Byrd, Afghanistan's Opium Drug Economy, The World Bank, Decembre 2004
7. Colin Powell, "20 November 2001 Remarks at a State Department Working Session on Afghanistan Reconstruction," Foreign Policy Bulletin 12 (2002), 232–244.
8. David Kilcullen - Chief Strategist in the Office of the Coordinator for Counterterrorism, The State Department, Washington D.C, Counterinsurgency Redux,
9. Department of Defence of the United States od America, „Report on progress towards security and stability in Afghanistan – United States plan for sustaining the Afghan National Security Forces", април 2012
10. Effland. R. The Cultural Evolution of Civilizations, 1998.
11. Gary Berntsen и Ralph Pezzullo, Jawbreaker: The Attack on Bin Laden and Al Qaeda: A Personal Account by the CIA's Key Field Commander (New York: Three Rivers Press, 2005).
12. Grupa autora, Vojni leksikon, VIZ, Beograd,1981.
13. Hauss, Charles (Chip). "Military Intervention." *Beyond Intractability*. Eds. Guy Burgess and Heidi Burgess. Conflict Information Consortium, University of Colorado, Boulder. Posted: August 2003 http://www.beyondintractability.org/bi-essay/military-intervention.

14. Humanitarian Intervention and Just War Mona Fixal and Dan Smith. Mershon International Studies Review #42 (1998). Posted on the Mount Holyoke College International Relations Website.

15. http://www.beyondintractability.org/m/military_intervention.jsp

16. http://www.comw.org/pda/0109intervention.html

17. http://www.jha.ac/articles/a084.htm

18. http://www.globalsecurity.org/military/world/afghanistan/cs-society.htm

19. http://www.longwarjournal.org/archives/2012/08/green-on-blue_attack.php#introduction#ixzz2HtJ5Xt55

20. Introduction to International Relations – Theories and Approaches, Robert Jackson and Georg Sorensen, Second Edition, Oxford

21. James Dobbins, After the Taliban: Nation Building in Afghanistan (Washington, DC: Potomac Books, Inc., 2008), 46.

22. James Dobbins, "Ending Afghanistan's Civil War—Statement before the Senate Committee on Foreign Relations," March 8, 2007.

23. Jaffrey Dressler, The Haqqani Network – A Strategic Threat, Afghanistan Report 9, Institute for the Study of War (ISW), March 2012

24. Jeffrey Dressler and Carl Forsberg, "The Quetta Shura Taliban in Southern Afghanistan", Institute for the Study of War, декември 2009.

25. Kenneth Katzman, Afghanistan: Politics, Elections, and Government Performance, CRS, RS21922 (Washington, DC: CRS, June 1, 2011),

26. Kenneth Katzman, Afghanistan: Post-Taliban Governance, Security, and U.S. Policy, Congressional Research Service (CRS), RL30588 (Washington, DC: CRS, July 25, 2011)

27. Kimberly Marten: Warlordism in Comparative Perspective, март 2007.

28. Клаузевиц К., О рату, Београд, 1951.

29. Military Intervention and the European Union Martin Ortega. Paris, France: Institute for Security Studies of WEU, March 2001.

30. Mayer, Jane, "The Dark Side: The Inside Story of How the War on Terror Turned Into a War on American Ideals", 2008

31. Mark Fields и Ramsha Ahmed, A Review of the 2001 Bonn Conference and Application to the Road Ahead in Afghanistan Strategic Perspectives 8, ноември 2011;

32. проф. д-р. Митко Котовчевски, Нацонална безбедноста, Филозофски факултет, Скопје, 2011

33. проф. д-р. Митко Котовчевски, Современ тероризам, Македонска цивилизација, Скопје, 2002

34. проф. д-р. Митко Котовчевски, Етиологија на вооружените конфликти, Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, 2007

35. Mohammad Farhad Koleini, Поранешен амбасадор на Иран во Ерменија и експерт за стратегиски прашања Bonn Conference: A Security–Political Approach декември 2001, достапно на http://www.iranreview.org/content/Documents/

36. National Strategy for Combating Terroris, 2006

37. Нацев З., Котовчевски М., Дефендологија-второ дополнително и изменето издание, Македоска ризница, Куманово, 2005.

38. Phillip Kurata, "Envoy to Afghanistan on Bonn Agreement Success," Scoop Independent News, October 7, 2005, достапно на: http://article.wn.com/view/2005/10/07/Envoy_to_Afghanistan_on_Bonn_Agreement_Success/

39. President Barack Obama, "Statement by the President on the Afghanistan-Pakistan Annual Review," December 16 2010, available at http://www.whitehouse.gov/the-press-office/2010/12/16/statement-president-afghanistan-pakistan-annual-review. See also National Security Staff, "Overview of the Afghanistan Pakistan Annual Review," December 15, 2010.

40. Dr. Robert Boggs, India's Afghan policy: time for a defensive re-calibration, (202) 685-2082 National Defense University 's Near East South Asia Center for Strategic Studies

41. Scott Wilson and Karen DeYoung (21 May 2012). "NATO leaders agree on framework to wind down Afghan mission". *The Washington Post*, 22 мај 2012.

42. Steven Erlanger, "A Nation Challenged: The Politics; Afghan Talks Stall in Bonn on Comments from Kabul," The New York Times, December 1, 2001.

43. Steve Coll, Ghost Wars: The Secret History of the CIA, Afghanistan, and Bin Laden, from the Soviet Invasion to September 10, 2001 (February 23, 2004 ed.). Penguin Press HC.

http://www.indianembassy.org/policy/Terrorism/news_us/talibanization_nov_06_99.htm. Retrieved 2007-01-13.

44. Сун Цу, Вештина на војувањето, Штрк, Скопје,1996.
45. Thomas Johnson, "Afghanistan's Post-Taliban's Transition: The State of State Building after the War," Central Asian Survey, March–June 2006, 22.
46. United Nations (UN), "Agreement on Provisional Arrangements in Afghanistan Pending the Reestablishment of Permanent Government Institutions," December 5, 2001, достапно на: www.un.org/News/dh/latest/afghan/afghan-agree.htm;
47. United Nation Office on Drugs and Crime, Afghanistan Opium Survey 2012, Sumary Findings
48. UN, UN Security Council Resolution 1368, September 12, 2001, достапна на: www.un.org/News/Press/docs/2001/SC7143.doc.htm;
49. U.S. Congress, Joint Resolution 23 (Use of Force Resolution), September 14, 2001, достапна на: www.pbs.org/newshour/updates/terrorism/july-dec01/jr_09-14.html;
50. William S. Lind, COL Keith Nightengale, CPT John F. Shmitt, COL Joseph W Sutton and LTC Gary I. Wiolson: Marine Corps Gazette, The Changing Face of War: In to the Fourth Generation, октомври 1989